
БОРИС

Б о р и с   Ч и п а н

# Текстови за архитектурата

Универзитет „Св. Кирил и Методиј”
Архитектонски факултет
С к о п ј е   1 9 9 8

За издавачот:
Проф. Живко Поповски, декан на Архитектонскиот факултет - Скопје
Проф. д-р Влатко П. Коробар, одговорен уредник
рецензенти:
Проф. д-р Мартин Гулески д.и.а.
Проф. м-р Гоце Аџи-Митревски д.и.а.

уредник на изданието:
Проф. Димитрије Голубовски д.и.а.

обликување:
Асист. м-р Митко Хаџи-Пуља д.и.а. и Владимир Стефановски д.и.а.
компјутерска обработка:
Владимир Стефановски д.и.а. и Родна Христова

печати:
ДатаПонс - Скопје

**Copyright by**
**Архитектонски факултет**

# С О Д Р Ж И Н А


**Наместо вовед** *Д. Голубовски* **3**
**Разговори со Борис Чипан** **7**
Истражувачки поглед во историјата, *Г. Ристевска* 9
Град без ѕидини, *О. Божичковиќ* 13
Нема совршен град без органски живот, *Р. Марковски* 17
Разговор со Б.Чипан, *М. Јефтиќ* 23
Слики на општеството, *П. Колемишевски* 43
Тези за архитектурата, *Т. Ширилов* 51
Последен бранител како судбински предизвик, *Г. Ристевски* 55
**Статии** **59**
**Конзерваторски реализации** **61**
"Св.Софија", Охрид, конзерваторски работи на архитектурата 63
Конзерваторски работи на позначајни споменици на културата 71
Разурнувачка шалитра врз фреските 85
**Културна историја и современост** **89**
Современа изградба и старата градска архитектура во Македонија 91
Заштита на историските споменици и урбанизмот 99
Историските споменици и урбанизмот 103
Старо и ново 109
Споменик 113
Старата македонска куќа, вредности на културната историја 115
Охрид, прашање поставено на совеста на градителите 125
Модерни симболи 129
Вредни градители 133
Светол момент 139
Потрага по урбаната перспектива на месната заедница 143
Ненаситени проблеми на урбанизмот 149
Споменици и урбанизација 153
Монументалност и споменици 157
Се вчепчил автомобилот во тесните улички 161
Свежина на идеите 165
Иднината на архитектурата од минатото 169
Средби со историската архитектура 181
Сé поблиску до исчезнувањето 189
**Другите за Борис Чипан** **193**
Борис Чипан, портрет, *С. Пауновиќ* 195
Реставрација на охридската тврдина, *Ј. Поповски* 199
Збор - два за архитектот Борис Чипан, *З. Блажиќ* 203
Урбанистичкиот растеж на македонските градови, *Д.Т. Серафимова* 207
За монументалноста и околу неа, *В. Божиновски* 211
Чудесиото на светите места, *В. Георгиевски* 215

# БОРИС ЧИПАН

80 години живот; 60 години професионална дејност;
34 години настава на Архитектонскиот факултет

**Димитрије Голубовски**

**Борис Чипан**

(Наместо вовед)

**За манастирските старци:**

Старец не е титула (како игумен, на пример) ами чест. Старците се одликуваат со смерност, со дух, со големо животно искуство, со голема вера во Бога и во животот. Старецот Зосима ("Браќата Карамазови"), Отец Ферапонт ("Злите сеништа") на Достоевски, Старецот Павма ("Запечатениот Ангел") на Лесков и Отецот Пахомие од Зографскиот манастир на Света Гора Атонска.

Старците се мудри луѓе, удостоени со почит.

**За манастирските кипариси:**

Кипарисите, илјадагодишните старци со збрчкана кора на стеблото, се неми сведоци на животот што минува покрај нив. Кипарисите се белези на манастирите. Во Големата Лавра Светогорска влезот во Храмот на упокоението на Свети Атанасие, го сотворуваат два илјадагодишни кипариси. Свети Атанасие, основоположникот на монаштвото на Света Гора Атонска, ги засадил овие кипариси, вели преданието. Минав меѓу нив; илјада години зад мене; илјада години пред мене.

## За "муабетите" со Борис Чипан:

Старецот ни доаѓа секојдневно во приближно исто време околу пладне. Тивок, ненаметлив, спремен за "муабет" и пладневно кафе. Потоа "муабети" за разни нешта. За архитектурата, за историјата, за дневната политика, за убавата литература, за Света Софија Охридска, за Симаковиот "Град", за "Јосиф и неговите браќа" на Томас Ман, повторно за Света Софија Охридска, *аџис мунди* на неговото битисување. Градба ниту грда, ниту убава по својата телесност, величествена според нејзината внатрешна сила и убавина. Како Квазимодо што е Notre Dame и како Notre Dame што е Квазимодо. Волшебна симбиоза. Тој, Борис Чипан, кој "не стана дури ни академик", ја сочува Света Софија Охридска. Во мигот на неговото најголемо животно искушение, падот од височина од осум метри од затегите во наосот на црквата врз камениот под, падот од "XV-от до XI-от век" Света Софија Охридска го сочува Борис Чипан. Камениот под го преобрази во меко душеме.

Течат разговорите. Нема хронологија на кажувањата. Се́ е навидум испревртено; всушност поврзано е на особен начин.

Детството во Охрид во нивното девствено време. Школувањето и студиите на Архитектонскиот факултет во Белград. Сеќавањата за Никола Добровиќ и неговата генерација. Сеќавањата за извесниот професор Андоновиќ, оној што ги "гњавел" студентите. Кривиот ѕид на Света Софија Охридска и талкањата по беспаќата на Света Гора Атонска.



## За сенките на Архитектонскиот факултет во Скопје:

Првпат го запознав како професор на предметот проектирање на општествени згради на Архитектонскиот факултет во Скопје. Имаше пет години помалку од мојата сегашна во̀зраст. Во друштво на плејада намерници и ненамерници, архитекти, учители, основоположници на модерната архитектонска едукација во Македонија: почитуваните Сотир Томовски, Клиска, Милан Злоковиќ, Михо Чакеља, Ѓуро Анцел, Јован Ранковиќ, Антун Улрих, Владимир Балеј, Крум Хололчев, Тиберие Киријас, Бранко Максимовиќ, Драгољуб Јовановиќ, Петар Анагности, Винко Ѓуровиќ, Љубомир Белогаски, Крум Томовски... Нека ми е простено од оние што ненамерно не ги спомнав. Првата генерација околу големата маса на тогашниот Архитектонски оддел на Архитектонско-градежниот факултет. Ништо не е како тогаш. Не е, како и да не било. Дури и големата маса не е иста; сега е бојосана во црно. Нови лица и сенките на споменатите на портретите што висат на ѕидот, во отсјајот на прозорците и библиотечните витрини со прашни, пожолтени книги и во сеќавањата на стариот професор кој "не стана ниту академик", во стилот на неговиот омилен надгробен запис:

*"Ici repose Lucien*
*qui dans sa vie n'été rien*
*memme ni l'academicien"*

Прво како професор на *историја на архитектурата и уметноста*, заедно со Сотир Томовски, двајцата од тројцата единствени архитекти Македонци, меѓу двете светски војни.

Потоа на предметот *проектирање на општествени згради*.

**За боемите од кафеаната на тротоарот пред скопскиот хотел "Македонија":**

Потоа...за боемите во кафеаната на тротоарот пред хотелот "Македонија". Лудјек Кубеш, Ловро благородниот Матачиќ, Зоран Блажиќ,... Василие Поповиќ-Цицо, Тома Владимирски, Лав Лозински... Во меѓувреме, веќе исправениот ѕид на Света Софија Охридска, реконструкции, реставрации... Свети Пантелејмон Скопски во Горно Нерези. Потоа зградата на Македонската академија на науките и уметностите, па тогаш најпрестижната југословенска награда за годишно архитектонско остварување, "Борбината награда". Па осврти, есеи, критики, разговори за архитектурата, од Света Софија Охридска наваму и обратно...



**За книгите на Борис Чипан:**

Всушност, за старата градска архитектура, за старите градови, за архитектурата и општеството, за општеството и архитектурата, за големата архитектура и за големите диктатори, за транасформацијата на старото во ново, за традицијата како поука, носталгија и инспирација, за модерната архитектура;

*"новото вино во нови мешини".*

Книгите се пет:

"Старата градска архитектура во Охрид - охридската куќа" (1955)

"Современата изградба во градовите со архитектонско наследство" (1970)

"Македонските градови во XIX-от век" (1979)

"111 тези за архитектурата" (1983) и

"Света Софија, катедралниот храм на Охридската архиепископија" (1996),

назад низ времето, со цртежи, скици, забелешки, реконструкции, претпоставки...Охрид на неговата младост и чудотворното избавување после падот во Света Софија Охридска. Борис Чипан и Света Софија.

За оваа книга:

**Книгава има три заглавја:**

"Разговори со Борис Чипан", "Статии за архитектурата" и "Другите за Борис Чипан", за Неговите осумдесет години. За оние, спомнати или неспомнати што оставиле трага во меѓупросторот, за архитектурата и архитектите,...

Книгава е од Борис Чипан за Борис Чипан. Да е жив и здрав.

## *РАЗГОВОР ОВЕ НЕДЕЉЕ*

# БОРИС ЧИПАН: РЕСТАУРАЦИЈА 20 ВЕКОВА СТАРЕ ОХРИДСКЕ ТВРЂАВЕ АФИРМИСАЋЕ НАШУ ГЕНЕРАЦИЈУ



Још као студент архитектуре Борис Чипан, данас професор Техничког факултета у Скопљу, аутор многих радова о старој македонској архитектури и пројектант познатих објеката снимао је стару градску архитектуру Охрида, града у коме се 1918. године родио. То је радио из љубави према старинама древног Охрида, оног истог града у коме је историчар Кантакузен, у књизи „О ратовима Византије", забележио и охридску породицу Чипан, као — бољарску.

У послератним годинама Борис Чипан активно учествује и у конзервацији многих споменика старе архитектуре у Охриду, радећи тај посао са великим ентузијазмом и љубављу. Његова последња страст је стара Охридска тврђава. Управо смо га затекли на конзервацији њеног најлепшег дела, Горњег Сараја. Ту смо и водили овај разговор.

## ПРИЧА „ПОЛИТИКЕ"

Опружен, широм с
гледаше у прос
наједном згусн
сав наднет, иако још
светле и пријатне;
нине објављиваше нов
само протек времена,
њеним гибањем,
трену — могла задржа
или као да је имала
се опустила, размо
вукла, док се није
вито треперење,
у прах.

Али у самој жиж
се област прозрачне
сти слојеви калајн
су жмиркајући, бацај
ске по разголићено
вајући га — попут
минерала избилих
гасећи се у недохв
и стиснутој даљини ис
миран мехур који
ше; но упркос та
растезала, као да н
ност да прсне: из
видљивог, изница

# ИСТРАЖУВАЧКИ ПОГЛЕД ВО ИСТОРИЈАТА

**Разговор со инж. арх. Борис Чипан, добитник на годинашната награда на "Борба" за архитектура - кога се расправа за наградите треба да се апострофира и оваа која може да се афирмира само со поголема објективност во оценките**



Веќе традиционалната награда на весникот "Борба" за најдобро архитектонско остварување на годината, која се доделува дванаесетта година по ред, ја поделија инж. арх. Борис Чипан, за проектот на зградата на Македонската академија на науките и уметностите, инж. арх. Радивој Задриќ, Џемалудин Кариќ и Неџад Курт, за стоковната куќа во Јајце и инж. арх. Невен Шегвиќ, за објектот на Музејот на Револуцијата во Риека.

Инаку, како што е познато, инж. арх. Борис Чипан годинава за идејниот проект на Македонската академија на науките и уметностите се здоби со републичката награда "11 Октомври". Овие врвни признанија на Борис Чипан за последното архитектонско остварување беа повод за разговорот што го поведовме со него.

■ Дека "Борбината" награда сé повеќе добива значење на највисоко југословенско признание за остварувањата од областа на архитектурата говори и нетрпението со кое секоја година се очекуваат резултатите од конкурсот. Што претставува за Вас ова признание?

■ Уште на почетокот не можам, а да не го изразам жалењето што по дванаесет години очекување македонската архитектура мора да ја дели наградата со уште два други проекти. Денес кога во нашата земја толку многу дискусии се водат за начинот и околностите

што го проследуваат доделувањето на повеќе признанија во повеќе области на творештвото, ми се чини дека треба да се апострофира и прашањето за "Борбината" награда.

Сепак, сéедно, и ваква каква што е оваа награда најпосле е врвно признание за мојот долгогодишен труд, да не речам за крајот на мојата активност на полето на архитектурата. Воедно ова мое признание претставува и признание за македонската архитектура, за Македонија која на овој начин уште еднаш се афирмира како средина која одамна престанала да биде архитектонска провинција што, меѓу другото, повеќепати е потврдено со учеството на нашите архитекти на многу анонимни југословенски конкурси за идејни проекти.

Сметам дека оваа награда, и покрај тоа што како парична вредност е симболична, врвно признание што мора да се респектира заради тоа што претставува единствена можност за јавна оценка на достигањата на архитектите од Југославија и заради дванаесетгодишната традиција што ја има зад себе.

Дали и понатаму конкурсот на "Борба" ќе се афирмира во смисла на поголема објективност во оценките или ќе остане во некои сметкациски води зависи од НИП "Борба", бидејќи во рацете на нејзините луѓе е тоа дали ќе бараат нови начини да дојдат до најправедниот избор. Жирито составено до членови од сите републики, врз паритетен принцип, и порано беше предмет на самокритики од едноставна причина што мораше да решава и да зазема сопствени ставови само врз основа на неколку фотографии, без да има можност објектите што конкурирале да ги види, а уште помалку да ја доживее нивната комплетна функција.



Ќе кажам и тоа дека согледувањето на недостатоците во функционирањето на жирито не е нова работа, тоа го знаев, и не само јас, и не само од причина што македонските кандидати неколку години отпаѓаа од конкуренција уште при првите прегледувања. Но, во оваа прилика сметам дека со споменатиот критериум на жирито едноставно ни беше одземена можноста да ја добиеме наградата чисто, без да ја делиме со некого. Дека сум во право уште еднаш се уверив во Културниот центар во Белград каде се изврши доделувањето на наградите и каде што на изложбата имав прилика да ги видам останатите објекти конкуренти за "Борбината" награда.

▩ Рековте дека, сепак, наградата е признание за Вашите долгогодишни ангажирања на полето на архитектурата. Кажете ни нешто за витките водителки на неимарот инж. арх. Чипан.

▩ Целата моја стручна и научна кариера од триесетина години е свесна современост со истражувачки поглед во длабочината на нашата историја и непроѕирните превези на иднината. Во фокусот на таквите напори е архитектурата воопшто. Оние десетина години





поминати во директни откривачки судири со културно-историските споменици на Македонија ми ги објаснија творечките сили на нашиот човек во историски комплицуваните траења на византиските и исламските културни доминанти. Непрекинато политички и стопански потиснуван, Македонецот мораше по силата на своето непрекинато постоење да се докажува во револуционерните мигови, но и низ творечкиот акт.

Во слободен живот, без туѓа доминација, погледот е непрекинато свртен кон иднината. Се чекори со "седум милји" - треба да се стигнува светот што отишол напред. Притоа, мораме да се чуваме од заборавот. И во овие услови кога човек ќе се определи за истражувања и образование на младите, потешко добива прилика за практична реализација на идеите. Просторот за нив мора да си го избори самиот, а тоа не е лесно.

Во тој контекст, каде е местото на Вашиот последен труд Македонската академија на науките и уметностите?

Зградата на МАНУ беше мојата животна шанса. Веќе со зрели научни и животни сознанија, теоретски обработени во повеќе публикации и научни трудови, дојдов во реална ситуација и практично да се проверам, а евентуално и да се докажам.

Една програмска содржина од репрезентативен и работен карактер, наменета за

нашиот највисок научен и културен репрезентент, требаше да се реализира во простор со модерна функција и пластичен израз на ниво на монумент. Репрезентативниот дел со амфитеатарот за научни собири, салоните за седници на одделенијата и свечената сала функционално делуваат одвоено, но решението мораше да обезбеди и нивно единство со подвижни прегради.

Работниот дел, пак, го чинат архивот и библиотеката со читални за стотина посетители. Со изложбениот салон, кабинетите за академиците и административниот дел е заокружена комплетната функција на една ваква научна и културна установа.

Современоста и иднината наложија модерна конструкција и материјал. Со такви средства се моделирани во генералната концепција просториите и пластиката. Модерната експресивност извира од конструкцијата, инструментирана во композицијата во која се обидов да преплетам и звуци од нашата културна традиција. Стручно заинтересираните минувачи ми напомениле дека таквите звуци веќе ги доловиле. Тоа е голема сатисфакција и потврда дека откриените патишта биле и правилно насочени.

■ Се вели дека неимарското остварување живеејќи функционално мора и да дише, да говори. Дали зградата на МАНУ го чини тоа и на некој друг начин освен низ конструкцијата?



■ Да, во ентериерот морав, пред сé, да изнаоѓам атмосфера и доживување кои говорат и носат пораки. Карактеристики на старата македонска архитектура се денивелираните простори со надворешни и внатрешни чардаци во кои просторните односи богато се доживуваат од висински различни, дури и драматични визуелни стојалишта. Таквата порака на минатото ја применив и во репрезентативниот простор. Притоа, интимноста и топлината на тој простор материјално и колоритно ја носат дрвото и текстилот во модерни еквиваленти на традиционалната примена.

Сепак, немам илузии за натамошниот живот на овој објект. Вистинската архитектура, која го одразува животот, треба да се менува како и самиот тој.

НОВА МАКЕДОНИЈА, 27 февруари 1977
Додаток: Културен живот
Г. Ристевска: Средби

# ГРАД БЕЗ ЅИДИНИ

**Дали современата архитектура го одведе целиот човечки живот во беспатица - за тоа размислува проф. арх. Борис Чипан**



Ако доаѓате во Скопје за првпат или се враќате со далечни сеќавања на еден стар град од пред земјотресот 1963 година, тој фасцинира со својот изглед. Пред сé со урбанистичкото решение на сообраќајниците, затоа што тоа е град со широки булевари и тревници, а многу од нив и со дрвореди, така што помеѓу високите станбени зданија има воздух, сонце и светлост. Со својата положба во равницата, помеѓу планини и на река, тој се развивал повеќе во ширина отколку во висина. Природно е притоа што е невозможно да се избегне разговорот за неговата архитектура и урбанистичкото решение. Наш ссговорник на оваа тема е архитект Борис Чипан, професор на Архитектонскиот факултет, добитник на Наградата "Борба" за архитектура.

Во Скопје се направени големи работи - вели Борис Чипан. Регулирано е коритото на Вардар, изградени се нови кејови. Архитектурата е видлива, таа е над земја. Нејзините промени се мерат со децении. Кејовите траат во столетија. Инвестициите се огромни. Јас пресметав дека на двата брега на реката е вграден материјал колку за две пирамиди на Кеопс. Во Скопје е создадена добра сообраќајна мрежа, изземајќи го најтесниот центар, но наскоро ќе се реши, верувам, и тоа. Достигнат е најголем станбен стандард во однос на останатите југословенски градови. Не сум пресметал точно, но мислам дека околу 30% од скопјаните живеат во "куќички во цвеќе".

Не, немојте да се чудите. Мислев токму на онаа "ниска структура". Вие знаете дека непосредно после земјотресот се изградија цели нови населби од дрвени бараки. За среќа, со благословот на нашите самоуправни процедури тие се претворија во постојани населби. Луѓето сами ги зацврстија, а во поголем број и ги доградија тие провизориуми и погледајте сега каков е тој рај на земјата. Тие среќници не живеат во дваесет или триесеткатници, како во Белград, на пример, туку од прозорците на својата куќа можат со раката да допрат цвеќе и да го стават во реверот од своето палто.

Понатамошен голем успех би можела да биде и градбата на голем број општествени објекти. Вие сами вчера ја видовте зградата на новиот театар. Еве, и јас ја добив наградата на "Борба" за зградата на МАНУ. Користејќи ја среќата во несреќа, Скопје го модернизира големиот дел од својата индустрија. Но, по се она што го набројав, нешто сакам да Ви кажам - сметам дека Скопје, односно цела Македонија, не ја искористија својата шанса докрај и онака, како што јас за тоа размислувам. Се одеше по утабани патишта во голема градска концентрација и не е направен револуционерен зафат во духот на општата политика за децентрализација.

Еве што подразбирам под тоа. Скопје не ја искористи својата шанса после земјотресот, не затоа што неговите луѓе не можеа да бидат попаметни од другите, туку затоа што општествените прилики не беа такви за да се избори вистинската шанса, зар денес не се зборува во цел свет за тоа дека современата архитектура го одведе човечкиот живот на беспаќе кое го загроозува и самиот човек. Притоа, морам веднаш да напоменам дека извесни професии во различни области на општествениот живот направија негативни услови на човештвото. Една од тие професии се т.н. "кунстисторичари". Да, тоа се оние историчари на уметноста кои архитектурата ја прогласија за монумент. Се одушевуваа од делата на барокната и ренесансната архитектура и нé научија и денес да се воодушевуваме од монументите кои немаат никаква врска со вистинската архитектура која треба да му служи на човекот.



Денес секому му е јасно дека градовите се пресоздадоа во негативна појава во животот на човекот. Политичарите и социолозите велат дека големите градови се израз на концентрација од секакви сили, политички, стопански, дури и културни и дека ја осиромашија провинцијата и сето останато. Според тоа ние денес секаде во светот славиме како успех нешто од што наскоро сите ќе се срамиме. И ден денес се плашиме естетичарите, тие апологети на капиталистичкото општество, да не нé обвинат дека сме некултурни, па во културата и во архитектурата копираме примери од капиталистичкиот урбанизам. Не сме се ни запрашале како би изгледал социјалистичкиот урбанизам.

Да, читаме како во Америка младите луѓе ги напуштаат градовите и бараат "враќање во природата". Тоа е романтичарско донкихотско движење, зашто тоа не може да ги урне

постојните институции. Јас сум за програмско расформирање на големите градови. Би требало во нашето самоуправување да се откријат сите компоненти на тој збор и тоа да се воведе секаде, нé само во политиката, туку и во урбанизмот. Урбанологијата треба да влезе во програмата на сите напредни партии. Многу големи умови од денешниот свет кои сум ги сретнал во литературата, веќе дојдоа до заклучоци дека единствениот излез од ќорсокакот е самоуправувањето и децентрализацијата. На пример, Луис Мамфорд, кој живее во САД, дојде до заклучок дека единствен излез од мегалополисите е децентрализацијата. И затоа би рекол дека и покрај сите видливи успеси, Скопје од сите можни шанси, кои, веројатно, ја чинат мојата воопштена визија применлива на целиот свет, ја испушти онаа најголемата. Од град со 200.000 жители пред земјотресот, Скопје стана денес полумилионска населба со тенденција за сé поголема концентрација. Јас лично повеќе би сакал цела Македонија да стане единствен град. Некои умни урбанисти од почетокот така размислуваа, но никој не ги слушаше. Тоа беше можност да се дислоцира и големата индустрија. Но, како што никој и никаде во Југославија сé уште не помислува на такви зафати, и овде од областа на петрохемијата се изгради нова рафинерија, иако нејзиниот најголем потрошувач ќе биде Неготино на Вардар со термоелектрана на нафтени деривати. Не го дислоциравме ни Универзитетот по природен пат, што беше лесно да се направи по земјотресот. Денес е тешко во Скопје да се згрижат 35.000 студенти, изникнаа поединечни факултети во Штип и Битола, но силите кои го носат универзитетскиот живот останаа во Скопје. Јас сум ожалостен затоа што знам дека многу луѓе ги продадоа своите куќи во помалите градови за да купат станови на дванаесеттите спратови каде ги заробија и своите судбини. Го видовте и тој голем успех на скопскиот урбанизам наречен "Градски ѕид", тој низ од високи бетонски блокови и тули кој го зафаќа потесниот градски центар. Тоа е дело на Јапонецот Кензо Танге, кој според старите традиции на градските ѕидини "ги заѕида" и сите оние кои дотрчаа намамени од волшепствата на т.н. живот во големиот град. Затруени сме од "слатките отрови" на современата цивилизација и не сме во состојба ништо да процениме од некој друг агол. Притоа сме оптоварени и со наследени критериуми. Ете, тоа би бил мојот личен поглед на Скопје и неговите искористени и неискористени шанси по земјотресот.

ПОЛИТИКА, 6 мај 1978
Додаток за култура и уметност
Олга Божичковиќ: Писмо од Скопје



# НЕМА СОВРЕМЕН ГРАД БЕЗ ОРГАНСКИ ЖИВОТ



Современиот град е нешто различно од оној во минатиот век. Функциите на градовите во нашето време се раширија и збогатија. Без средствата на современата цивилизација модерниот градски живот е веќе незамислив. Но, зошто модерната технологија ја потисна вечната потреба на човекот за сојузништво со природата? И наместо вистински и здрав органски живот му го понуди неговиот сурогат - во вид на викенд - куќичките... И сега е актуелно прашањето за односот кон традицијата. Една од основните пораки на стариот македонски град е неговата непрекината врска со традицијата. Таа е секогаш инспирација за ново, корен низ кој зрее градот низ времето...

Секако, автор на овие пораки може да биде човек кој им се посветил на животните простори - архитектурата. Тоа е проф. Борис Чипан, од Архитектонскиот факултет во Скопје. Разговорот со архитектот го водеше во кабинет од каде што погледот се шири на веќе познатиот "Градски ѕид" на Скопје. Пред панорамата што асоцира. На проф. Чипан му поставивме прашање за перспективите на градовите. Гледајќи ги контурите на градот на Вардар архитектот ни рече: Мислам дека во целата земја, како и во нашата Република, постои една општа тенденција за преголема урбанистичка концентрација на градовите...

## Опачини на урбанистичката концентрација

Како ја проценувате тенденцијата кон преголема урбанистичка концентрација?

Мислам дека таа не е во интерес на натамошниот стопански и општествен развој. Таа не може да придонесе за подобрување на квалитетот на живеењето во еден град.

Во нашата Република, продолжи проф. Чипан, дојдовме во фаза кога од повеќе аспекти треба критички да ја проценуваме тенденцијата кон преголема урбанистичка концентрација. Меѓу другото, мислам дека таа може негативно да се одрази и на културен план.

Замолен да појасни што подразбира под преголема урбанистичка концентрација, проф. Чипан ни рече:

- Да го земам случајот со Скопје. Впечатливо е дека градот е изложен на преголема концентрација на функции во неговиот центар. А што се случува со неговата периферија? Мислам дека таа веќе станува премногу осиромашена во некои функции. Во нашата земја, кога се говори за периферииите, веќе се употребуваат и термините "зони за спиење"... Токму тоа се случува и со животот во Скопје, рече проф. Чипан, па продолжи:

Во премногу концентрираните градови луѓето одат во местото за живеење во часовите за одмор и спиење. Меѓутоа, еден современ град денес треба да ги развива рамномерно своите функции. Градските функции треба да се остваруваат пред сѐ во најнепосредната животна околина - во месната заедница. Во нејзините рамки треба да се одвиваат многу повеќе функции, а не само снабдувањето и комуналиите...



## Човекот и неговите работни функции

Урбанистичките прашања денес се многу проширени. Архитектурата е само еден од факторите на урбанистичката композиција. Во оформувањето на градот мошне широко влијание имаат факторите, како што се општествени односи, климата... Врз ликот на еден град се одразуваат и карактеристиките на природната средина.

По овие акценти архитектот Чипан го прашавме што е битно за функциите на еден современ град?

- Битно е на пешачка дистанца човекот да ги има повеќето функции на градот. Потоа, многу е значаен односот човек - производни работни функции. Мислам дека човекот, не треба да шета од едниот до другиот дел на градот за да се најде на своето работно место. Значи, работните функции на еден град треба да се дислоцирани. Ова уште повеќе се однесува на културните потреби на граѓаните.

■ Дали сметате дека овие аспекти од сферата на урбанизмот се актуелни и за нашите животни средини?

■ Мислам дека е актуелно. Скопје, на пример, како центар на Републиката, стана и место на концентрирање на институции од областа на културата. Другите градови се со недоволен број институции за задоволување на културните потреби на луѓето.

- Она што се случува во Скопје на релацијата центар на градот - периферија, тоа го имаме и во релациите Скопје - други градови во Републиката. Мислам дека овие факти треба да се земат предвид сега кога се прави просторен план на Републиката. Со овој план проблемите треба да се согледаат и да се насочи нивното решавање. Инаку битно е што денес се проширија средствата за превоз. Дистанците се намалија. Тоа значи дека со подобро распоредување на институциите од областа на културата и другите потреби, ќе се придонесе тие да бидат користени од сите луѓе, без оглед на местото на нивното живеење.

## Пораки за иднината од традицијата

Разговорот со проф. Чипан го водеме во годината кога се одбележува еден значаен настан: 30 години од формирањето на првиот технички факултет во Републиката. Тоа беа градежниот и архитектонскиот факултет. Архитектот Борис Чипан беше меѓу првите наставни кадри на Факултетот.

- Со проф. Сотир Томовски пред 30 години ја почнавме работата на создавање на првите генерации архитекти во нашата Република. Бројот на градежните инженери што се зафатија со наставна работа беше поголем. Во областа на архтиектурата ја почнавме наставата со ангажирање на професори од Загребскиот факултет.

Првите предавања на Борис Чипан на тогашниот Технички факултет во Скопје беа од областа на историјата на архитектурата. Од 1959 година негова тема стана проектирањето на општествените згради. Низ целиот опус на неговата наставна, проектантска и истражувачка работа мошне е карактеристичен односот кон традицијата. Традиција и нови мерила - тоа е девиза на професорот.

- Стариот македонски град е карактеристичен со неговата непрекината врска со традицијата. Таа е секогаш инспирација за ново. Секоја нова појава, а особено онаа што е импортирана од друга историска средина, му ја одзема вечноста на градот. Втората порака е органската сврзаност со природата. Надримодерната опсесија, секој новоизграден објект да биде по секоја цена различен од друг, е обично помодарство. Персонификација и душа на градот не се добива со изнасилени варијации во архитектурата..

■ Како би ги дефинирале пораките за иднина од традицијата?

■ Осветлувањето на примерите од македонските градови е мошне значајно. Во нив се забележуваат низа пораки за иднината. Но, не треба да правиме помодни варијации во архитектурата, не површен традиционализам во формите, туку здраво надоврзување врз соковите на сопствената почва. Не изолирање во мртви експонати, или негација и уништување на високовредното архитектонско и урбанистичко наследство, туку неговото живо вклучување во современите текови. Минатото е здрава компонента за нашето постоење во иднината.

■ Освен традицијата кој друг факт е значаен за современото творештво?

■ Значајни се сите фактори. Но, би го одделил органското спојување со факторите на природата. Од почетоците на своето постоење човекот имал вроден и истанчен усет за избирање на место за свое пребивалиште - човекот ја барал и природата за сојузник. Низ историјата неговото дружење со природата станало далеку порафинирано. Односот град - природа е многу значаен денес кога се раширија и зботатија функциите на градовите. Без средства на современата цивилизација модерниот градски живот е незамислив. Но, не смее да се дозволи модерната технологија да ја потисне вечната потреба на човекот за сојузништво со природата.



**Традиции и мерила**

Проф.Борис Чипан, кој е автор на познатото дело "Македонските градови во XIX век и нивната урбана перспектива", го замоливме да ни каже каков треба да биде соодносот меѓу традицијата и нивните мерила.

- Тоа е значајна потреба. Ако сакаме да побараме инспирација за некои решенија, обемно ќе ги најдеме во македонските градови од XIX век, без оглед на нивната примитивност во однос на денешните технички и други можности. Нашиот современ урбанизам не треба премногу да се потпира на странски искуства.

■ Како треба да постапиме со вредностите на старите градови?

■ Очигледно, истакна проф. Чипан, животот во нашите градови содржел одредени градски квалитети. Обидите за нивна комплетна негација и земена со ново се на наша штета. Друга крајност би била наивните, идеалистички, нерационални препораки за музејска реставрација на материјалните облици на животот. Вистински континуитет се остварува според органски закони. Стариот амбиент или архитектура ќе преживее и ќе се вклопи во новото само ако ја поседува силата да функционира и преживее понатаму. Останатото се заменува со ново. Но, ако архитектурата се менува, пораките би требало да останат. Тие се незаменлив фактор на континуитетот. Така го сфаќам односот на традицијата и новите мерила.

Познато е дека проф. Борис Чипан е креатор на објектот на Македонската академија на науките и уметностите во Скопје, кој му дава своевиден архитектонски белег на градот. Се истакнува дека овој објект претставува современ третман на традицијата. Што за тоа ни рече авторот:

- Ако сега го проектирам објеткот на МАНУ веројатно би внесол измени. Таква е архитектурата. Сознанијата брзо се менуваат. За современата архитектура не е најбитен елемент врзувањето со традиционализмот. Битна е инспирацијата од него. Во архитектонското творештво е најлесно да се направи копија на минатото. Сериозната архитектура не може со имитации да се потпира врз традицијата.

Тргнувајќи од тоа, продолжи проф.Чипан, на објектот на МАНУ си поставив во задача да остварам еден современ концепт, современа функционалност. Реализацијата на просторите внатре во објектот е таква што има карактеристики на простори од традицијата. Можат да се прават некои "споредби" со конаците на Манастирот Св. Јован Бигорски. И во надворешниот израз има асоцијации со традицијата. Но, истакнувам, традицијата е користена само како инспирација. Инаку, објектот е на современ начин и технички изведен, со примена на нови материјали и можности.

### Архитектонското дело - дел на урбанистичката целина



Во последно време сé повеќе се говори за правците на пост - модерната архитектура. Се тргнува од архитектонската и урбанистичка практика, но и од научните сознанија. Еве што ни рече проф. Чипан за современиот миг на архитектурата:

- Архитектурата не е изолиран фактор. Архитектонското дело е дел на урбанистичката целина, составен дел на градскиот простор. Тоа не треба да се оценува како монумент.

За архитектурата, продолжи проф. Чипан, можеме да кажеме дека е многу комплексна појава. Историчарите на архитектурата и уметноста од минатиот век наваму внесоа една забуна, бидејќи архитектурата ја гледаа само естетичарски. По некакви неверифицирани критериуми таа се ценеше само како облик, надворешен израз, декорација, импресија...

Говорејќи за третманот на архитектурата од сегашни релации проф.Чипан истакна:

- Сега без двоумење се истакнува дека архитектурата пред сé е простор во кој живее човекот, работи, го минува својот животен век. Очигледно, критериумите за вредностите на архитектурата треба да се прошират.

▒ Кои критериуми би истакнале за вреднување на архитектурата?

▣ Меѓу другото, за ставовите кон архитектурата треба да ги применуваме

економските, социолошките, идејно-филозофските, техничко-технолошките и други критериуми.

- Низ сите историски епохи, продолжи проф. Чипан, архитектурата била мошне комплексен израз на општествените процеси. Поради тоа за нашето сопствено архитектонско творештво е многу актуелно прашањето каква треба да биде архитектурата што ќе ја одрази нашата епоха карактеристична со огромен напредок силен растеж на општествените односи, на самоуправна основа.

Во архитектурата, рече на крајот професорот, не е потребно да се формулираат рецепти. Потребни се согледувања. Нужно е да се приближиме кон вистинските критериуми за проценување на архитектонските вредности што ќе ја изразат нашата епоха. Кон таа епоха треба да се ангажира нашата наука, научните и стручни кадри но и општеството во целост. Зошто, архитектурата била и е одраз на општествените текови.



НОВА МАКЕДОНИЈА
10 март 1979
Новинар, Ристо Марковски

# РАЗГОВОР СО ПРОФ. БОРИС ЧИПАН



Родени сте во древниот Охрид и во семејство кое традиционално се споменува во книгата на Кантакузен "За војните на Византија"... Затоа, првото прашање го посветуваме на влијанијата од родниот крај, семејството и детството. Во колкава мера, поединечно или заедно, извршиле влијание врз Вашиот живот: разбирањето на животот и убавината? Исто така, во времето на учење, какви разбирања сте прифатиле и на кои професори со благодарност и денес можете да се присетите?

■ На крајната периферија на една нова држава, каква што беше Кралството на Србите, Хрватите и Словенците во годините по Првата светска војна, очигледно, се живеело многу тешко. Ја разбирам таа економска беда, бидејќи сé уште ја паметам ноќната работа на целото семејство. Во политичка и јазична смисла, дури сега откривам смешни бркотии поради очигледно нерасчистените сметки помеѓу Србите, Бугарите и Грците околу поделбата на Македонија. Што се однесува до мене, можам да опишам некои смешни ситуации во српското основно училиште: Кога учителот со влегувањето во училницата ќе речеше "Скините капе" ние бевме во дилема; на македонски, "скините" означува да се искине.

Во најкритичната, петнаесетта година, мојот живот се раздели. Поради чудниот склоп на околностите и поради една стипендија, натамошното школување го продолжив во Белград. Иако стипендијата немаше никаква врска со војната, јас бев сместен во Домот

за воени сирачиња, на улицата "Крал Милутин", а учев во IV-та машка гимназија. Дури по ослободувањето сознав што навистина се случувало околу Домот и гимназијата, каде поминав дел од мојата младост. Кога јас бев таму, од 1932 до 1936 година, во таа гимназија остана само М. Настасијевиќ како професор по литература.

Преку него во атмосферата на гимназијата се пренесе нешто од Матиќ и Црњански, кои пред тоа отишле од гимназијата. Настасијевиќ ни го цитираше Матиќ како претставник на надреализмот, а мислам дека токму тој остави во мене најдлабоки траги за моето покасно разбирање на културата како спрега помеѓу модерната иднина и исконската традиција која произлегува од родното тло.

Денес, сé уште откривам чуда околу оваа гимназија. Пред мене во таа гимназија се школувал Вељко Влаховиќ, а во соседството, на таванот на Домот за оставени бебиња живеел Владимир Дедиер.

Се разбира, никогаш не се прекина врската со Охрид. Секој распуст бев дете на моето семејство и дете на мојот град. Во лето, Охрид беше волшебен. Езеро, сонце, младост, љубов и мистиката на старите векови беа сцена за најбогати доживувања.

■ Ќе биде интересно да ни раскажете за Вашите спомени на Охрид од Вашата младост, на Охрид помеѓу двете светски војни... и воопшто на времето кога, и покрај стегите на режимот, се разгрануваше македонската национална свест. Каков беше тогашниот Охрид? Што беше она што ги ангажираше младите генерации? Дали и во кој вид стасуваа уметничките огнови кои во тоа време беа разгорени благодарејќи најмногу на Крлежа

■ Колку повеќе остарува, секој човек сé повеќе се стреми кон својот роден крај. Тоа е како некој космички закон - наближувајќи кон својот крај, секое нешто се навраќа кон својот почеток. Но, не сум сигурен дека е можно со зборови да се изрази што може Охрид да значи како роден крај.

Пред малку реков дека Охрид е маѓепсана земја од сказните. Доколку го отфрлам сé она што покасно сум проучувал и истражувал, останува онаа магепсана атмосфера која се доживува со сетилата, а не со разумот. Природните убавини на езерото и неговото крајбрежје ги чувствуваме преку талкање во драматичниот пејзаж. Тогашниот туризам беше ограничен само на просторите во градот. Денешните простори на Горица, Св. Стефан, да не ги споменувам Пештани и Св. Наум, беа во состојба на целосна негибнатост. Немаше автомобили ниту моторни кајчиња. Растојанието до Св. Стефан беше цел час и половина со кајче на весла, а до Св. Наум цели пет часа. Рибарите се служеа со чунови во форма која беше неизменета уште од предисторијата.

Откривањето на тие далечни места од една негибната природа и визитата на некое од крајезерските села беше ретко доживување преполно со убавина и таинственост.






Далдисувањето до премаленост во кристалната бистрина на езерските води беше премин во убавината на непоимливи светови од невидливата природа.

Тој Охрид од 30-тите години се́ уште живееше на периферијата од новиот век, што ќе рече со темпото и навиките од средниот век. Религиозната мистика беше длабоко вкоренета, а таа, природно, подлабоко се чувствуваше во црквите од XI и XIII век. Но, она што се́ уште тлееше во свеста на граѓаните, а малку нејасно беше пренесувано и на младината, беше атмосферата на една автентична култура. Тоа беа живите спомени на Охридската архиепископија, чија величественост се́ уште се отсликуваше на ѕидовите на црквата. Во XIX век тие спомени се пресоздадоа во движење за верска и национална слобода. Ви велам, триесеттите години јас ги поминував со гордото чувство на силна иако нејасна културна автентичност, која мирисаше околу Св. Софија и Св. Климент. Оние летни церемонии околу празникот на Свети Климент не беа само празнување на неговиот култ.

Оној фантастичен состав од ретки природни убавини и се́ уште неизгаснати жарчиња од некогашната култура, оставија во мене длабоки траги и, многу веројатно, ја предодредија мојата натамошна ориентација. Кога стасав оваа култура и нејзините материјални остатоци да ги истражувам и обработувам со научната методологија - тоа не беше само рутинска

работа, туку длабоко и трескаво возбудување. Тоа не беше откривање на индиферентни научни чинители, туку нуркање во нешто кое околу мене беше сé уште живо. Имињата на охриѓани од XVI век, беа имиња на семејства чии куќи, цели или во рушевини, траеја во моето соседство.

Ете, ме разбирате, што се расприкажав на оваа тема, а сосема сум сигурен дека го раскажав само малиот дел од таа атмосфера на "Охрид на мојата младост" како што рековте Вие. Сепак, ќе морам да додадам нешто во врска со вториот дел на Вашето прашање.

По сето мое нуркање во историјата на Македонија, и посебно на Охрид, имам чувство дека мојата младост не е ограничена само на триесеттите години. Денес, мојата младост ја мерам со столетија наназад низ времето и просторот на самиот Охрид.

Еве и одговор на политичкиот дел на Вашето прашање. Во тоа време Охрид беше Јужна Србија и Вардарска бановина. Во училиштето се зборуваше на српскиот јазик. Учевме за Првото српско востание 1804, но беше забрането да се зборува за Илинден 1903. А луѓето кои ја преживеале 1903 година беа сé уште во најубавите години. Немаше тајни организации, но и младите знаеја дека илинденскиот војвода Христо Узунов, учител од Охрид, извршил колективно самоубиство со дваесетина свои соборци. Во училиштето ни се кажуваше дека таков херојски подвиг направил античкиот Леонида во Териопилскиот теснец.



Таа, македонската национална свест тлееше, а новите перспективи ги развиваа младите студенти кои тогаш се учеа во Белград и Загреб. До Револуцијата - кога таа иста младина тргна во последен бој - националната свест се изразуваше преку македонските песни и ора, манифестации кои беа толерирани од режимот како изрази на јужносрбијанскиот фолклор.

■ Како се определивте за архитектурата? Дали беше пресуден амбиентот на родниот крај или постоеја други причини? Како тогаш се учеше архитектурата? Какво влијание извршија професорите? Воопшто, како ја замислувавте својата иднина по времето на студирањето?

■ Определбата за архитектурата за мене претставува возбудлива историја. Споменатата стипендија - од оставнинскиот фонд на еден српски генерал, роден во Охрид - ја добив со услов, по завршувањето на гимназијата, да се пријавам во Воената академија. Замислете: за време на гимназијата за тоа многу не размислував, а кога матурирав, дојде последниот час. За среќа, бев кусоглед со очила, а на приемниот испит за Академијата се направив уште поќор. Комисијата едноставно ме прогласи неспособен за офицер. Кога ова им го соопштив на старателите на фондот, тие се налутија, но грешката беше нивна што благовремено не обезбедија протекција.

Потоа, со нивна препорака, добив друга стипенција за студирање. За какви студии да се определам? Верувале или не, детето од длабоката провинција не знаеше за професијата архитект! Во тогашна Македонија постоеше само еден архитект со диплома од 1923 година, а јас за него немав ни чуено! Немав поим за неколку српски архитекти кои работеле во Скопје. Јас знаев дека постојат само инженери. Така се запишав на Градежниот оддел на Техничкиот факултет во Белград и таму го минав целиот прв семестар. За тоа време, читајќи ги наставните планови на другите оддели, проговори во мене Охрид на мојата младост и родниот крај. Прочитав дека на Архитектонскиот оддел се изучува акварел, историја на архитектурата, проектирање на згради и таквите чуда одеднаш ја разбудија во мене вистинската перспектива за уметноста која извира од традицијата. Без размислување вториот семестар го запишав на Архитектонскиот отсек. Во таа 1936/37 година бев единствениот Македонец кој студира архитектура.

Бидејќи деветте предвоени години ги минав во него, морам неколку збора да посветам и на Белград на мојата младост. Пак живеев во студентскиот дом кај Техничкиот факултет, но Белград со 200.000 жители беше дволичен. Едниот официјален режимски и полициски, а вториот српски - народен со раширени крила да го прифати секој новодојден. Тој вториот ме засака на патот од споменикот на Вук Караџиќ до Калемегдан. Истиот беше претставен и со богатите куќи на белградските трговци. На нивните синови им давав часови по математика и така заработував, богата ужина и по некоја пара. Во тој Белград имаше млади луѓе кои ме поздравуваа на улица само затоа што, повеќе пати, сме се сретнале.

Во студентскиот дом имавме македонска група на студенти која работеше под дискретното раководство на тогаш илегалната КПЈ. Игравме фудбал како репрезентација на Македонија, а одевме и на демонстрации како младина која знае што е слободата. Овде нема потреба да ја повторувам веќе доста познатата историја на Белградскиот универзитет, но ете - сепак ќе споменам дека и јас сум "окркал" по некој џандарски пендрек иако не бев член на СКОЈ.

Но, да се вратиме на факултетот. Од гледна точка на сегашниве состојби, имам впечаток дека тогашната настава по архитектура беше прилично рудиментарна. Со 50-60 студенти, колку што бевме во тоа време, можеше да се работи без напор. Сите професори беа добри луѓе, но ретки беа оние кои предизвикуваа одушевеност. Ако, сепак, морам да издвојам некој од нив, тогаш прв ќе биде А. Дероко, кој предаваше нешто како народна архитектура, но импонираше - мислам и денес импонира - со високата култура. Овде би го вброил и Г. Маринковиќ - Гиле, статичар и извонреден педагог, кој знаеше да ги заинтересира студентите за армираниот бетон, што и денес е тешко за студентите по архитектура. Неодминливо е да се спомене и М. Злоковиќ кој не инсистираше многу тешко да работиме

проектирање. Би рекол, на бизарен начин нé учеше да мислиме и да ја сакаме архитектурата. Оние кои го познаваа ќе се сетат што означува зборот - бизарен. Понекогаш тоа беше настава со пијалак - во кафеаната спроти факултетот. Конечно, ќе го споменам и Б. Којиќ, тогаш дојден како млад доцент од пракса. Држеше предавања по предметот проектирање на индустриски згради, но модерната архитектура беше вистинската тема на неговите предавања. Замислете си го предавањето на еден педагог, без читање на омилените напишани скрипти. Претставете си со каков интерес младите студенти ги слушаа раскажувањата за првите навестувања на модерната архитектура, во времето кога официјалните проектанти на тогашното општество ги градеа Собранието, Главната пошта и министерствата на улицата "Кнез Милош"!

Сé на сé, тоа беше школа во која не се инсистираше на преголемо учење и цртање, но, денес можам да кажам, тоа беше добро за една школа за архитектура. Студентите повеќе размислуваа, а помалку беа бомбардирани со информации и оптоварувања со практична работа. Мислам дека повеќето архитекти, од генерациите околу мојата, дури со натамошното усовршување во праксата, станаа вистински творци.

Што се однесува до иднината, во тоа време, барем јас, за неа не размислував. Сé околу мене беше неодредено. Војната беше на прагот, а со тоа и јасната перспектива на општествените и политичките промени. Со сите завршени испити и со задачата за дипломски испит во џеб, на 1 април 1941 година буквално побегнав во родниот Охрид. А потоа, кога Бугарите веќе ја окупираа Македонија, по чудните патишта на тоа драматично време, во месец јуни се најдов во окупираниот Белград со намера да дипломирам. Не бев ниту Бугарин, ниту Србин. Бев само студент на еден окупиран Технички факултет. И повторно, ова го нагласувам, и така окупираниот Белград ме прими, дури, сентиментално, топло. Само младоста можеше во така грозни услови на германска окупација да тргне во таква авантура со никакви средства за живот. Едноставно одев во градот на мојата младост. Без било каква ориентација каде ќе спијам и што ќе јадам, стоев на Калемегданската тераса, а само среќата беше со мене. Дали таа среќа го испрати Микица Миљковиќ, еден помлад колега од факултетот кога му ја објаснив мојата ситуација, тој едноставно рече: "Мојата мајка и јас сме сами, дојди кај нас". Само оние кои го преживеале тоа време кога едно парче пченкарница беше реткост, можат да разберат каков беше тој гест. Мислам дека Белград од тоа време беше преполн со такви М. Миљковиќи.

Два месеци работевме кај Германците како прости работници за парче леб и слободно движење по градот, а тогаш тој добриот професор Б. Којиќ едвам собра една комисија за дипломски испит. Го паметам добро тој трети јули. По чудна збрка, дипломата со печат на Кралството Југославија ја добив дури по месец и пол. А тогаш, со дипломата во

џебот, тргнав назад за Охрид без било какво размислување за некаква иднина. Единствено со чувство дека една етапа од мојот живот заврши.

■ Од 1949 година, тоа беше речено на почетокот на нашиот разговор, се посветивте на пионерската работа за развиток на архитектурата, заштитата на културното наследство, школувањето на младите за архитектура... всушност, на развитокот на националната култура во Македонија. Кои собития од Вашата дејност и од Вашиот живот ќе можете да ги обележите како поттикнувачки или пресвртнички?

■ Иднината, сепак, започна, но дури кон крајот на војната, а не во 1949, како што рековте. Во септември 1944 година преминав на ослободената територија во Источна Македонија, каде борбите за конечно ослободување се разгоруваа. Од повеќето борци имаше малку стручни лица, а јас како инженер добив задача да обновувам срушени мостови по кои преминуваше македонската војска за да ги ослободува градовите. Потоа во 1945 година бев повикан во веќе формираното Министерство за градежништво во Скопје и цела таа година со вонредни овластувања работев на обнова на разрушените и изгорените села. Природно, во тие години човек не можеше да одбира работно место, ниту да мисли на некаква лична ориентација. Јас сакав да работам проектирање, но бев префрлен во Градскиот одбор на Скопје, а потоа и во градежната оператива, каде сé до 1949 година раководев со изградбата на колективните станбени згради.

Како и сите во она време, работев со воодушевеност, но знаев дека тоа не е моето вистинско место. Сакав проектирање, а можам да кажам дека повторно случајот ме намести на функцијата директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата. Во Скопје престојуваше една комисија од Белград со професорот Дероко. Кога во Министерството за култура се поставило прашањето за раководство на новата установа, Дереко, кој ме познаваше како студент од Охрид, рекол: "Го имате во Скопје најдобриот човек - архитектот Чипан".

Со малку луѓе и со многу ентузијазам пристапивме кон организацијата на заштитата. За среќа, покрај "најдобриот човек - Чипан",тука беше и конзерваторот сликар - Здравко Блажиќ кој токму тогаш се врати од Прага каде специјализираше конзервација на уметнички предмети. Така, 1949 година беше вистинскиот почеток на мојата професионална биографија. Искуството од тригодишната пракса во градежната оператива ми беше добредојдено. И несвесните импулси од младоста во родниот крај добија можност да се разгорат. во недостаток на кадри во она време, беше потребно човек да се ангажира на повеќе сектори. Започнав и со педагошка работа: бев наставник во Средната техничка школа, а кога беше формиран Техничкиот факултет бев избран за хонорарен доцент на Архитектонскиот отсек за предметот историја на уметноста.

■ Особено е ценета Вашата работа за зачувување на културното наследство. Како втемелувач на службата за заштита работевте не само на планирање и организација на оваа значајна општествена обврска, туку директно учествувавте и во конзервацијата на многу споменици на културата пред сé во Охрид. Со какви задолженија беше тоа одредено? Дали, барем во почетокот, имаше и неразбирање за таа работа во одделни делови од општеството? Како е афирмирана општествената свест за зачувување на националните корени? Кој потфат од оваа работа го сметате како најзначаен? Дали е тоа, гледано во целина, Вашиот Охрид?

■ Не беше лесно, во тие години, да се работи во службата за заштита на историските споменици. Револуционерната свест на мнозинството од политичкото и општественото раководство, како што е историски предодредено, беше свртено кон иднината. Изградбата на индустријата и новите градови беше парола на Револуцијата. Ретки беа политичките работници кои преку културната традиција гледаа во иднината. Немаше директно противење затоа што настапувавме како претставници на една официјална републичка институција, но имаше саркастични и благонаклони препораки да се откачиме од тоа меткање и од старините. И навистина, нашата работа во почетокот, освен евиденцијата, беше нешто како меткање. По онаа голема изложба на средновековната уметност во 1949, која како дел од југословенската средновековна уметност беше претставена во Париз на еден репрезентативен, а, ќе речам, шокантен начин за европскиот уметнички свет, задача на денот во Македонија беше заштитата на средновековните цркви и манастири со фрескоживопис. На таквите споменици ние вршевме препокривање, а со тоа ги заштитувавме фреските од влага.

Но, одненадеш се најдовме во предизвикувачка ситуација да се соочиме со конзерваторски проблеми од категоријата на европски и светски знаења. Охридската "Св. Софија", споменик од XI век, а можеби и постара задужбина на македонскиот цар Самоил, беше тежок предизвик. Некогаш катедрален храм на Охридската архиепископија, претворена во џамија и запустена низ целиот турски период со едвај видливи фрески под дебелите премази од вар, стоеше во состојба пред рушење и сé уште запоставена. Свесни за нејзиното значење и афирмација на македонската култура, побаравме помош од Сојузниот завод за заштита на спомениците на културата. Таа дојде, покрај финансиската поддршка, и во вид на репрезентативна стручна комисија во која учествуваа најеминентните експерти од цела Југославија, а покасно и една мисија на УНЕСКО со експерти од Италија и Франција.

Историјата на конзерваторските работи на "Св. Софија", со кои бев задолжен како одговорен раководител долги седум години (1950-1957), претставува предмет на посебна студија.

Што да раскажам овде? По едномесечна визита на конзерваторските работилишта во Италија и Франција, со воопштените заклучоци на сојузната комисија и со генералните препораки од мисијата на УНЕСКО, останавме да ја извршиме целата работа З. Блажиќ, за фреските, и јас, одговорен за целата организација и за конзервацијата на архитектурата. Ако некој се интересира за поопширни информации, можам да го упатам на некои стручни публикации, но овде сакам да споменам неколку основни работи. По неколку експериментални интервенции за симнување на фрески од ѕидовите во Италија, кај нас за прв пат оваа метода беше применета на површина од преку стотина квадратни метри, но откако претходно се исчистија повеќе од осум стотини квадратни метри од варовите наслаги со макотрпно стругање и со медицински скалпели. Симнувањето на фреските од целиот јужен ѕид беше неопходно за да се интервенира на него. Тој беше изместен од вертикалната положба како последица на земјотреси и притисоци на веќе срушените сводови. Неговото рушење и преѕидување не можеше да се земе предвид, поради многуте археолошки остатоци на неговата фасада. Решено беше тој да се исправи со методата на архитектот Форлати, која беше успешно испробана на една палата во Италија.

Јас ја испроектирав и подготвив целата операција, а непосредно пред реализацијата на тој рискантен потфат еден член од присутната комисија изјави: "Нам не ни е потребна главата на Чипан, туку ѕидот". За среќа, ѕидот беше успешно исправен и конзервиран, врз кој покасно се вратија симнатите фрески, а и главата на Чипан остана врз плеќите. Работата на "Св. Софија", во која учествуваа студенти и конзерватори од цела Југославија се смета за првата школа за конзерватори, затоа што овде беа применети сите конзерваторски техники, а не ќе биде претерано ако кажам дека сите денес познати стручнаци од оваа област своите први знаења ги добија токму овде. Ние сите одговорниот занает го научивме преку практичната работа и, морам да нагласам, со исклучителен занес и одушевеност иако таа макотрпна работа беше платена само со патни трошоци и бедни дневници.

Воопшто, Охрид од тие години беше полигон за конзерваторски чуда. Уште од студентските години јас ги имав архитектонските снимки на повеќе охридски куќи од XIX век најодбраните примероци од оваа прекрасна архитектура која во она време беше tera incognita. Интересот за оваа архитектура беше во зачеток, кај нас Дероко, Којиќ, а кај Бугарите Т. Златев и толку. Од оваа студентска документација изникна и мојата книга "Старата градска архитектура во Охрид", Скопје, 1955. Тие куќи беа без стопани и во рушевини, на границите за пропаѓање, што беше уште и потпомогнато од општинските функционери и самите газди, затоа што охридскиот туризам беше уште на почеток, а сето внимание беше свртено кон изградбата на новото синдикално одморалиште на плажата кај Св. Стефан. Додека општинските функционери ми се потсмеваа и бесплатно ми ги нудеа

бестопанските куќи (камо среќа тогаш да си земев барем една покрај езерото), поголемиот број од најмаркантните јас ги реставрирав благодарејќи на неограничените финансии и со политичка поткрепа на еден авторитет, каков што тогаш беше Лазар Колишевски.

Во исто време, З. Блажиќ и јас по црквените тавани ги откривавме, чистевме и ги конзервиравме оние охридски икони кои денес ја претставуваат најрепрезентативната збирка на средновековното штафелајно сликарство. Блажиќ го исчисти тогаш невидливиот фрескоживопис во црквата "Св. Климент" (Богородица Перивлепта) од XIII век и ги откри потписите на авторите Михаило и Евтихие. По сите тие чуда кои се нижеа како во некој занес, професорот Светозар Радојчиќ изјави дека целото негово научно знаење е превртено на глава.

Покасно Охрид стана туристички простор со меѓународно реноме, а покрај езерото и природните убавини, привлечниот мотив го чинат и споменициите на културата коишто ние ги спасувавме и покрај игнорантскиот однос на тогашните општински раководители, а ги популаризиравме преку печатот и телевизијата, преку изложби и стручни публикации. Очигледно дека оваа охридска авантура имаше позитивен одглас низ цела Македонија, но и врз ставот и свеста на пошироките кругови на целото општество. Практичните резултати од нашата пионерска работа беа најдобар аргумент за понатамошна и поширока потреба од чувањето на изворите на националната култура. Денес е тоа прилично замаглено минато и, морам да кажам, мнозина од сегашните функционери и не знаат ништо за овој период на херојската ангажираност и се обидуваат сето тоа да го припишат на некоја небулозна општествена свест. Здравко Блажиќ умре без ниту едно општествено признание, а јас своите ги заработив на други терени.



■ Како Вие лично ќе ги објасните и дефинирате границите, просторите, резултатите и вредностите на творештвото на Борис Чипан? Што е тоа кое Ве прикажува најмногу и најцелосно? Имаше ли несогласување помеѓу некои работи? Всушност, како стасувавте да бидете градител, научник, професор, конзерватор и активен работник во развивањето на националната култура?

■ Ова Ваше прашање ме враќа во времето на тешките психолошки состојби и сопствени дилеми. Во работата на "Св. Софија" и на други споменици на културата, во навлегувањето во историјата на Македонија и Византија (во Македонија средниот век траеше до XIX век) и во научната работа. Меѓутоа, стасав до некаква лична афирмација не само на југословенскиот, туку пошироко и на европскиот простор. Кажано без лажна скромност, имав отворена перспектива за една сјајна кариера. Но, истовремено ме притискаше опсесијата по современото творештво. Тоа не можев никако да го преболам - особено кога ја чув забелешката на проф. Злоковиќ кој околу 1959 година беше и хонорарен професор

во Скопје: "Што му требаше на Чипан да се метка со старините, кога тој како студент беше одличен талент за современо проектирање". Освен тоа, во тоа време пристигнаа во Македонија и млади архитекти од повоените генерации и сите се вработуваа на проектирање. А тие во мене не гледаа архитект, туку некој си - конзерватор. И потоа јас се двоумев во таква поделеност на мојата природа. Во македонските списанија пишував за историското наследство и современата архитектура (Разгледи 1953), а на истата тема беше и мојот реферат на I интернационален конгрес во Париз 1957 година. Од сите аспекти на современото обработував теми од традицијата, ново и старо во современиот град. На предавањата за студентите од историјата на уметноста зборував повеќе за модерната архитектура.

Од тоа време датираат моите студии за урбанистичкиот пристап во повеќе македонски градови кои послужија за изработка на генералните урбанистички планови, од каде произлезе и темата на еден научен труд со наслов: "Современата изградба во градови каде преовладува архитектонското наследство". Попатно, по нешто и проектирав - неколку индивидуални станбени куќи во стариот дел на Охрид, судските згради во Штип, Велес и Битола. И токму во 1959 година ми се отвори долго очекуваната можност. На Архитектонскиот факултет остана празно местото по предметот проектирање на општествени згради. Хонорарните професори од Белград, Злоковиќ и Клиска, ме препорачаа мене. Со тоа препливав на вистинската страна од мојата професионална опседнатост. Со некаков страв се прашував се исплати ли да се тргне по нови патеки како еден зрел четириесетгодишник. Дали сум го преминал оној познат творечки занес на немирната младост. Требаше да се тргне одново во активност за нова афирмација.

■ Познато е дека имате освоено повеќе награди на анонимни архитектонски конкурси... Со што е обележано Вашето архитектонско творештво? Дали инсистиравте да се изразите како авторска и самостојна личност или водевте сметка за средината во која работевте, за традицијата и сл.?

■ Ја носев во себе и љубовта за педагошка работа. Затоа наставата на факултетот не ми претставуваше тешкотија, туку напротив и ова го работев со задоволство. Но, покрај веќе добро организираните проектантски организации, тешко се стигнуваше до нарачани задачи за проектирање. Единственото отворено поле беа архитектонските конкурси и јасно - тоа го работев. Имаше порази, но и охрабрувачки откупи и награди. Ќе ја споменам само II-та награда за зградата на ЦК. СКХ во Загреб (со арх. Муличкоски) која требаше да биде прва. Но, најпосле стигна и I-та награда и реализацијата на зградата за Македонската академија на науките и уметностите во Скопје (1969-76).

Ако на стартот на новиот почеток со современо проектирање размислував дали

времето поминато во конзерваторската работа и во оперативата е изгубено, набргу се уверив во спротивното. Покрај животната зрелост, зад мојата работа се прикажаа многу помошни знаења без кои и современата архитектура не може да се практикува. Во мојата работа сега се прикажа една синтеза од претходното искуство од општата историја на уметноста, од оперативната работа, а посебно длабокото нуркање во културната традиција на сопствениот народ и поднебјето.

Се́то тоа, вградено во современиот проектантски процес, заедно со спомените од младоста помината во неспоредливите убавини на природата и изградениот амбиент, требаше да го одбележува моето определување за педагошката работа, но и за проектирањето.

■ Како професор на Архитектонскиот факултет имате свој придонес во формирањето на сите генерации македонски архитекти... Што Ви беше најбитно - како професор? Какви знаења, според Ваше мислење, мораше секој иден градител да изнесе од школата? Како ги препознававте, помеѓу своите студенти, вистинските и надарените творци? Дали денес студиите по архитектура овозможуваат да се разберат сите предизвици и дали може да се ѕирне и во светските искуства?

■ Ова е тема за поширока расправа затоа што високото школство во светски размери преживува криза. Современата технологија и стремежот кон се поголема продуктивност бараат се́ потесна специјализација. Според тоа, причините за кризата не се само во образованието, туку во целото општество, бидејќи хиперпродукцијата во образованието и специјализацијата ги зголемуваат материјалните богатства, но водат кон духовна деградација.



Какви знаења да се пренесуваат на студентите во таква контроверзна ситуација? Се вели, стопанството бара готов стручњак способен веднаш да биде вклучен во производниот систем. Науката, пак, кажува дека архитектот, по самата природа на својата професија, е осуден да остане единствениот сезнајко и последен хуманист во општеството, задолжен за севкупните знаења исто толку колку и да биде специјалист техничар, а не метафизичар.

Нашите наставни програми се прават така за да ги задоволат барањата на стопанството, а јас, како педагог, се определувам за она второто, бидејќи е незамисливо во текот на четиригодишното школување и во тие години да се совлада онаа севкупност на знаења - Гропиус тоа го нарече тоталитет во архитектурата. Останува стремежот преку школувањето архитектот само да се подготви за непрекинато самообразование низ праксата. Крајниот резултат ќе зависи од општеството, но и од тестото од кое е замесена личноста на идниот архитект. Оттука, очигледно, и најдобро организираната школа не е во состојба на младиот студент да му ги всади сите знаења за тој тоталитет. Не сум ни од

оние кои веруваат во моменталниот блесок на некој исклучителен талент. Во архитектурата како и во музиката, талентот има мала вредност без долго и макотрпно вежбање на некој инструмент.

■ Се надевам дека ќе се сложите ако овој дел од разговорот го завршиме со едно воопштено прашање... Како ја разбирате архитектурата? Што означува таа за едно време и еден народ? Во најширока градителска смисла, колку таа успева да биде уметност, а колку останува техника? Во суштина, дали е оваа творечка гранка пример на естетскиот тон во техниката или рационален одглас во уметноста?

■ И со ова прашање отворате широк простор за разговори. Во последно време посебно се занимавам со теоријата на архитектурата и токму затоа ми е тешко да одговорам со неколку реченици. Без сомнение, за општо поимање се точни оние изрази кои архитектурата ја објаснуваат како сцена на која се одвива животот (Бруно Зеви) и дека е таа автобиографија на општеството (К. Кларк), но, таа е и нешто многу повеќе затоа што животот и општеството се толку комплексни појави што желбата за некоја конечна дефиниција станува бесмислена. Ограничувајќи се во рамките на Вашето прашање, архитектурата секогаш мораше да се движи помеѓу две основни компоненти на рационалното и ирационалното. А таму од едната страна не е само техниката, туку сите науки како економијата, социологијата, психологијата и други, како што ниту од другата страна не е само уметноста, туку сите гранки на филозофијата, идеологијата, семиологијата, естетиката и сл. Така, архитектурата не е единствен домен каде се сретнува единство на техниката и уметноста. Тоа се, да речеме, сите индустрии кои произведуваат предмети за широка потрошувачка. Архитектурата се разликува од нив по тоа што треба да задоволи не само една одредена потреба како автомобил или електричен шпорет, туку цел комплекс на потреби за човекот и општеството.

Токму од таквата нејзина функција произлегува нејзиното значење за одредено време, народ и општество. Во некоја смисла, можно е архитектурата да биде насочувана, но кога еднаш ќе премине во историјата, таа станува најобјективната слика на општествените односи, знаења, можности и желби на тоа општество. Низ понатамошниот разговор можеби ќе додадеме уште нешто за моето, односно денешното разбирање на архитектурата.

■ Какви се карактеристиките на современата македонска архитектура? Колку таа се потпира на традицијата и со какви елементи се придружува кон современите движења? Всушност, како може да се препознае и со што се одделува современата македонска градба од слична во некоја друга средина?

■ Еве веднаш можност да продолжиме со истата тема. Дали се создава денес современа македонска архитектура? Во извесна смисла неспорно да - таква суштествува

како објективен фактор затоа што се создава и гради во Македонија. Колку е, пак, таа со некакви специфики македонска, тоа ќе го кажат идните генерации. Засега, во границите на нашите научни и практични знаења, можеме само да се стремиме кон тоа. Во првите повоени години имаше општествено-политички сугестии и архитектурата како, да речеме, другите општествени науки - пред сé историјата, да се вклучи во оние процеси кои ќе ги афирмираат тукушто постигнатите национални аспирации. За Македонија тоа беше од поголемо значење отколку за другите југословенски народи, чија националност не беше спорна.

Од таквата општествена потреба архитектурата во Македонија можеше лесно да се изроди во буквална имитација на нешто што се сметаше како македонска традиција - поточно во просто пресликување на онаа градска архитектура од XIX век. За среќа, бргу разбравме дека животната програма на денешниот човек претставува нешто друго од онаа - традиционалната.

Во шеесеттите години опширно ја разработив оваа тема во студијата која е публикувана под наслов "Изразните средства на современата архитектура во градовите со историско наследство". Од сознанието дека рационалните компоненти на архитектурата - како науката, техниката, економијата - денес се неспорна сопственост на целиот свет, произлегува оној интернационален карактер на архитектурата. Такви компоненти, значи, мора во најголема можна мера да содржи и нашата архитектура. Како тогаш таа да се издиференцира со регионални и национални особености. Очигледно преку ирационалните компоненти. Но, доколку сака да остане современа, таа мора да биде напоена со современата филозофија, идеологија, уметност и сл. Исто така, и традицијата, но само преку нејзиното современо толкување. Ќе се сложите дека со оваа тема се наоѓаме на многу лизгав терен. Знаеме добро каде се движи современата филозофија, ги знаеме, исто така, нејзините социолошки, односно хуманистички пораки, но, кој ќе ни каже како тие се пресоздаваат во уметноста, а, исто така, во уметничкиот израз на архитектурата.

Се чини уште најлесно стоиме со традицијата. Но, токму затоа што во историската архитектура имаме конкретизација на една реалност, опасноста од имитација е најголема, бидејќи тоа е и најлесниот пат. Барав решенија како мнозина други - на пр. Френк Л. Рајт- преку атмосферата, мерилата, просторните односи, преку природните и климатските фактори, локалните материјали и што уште да набројувам, а стигнав до парадоксален заклучок: бидејќи се некорисни сите заклучоци во вид на модели и рецепти, најдобро е да се гради со визија за иднината. Во архитектонското дело традицијата мора да навлегува само преку некоја потсвест и преку лично современо интерпретирање. Поважно од сé е да се изрази сегашноста и нејзините стремежи кон иднината, а, ќе признаете, тоа многу тешко се изразува со помош на конкретизирана дефиниција.

Бидејќи оваа тема, сепак, се прикажува како потреба на сегашниов миг, многумина од македонските архитекти се обидуваа со таков однос кон современата архитектура. Арх. Муличковски на свој начин го изрази тоа во зградата на ЦК СКМ со една современа интерпретација на куќата од XIX век; во зградата на Македонските пошти арх. Јанко Константиновски се врзува со традицијата на средновековните тврдини, а во зградата на МАНУ ги имам на ум манастирските конаци.

Во суштина, Вие сте во право кога оваа тема ја лоцирате во мојот Охрид. Во последните дваесетина години таму е изградено сенешто: од сосема непретенциозни, скромни клишеа на таканаречената безорнаментална архитектура, преку романтичарски игри на елементи од Ориентот (тоа веќе станува агресија врз охридската чаршија) и сé до буквални имитации на XIX век. Сето ова е осредно или многу коректно во смисла на функционалната организација на просторот. Порано јас ја критикував таквата постапка, но конечно стигнав до парадоксот дека тоа може да прилега на Охрид како привлечен мотив за туристите. Ете како може архитектурата би рекол со право, да прави компромиси со некоја актуелна општествена потреба.

Впрочем, цитирајќи го Гропиус дека архитектурата претставува непрекинато движење, сето она што се случува во македонската архитектура го ценам како скромен напор да не се стои во место, туку да се истражува. И најдобро проценетиот објект денес, не може да биде урнек за утре.



Прашањето како да се прави разлика на современото архитектонско дело од еден до друг град е, исто така, многу чувствително и, актуелно не само кај нас. Повоениот бран на демографска експанзија на градовите предизвика нивно ширење, а тие сé повеќе си наликуваат еден на друг. Прашањето е многу деликатно затоа што оправдано можеме да се сомневаме дали архитектурата е виновна за тоа. Изучувајќи ги македонските градови од XIX век стигнав до интересни сознанија. Архитектурата - онаа станбената и на општествените објекти се прикажува, така да се рече, како иста во сите македонски градови. Таа е продукт на единствениот стил, ќе речам "интернационална" за оние региони на Балканот и Мала Азија во рамките на Отоманската империја. И сепак, Охрид, Кратово, Костур или Бурса - се градови каде старата архитектура и денес има свои специфичности. Стигнувам до заклучокот дека факторите на нивната специфичност не се толку изразени во архитектурата колку што се откриваат во урбанистичката сфера. По органски пат, или со свесна насоченост, во тие градови на различни начини се постапувало со условите на природата, релјефот, водените текови, зеленилото, климата. На посебен начин, исто така, се третирани диспозицијата, симболиката и просторните ефекти на општествените објекти - цркви, џамии, анови, амами и сл. Се чини дека денес тоа е заборавено или не е познато. Нашите урбанисти ниту не се ни обидоа да ја користат сопствената традиција во оваа област

и останаа наместо тоа со некритичка употреба на шемите и урбанистичките правила на западниот свет. Секој град има еднаква шема: станбени зони, индустрија, градски центри. Како да се одбегне монотонијата покрај архитектура со униформиран модерен изглед? Со таква архитектура тешко се разликува едниот од другиот град. Мислам дека е примарно спецификите најнапред да се создаваа во урбанизмот, меѓутоа, за жал, тоа не може, освен во Скопје, да се забележи во другите македонски градови.

■ Дали сметате дека општествениот статус на архитектот е одреден и влијателен? Дали, да кажеме, во урбанистичката и во архитектонската политика, во суптилните одлуки кои се битни за многу генерации и за далечната иднина, архитектите имаат соодветен и вистински удел?

■ Моето вкупно досегашно искуство ме наведува на заклучок дека положбата на архитектот, во нашево општество, е сосема неодредена. Во капиталистичкиот свет, упатен кон се́ поголема специјализација, архитектот, со чесни исклучоци, е дел од еден супер - систем и тој проектира архитектура за цели кои, во поширока смисла, му се непознати. Тој се труди и замислува дека прави архитектура со хуманистички пораки, но таквата архитектура засега го одразува сето она што е карактеристично за тој свет: висока технологија во служба на потрошувачката. Желбата на архитектот за излез од анонимноста преку личната афирмација има повеќе врска со финансискиот успех.



Не сакам да зборувам за егзибиционизмот на одделни творци кои својот успех го создаваат преку скандали, како во шоу - бизнисот. Ќе наведам дека и кај таквите големци како Ле Корбизје́ или Гропиус станува забележителен нескладот помеѓу нивните вонредно ефектни теориски стојалишта и архитектонските реализации.

Слична е ситуацијата и кај нас, ќе речам и малку потешка, со оглед на социјалистичкиот карактер на нашето општество. Тоа изгради социјалистичка самоуправа во економијата и политиката. Но, како да покажува слаб интерес за архитектурата и урбанизмот, за програмирање и осмислување, да не зборувам за филозофско-идејна и симболична ориентација. Архитектите, пак, стојат во тесните рамки на својата професија. Така опстојуваме во состојба на една дијатонска пасивност. Архитектите и урбанистите зборуваат одделно и тесно професионално, а претставниците на општеството - само формално присуствуваат на тие состаноци.

■ Кои се денес вистинските можности на архитектот? Дали е можно да се работи вон рамките на институциите? Дали се единствена можност анонимните конкурси? Што е потребно за да се ослободи автентичноста на еден творец од институциите?

■ Можностите на архитектот во нашето општество се големи, но погрешно насочени. Вашето прашање ме предизвикува да зборувам во спротивна насока. Желбата на архитектите својата автентичност да ја бараат надвор од институциите е спротивна на

целите на нашето општество. Како и на Запад, нашите архитекти се премногу опседнати со некакво местијанство, ексклузивност и потрага по лична афирмација. Не е чудо! Стручната литература, дури и образованието, ги усмеруваат кон тоа. Затоа сметам дека вистинските можности на архитектот во нашето општество се на спротивната страна, што ќе рече токму во рамките на институциите на самоуправниот систем, но не преку поголем доход и лична афирмација, туку во зголемување на нивната општествена функција. Општеството, пак, односно неговите раководители, ќе мораат да ги поттурнат архитектите во таа насока.

■ Како гледате на развитокот на архитектурата во Југославија? Колку се меѓусебно поврзани архитектите од различни краеви? Што е потребно за меѓусебна соработка? Дали има групи кои не се поврзани територијално, туку естетски и мисловно? Дали светот ја познава архитектурата на Југославија како појава на одделни центри и краеви или како дело на одделни автори. Дали суштествува и во што се гледа некаква југословенска архитектонска мисла?

■ Не сум ја проучувал, ниту посебно визирал архитектурата во цела Југославија. Ќе додадам дека некаква голема соработка нема, особено во смисла на некаква мисловна поврзаност. Повремените собири и разговори организирани од САЈ претставуваат само размена на ставови без никакви понатамошни последици. Кога писателите или филмските работници ќе се собират во конгреси, тие барем ќе се раскараат. Кај архитектите го нема ни тоа. Темите на нашите разговори се прилично инертни. На нашата професија ѝ недостига критика и теориска работа. Недостигаат повеќе Добровиќи кои ќе бидат способни да ги разгорат огновите задушени во општеството и во архитектонските кругови. За тоа можеби се виновни самите архитекти, но треба да се почукне на вратите на палатите на некои општествени формации. Проектирањето донесува милиони, а пишувањето за архитектурата слабо се плаќа.

Затоа може да се рече дека светот и нашите ја познаваат југословенската архитектура, како што и Вие рековте, како архитектура на одделни краеви. Ние го знаеме Нов Белград, Сплит II и III, и објектите на МИС, го знаеме Скопје по земјотресот, но за творците малку се знае. Но, не е работата во тоа што светот не ги знае имињата на авторите. Поважно од тоа е што светот не ја знае доволно југословенската архитектура, а уште полошо ќе биде ако југословенската архитектура нема што да му порача. Таа е сигурно рамна со светските стандарди, барем што се однесува до технолошката перфекција, но со што таа може да се нарече југословенска?

■ Општествени згради, особено во последните три децении, се изградија насекаде. Какво значење треба да имаат таквите зданија и нѐ само за своето време? Дали нивната изградба беше во зависност од урбанистичките решенија или, пак, имало случаи кога таква зграда условувала ново решение, на пример, на еден плоштад или поширок простор? Колку

во обликувањето на таквите згради се присутни уметничките или елементите на традицијата? Кои згради во Скопје, Македонија, па и пошироко можете да означите како такви, да можат да ја издржат оценката на идните години и генерации?

■ Зошто никој не зборува за архитектурата на индустриските згради? Ние, мислам, во најголема мерка ја одречуваме архитектурата од нашата епоха и стремежите на еден период од нашето време. Можеби и токму затоа што во нив се изразени најмногу социјалните и хуманистичките пораки, а помалку естетичарењето и задужбинската претенциозност. - Се чини дека на мнозина не им е јасно дека е одминато времето на фараоните, Лујевите и Хитлеровците.

Ако некој и денес така се однесува тоа се мултинационалните компании кои ги градат своите стаклени облакодери за да ја изразат симболиката на својата финансиска сила и да ги зголемат профитите. Таму и архитектурата е во служба на рекламократијата. Зошто едно социјалистичко општество би имало потреба да ги рекламира своите институции? Зборував веќе за тоа дека е тешко да се објаснат уметничките компоненти, на пример, на една "социјалистичка" архитектура - но убеден сум дека не е тешко да се формулираат социјалните и хуманистичките основи на нашето општество. Зошто тогаш правиме општествени згради кои се чувани од милиција и во кои се влегува само преку една врата и тоа со скапа влезница. Зошто театрите се викаат народни?



Поради сево ова што го изнесов, се плашам од рангирање на зградите кои евентуално би ја издржале проверката на идните генерации. Денес ние сé уште не сме начисто со сопствените критериуми, а какви ли ќе имаат идните години? Сигурен сум само во едно. Во денешнава архитектура ќе има информации за оценка на нашево време, за неговите материјални и умни можности и за карактерот на неговите заблуди.

■ Голем интерес се покажува за станбената архитектура. Зошто современите станови се премногу униформирани, конфекциски, дури дехуманзирани? Дали се во прашање причини од материјална природа или има и други? Зошто архитектите не водат повеќе сметка за корисникот на станот? според Ваше мислење, како треба да изгледа денешниот стан и современа станбена зграда? Дали ја поминавме фазата "солитераоманија".

■ Можам веднаш да кажам дека станбената архитектура треба да биде поважен симбол на нашево време, отколку сите претенциозни општествени згради. Зашто, домувањето не смее да биде проблем кој капиталистичкиот свет го решава како отстапка од сé поголемите притисоци на работничката класа. Во социјалистичкото општество, домувањето треба да биде цел, стратегија и смисла за постоењето на тоа општество.

На сегашново ниво на општествената свест и односот кон домувањето, може навистина да се зборува за конфекција и солитероманија. Зашто, исто така е заблуда дека архитектурата може да ги менува општествените односи. Гледате дека со години бараме

форма на стан, просторни односи на станбените згради и пешачки плоштади кои ќе овозможат да се развиваат добрите соседски односи но залудно! Проблемот, очигледно, не е во архитектурата. Тие можат да бидат здодевни на случајниот минувач; но на човекот кој таму живее му треба нешто друго. Занесен од потрошувачката психоза и треската за поголема заработувачка за да го постигне оној стандард преполн со "слатките отрови" на современата цивилизација, спротивно на сé пократкото работно време, тој нема желба да седне на камен пред куќата и да помуабети со соседот. Тој нема време ниту да размислува. Едноставно, тој ги заборавил духовите на домот, родниот крај и сé она што значи домување. Неговите мисли како и неговите желби се стремат кон сé подалечни простори и освојувања. Тој бара сурогати на домување како што се викенд куќа и "ранч" за рекреација.

Би сакал со ова да кажам дека домувањето, пред сé, е општествен проблем кој бара темелна прераспределба на општествениот доход, што е очигледно невозможно во денешниов свет со неговата луда потрошувачка на средства за сопствено уништување. Во една можна и нова општествена и материјална ситуација, основата на урбанистичкото планирање би ја чинело домувањето а не автомобилскиот сообраќај, каков што е случајот денес. Ослободен од таа фатална мобилност, зошто човекот заради заработувачка мора да оди во големиот град, кога е попросто производството и образованието да тргнат кон неговиот стан.



■ Последното прашање би можеле вака да го поставиме: Со какви карактеристики, според Ваше мислење, градителскиот ракопис на нашево време ќе остане значаен и препознатлив за следното столетие?

■ Последното прашање е најтешко. Нема сомнение дека нашиве генерации се дел од еден исклучителен историски период: две светски војни и социјални револуции. Тоа е очигледно период во кој се заменуваат општествените формации, значаен по последиците за личноста. Какви тогаш ќе бидат особеностите на градителскиот ракопис? Високата технологија на изведбата, материјалите и опремата, тоа се својство на архитектурата, сопственост на целото човештво, сеедно што тие се создадени во крилото на капиталистичкиот систем и што сé уште служат на неговата рекламократија. Истите, можеби и подобро ќе бидат искористени во социјализмот. Архитектурата на нашево време ќе остане како порака од сегашново борење за изградба на социјализмот, архитектурата, без сомнение, ќе го одрази тоа - возбудлива, херојска и тешка борба за еден нов свет и нови симболи. Со еден збор - преоден период или архитектура на премин во нешто друго.

РАДИО БЕЛГРАД, 27 јануари и 3 февруари 1980
ЕМИСИЈА "ГОСТИН НА ВТОРАТА ПРОГРАМА"
Новинар: Милош Јевтиќ



# СЛИКА НА ОПШТЕСТВОТО

**Актуелни разговори со**
**Борис Чипан**



Најнапред, еве делови од творечката легитимација на проф.инженер Борис Чипан. Во почетокот беше реставрацијата на Даутпашиниот амам во Скопје. Потоа Света Софија во Охрид. Девет години што влегоа во златните страници на конзерваторството. Подоцна дојде архитектурата како дело. Негово огледало: зградата на Македонската академија на науките и уметностите. Највисоко југословенско признание за архитектурата - Борбината награда. Имаше и зошто - Духот на старите македонски чардаци оживеа во нова боја.

Еден од ретките мислители - архитекти. Десетици научни трудови меѓу кои секако треба да бидат прочитани: "Стара градска архитектура во Охрид", "Старата македонска куќа", "Македонските градови во XIX век и нивната урбана перспектива".

Делови од личната карта: Роден во Охрид, 1918 година, врзан со душата за него се до ден денешен. Освен Сотир Томовски, единствен македонец кој дипломирал архитектура непосредно пред втората светска војна.

Презимето Чипан е забележано во најстарите охридски книги. До пензионирањето на 1 октомври 1983 година професор на Архитектонскиот факултет во Скопје. Предмет "Проектирање општествени згради".

■ Вашата животна преокупација е архитектурата, а низ вашата научна дејност се согледува посебен интерес за нејзината улога во општеството. Каква е според вас таа релација: архитектура - општество?

■ Архитектурата е објективна, ненашминкана слика на општеството. Историјата пишувана врз основа на таканаречени "извори" може да биде необјективна. Изворите се сведоштва од субјекти од одредена епоха. Архитектурата е неподмитливо сведоштво. Таа ја дава сликата на општеството како во огледало: студено, без било каква емотивност. Се вели: какво општество, таква архитектура.

Една ваква објективна премиса станува значаен фактор за нашиот однос спрема архитектурата. И не само за оценка на архитектурата во минатото, туку уште повеќе за нашиот став спрема архитектурата која се создава во нашево време. Меѓу другото, и според таа архитектура нас ќе нé оценуваат идните генерации. Таа ќе сведочи не само за нашите естетски преокупации, туку и многу повеќе за нашите општествено-политички определби, за психолошките и социјалните состојби на сегашниот човек.

■ Вие во разговорите за архитектурата инсистирате на терминот Македонска социјалистичка архитектура. Што значи во вашиот опсег на размислување тој атрибут - социјалистичка? Дали со него определувате некаква политичка архитектура?



■ Во нашиот секојдневен жаргон зборот социјалистички е веќе преоптоварен со извесни разочарувања. Сталиновиот политички социјализам е компромитиран во целиот свет. Таканаречениот соцреализам во културата влече назад. Јас не се плашам да го употребам тој збор ако мислам на едно општество, идеализирано, но сепак, можно. Нема засега друг термин за она општество кое неминовно ќе мора да го замени капиталистичкото. Тоа треба да биде општество во кое ќе владее рамноправност и секаква слобода: психолошка, што значи рамнотежа на човековите чувства; социјална, што треба да означува лична и општествена слобода од секакви забрани; а зошто не и политичка, што треба да означува слобода на еднакво влијание врз формирањето на општествените одлуки.

Според тоа, социјалистичка архитектура ќе биде онаа која ги содржи сите тие атрибути. Може да биде и политичка ако сме способни да се ослободиме од бремето на зборот - дirigирана - иако е таа продукт на слободни и свесни умови. Просто речено, како што идеализираме едно можно идно општество, јас идеализирам една можна - идна архитектура за која, немајќи друг израз, го употребувам зборот социјалистичка. А ако се создава во Македонија, таа ќе биде и македонска.

## СТАЛИН И АРХИТЕКТУРАТА

■ Има мислења дека во практиката на архитектурата социјалистичките земји

талкаат зад капиталистичкиот свет, за што сведочи, како што велите вие, заразата со постмодернизмот. Може ли да предочите конкретни примери на таа зараза?

▩ За разјаснување на ова прашање мораме да се вратиме малку поназад. Во почетокот на нашиот век, граѓанското општество беше зрело за секакви промени. Како револуционерни промени целиот свет ги празни модерната уметност и модерната архитектура. уметниците на кои во XIX век тоа општество им се потсмеваше и не ги признаваше, денес се синоним за таа епоха. Модерната архитектура претставува напор на прогресивни и револуционерни умови. Меѓу двете светски војни се случи нешто само привидно парадоксално. Земјата која ја изведе првата социјалистичка револуција не ја прифати, дури, сосема ја отфрли таа прогресивна, револуционерна, модерна архитектура. Се врати на некаков неокласицизам. За мене тоа значи дека и револуцијата тргнала по крив пат. На Сталиновиот апсолутизам никако не му одговараше демократскиот карактер на модерната архитектура. Тој мораше да се врати на класицизмот кој веќе многупати беше испробан за заслепувачко пресоздавање на тираните во божества. Јас не знам какви последици имаше Сталиновиот автократизам за општествено-политичките аспекти на социјализмот, но сигурен сум дека фатално се одрази на полето на архитеткурата. Оној идеално можен социјализам загуби во 50-тите години. Во 60-тите години социјалистичките земји мораа да тргнуваат одново кон прогресивна, модерна, современа архитектура, додека граѓанското општество од развиениот Запад имаше веќе прескокнато половина век.



Сега ми е јасно зошто во архитектурата социјалистичките земји талкаат по капиталистичкиот свет. А тој ја прифати модерната архитектура но со ограничување и трансформации соодветни на неговата идеологија. Се прашуваме која? За многу кусо време по Втората светска војна и Европа се зарази со американизмот, најдобро презентиран во идеологијата на слеп продуктивизам; произведувај што повеќе и продавај што повеќе. А за тоа е најбитна рекламата. Секаков отров може да се испие облажен во мед и секаква стока ќе се продаде ако е завиткана во слатка обланда. Постмодернизмот во културата на Запад, според начелото е револт против загрозеноста на човекот во потрошувачкото општество. Во современата архитектура тој се изродува во шоу-бизнис, успех и по цена на скандал. И нашиве млади генерации се зрели да го направат тој чекор. Тешко ним ако не ги испитаат подлабоко корените на вистинскиот постмодернизам.

Накусо би резимирал: во граѓанското општество засега има повеќе средства и интелектуални можности за отворање нови патишта во архитектурата. Од светот на социјализмот тоа се очекува допрва. Ќе зборуваме за зараза ако новите истражувања ги примаме пресоздадени во нивна спротивност. Социјализмот има шанса да ги насочи нив на вистински пат кон иднината.

## ЗАГРОЗЕНОСТА НА ЧОВЕКОТ

▩ Неодамна на тркалезната маса "Суштествува ли македонската архитектура" вие рековте: "Денес може да се зборува за социјална загрозеност на човекот од архитектурата". Каде ја гледате таа загрозеност?

▣ Ноторен факт е дека современиот човек е загрозен во современиот град. Големиот град е преполнет со забрани, а тие се множат со неговото растење. Забрането е да се гази тревата, да се кинат цвеќињата, да се преминува улицата. Со тие наивни забрани ние сме толку сродни што ги прифаќаме како појави на нормално однесување. Слободата ја бараме во планината. Дури и онаа распојасеност на автомобилот и нашата сервилност спрема него, ја прифаќаме како урбанизам врз научна основа. А автомобилот нé истера од улицата и од тротоарите и нé притера во ѕидовите. Тој има широки коловози, а ние мораме како пешаци далеку да заобиколуваме крстопати, да чекаме семафори и да се вовираме низ подземни, неуредни пасажи и нечисти премини. Очигледно големиот град уште му е потребен на современиот човек. Поради условите за економски опстанок човекот ќе ја жртвува и својата социјална слобода.

Но, и архитектурата е таква категорија со која освен психолошкото потчинување се ограничува и социјалната слобода. Кому му припаѓа градскиот центар ако таму е архитектурата на општествени објекти кои се заобиколуваат од далеку. Зошто театрите се викаат народни ако преку скапиот влезен билет се врши социјална сегрегација. Дури и во Народната библиотека и во Народниот музеј не може да се влезе ако не сте платиле членарина или влезен билет. А таму ве надгледува некакво будно око и непрекинато ви сугерира дека сте потенцијален крадец.



▩ Кога сме веќе тука, дали сметаме дека сме стигнале до оној момент кога станот претставува пријатен дом на едно семејство?

▣ Станбениот проблем е најголем, не толку за архитектурата колку за општеството. Најголемата лична среќа се остварува во станот, а личната среќа на човекот е идеал на социјализмот. Во срцето на човекот длабоко е закопан сонот за индивидуална куќа. За жал, тој сон останува неостварен сé додека овој денешен свет го арчи поголемиот дел од остварениот доход на средства за самоуништување. До една подруга иднина во поголемите градови станува единственото решение: станбен гулабарник во блок или солитер. Во нив човекот навистина е "солитер" што во превод значи самотник. Од архитектонски аспект човекот е способен секаков станбен простор да го акомодира според своите потреби. Но што да се прави со децата кога е расипан лифтот. Од друга страна, зелената површина им припаѓа на сите и на никого.

## СКАПО И ЕВТИНО

■ Сметате ли дека направивме премногу скапи општествени згради за кои се зборува дека се споменици на архитектите. Во таа насока дали мислите дека сме фрлиле доста пари попусто, особено во Скопје.

■ Нема скапа и евтина архитектура. Скапа е ако таа погрешно или воопшто не им служи на човековите потреби. И скапата, е евтина ако е обратно. Конкретно во Скопје се изградија многу нови општествени објекти а сега, пост фестум можеме да ги фалиме или да ги напаѓаме. За оној дел што се однесува за програмирањето, архитектурата не е виновна. Прашање кое само се наметнува и дали беше поголема потребата да направиме големи општествени згради или требаше да ги отстраниме срамните услови во кои работат клиниките на Медицинскиот факултет.

Освен неколку објекти, Скопје е преполно со архитектура која не се експонира, но затоа перфектно си ја врши својата функција. И колку да е скапа, таа не е никогаш доволно скапа колку што е корисна. Сé на сé архитектите се луѓе. Ако некој од нив бара споменици, тогаш тие можат и тоа да го направат. А некој може и да им забрани да прават споменици.

■ На овој одговор се надоврзува уште едно прашање: Колку кај нас за овие години по ослободувањето е изградено добро а колку лошо, а ако има веќе лошо, зошто дошло до тоа?

■ По она што го кажав досега, можам да го оценувам сето она што е изградено во СРМ. Самиот податок дека е изградено многу, веќе е нешто добро. Битно е да се гради. Денес можеби погрешно, утре истата архитектура може да служи за вистински потреби и цели. Но, потребно е да се согледа нешто друго. На просторот на СРМ Скопје е најекспонираниот пример. Може да биде фатално за другите македонски градови ако тргнат по патот на имитација на поголемиот брат и ако почнат да градат трговски центри и административни кули. Имитацијата е најлесниот пат за реализација, но истовремено и за губење на сопствениот идентитет.

## (НЕ) ЕКСКЛУЗИВНИ ЛИЧНОСТИ

■ Често се зборува за односот меѓу архитектурата и политиката. Дали архитектурата секогаш, мислам при планирање, проектирање и изградба на крупни станбени простори или единици, била во рацете на архитектите или пак за прашања од нивната стручност - решавале и други надворешни, пред сé политички фактори, локални или повисоки, сеедно?

■ Помина или веќе треба да помине времето кога архитектите, заедно со фараонот, беа ексклузивни личности во едно општество. Историјата раскажува дека архитектурата е таква какво што е општеството, а не какви што се архитектите. Тоа значи дека сме на крив пат ако најбитната фаза - програмирањето на архитектурата е препуштена само на архитектите. И ако некој сака да ги обвинува "надворешните, пред сé политичките фактори", како што велите вие, што се мешале во "стручноста" на архитектите, јас би ги обвинил за недоволна ангажираност во програмирањето, а потоа и во реализацијата на архитектурата. Оние кои се задолжени да раководат со работите на општеството се одговорни и за архитектурата како битна општествена манифестација.

Кога се говори за ова, се наметнува и прашањето за улогата и местото на архитектот во општеството. Во потрага по лична афирмација и архитектите често се склони кон заборавање на нивната општествена одговорност. За пари, тие ќе направат се што ќе побара од нив еден инвеститор, без да се прашаат каков ќе биде општествениот (политичкиот, социјалниот, културниот итн) резултат. И така колку-годе сакам да ги обвинам "факторите" за недоволна заинтересираност спрема архитектурата, исто толку ги обвинувам и луѓето од мојата професија кои недоволно се обидувале да им ја кажат вистината ним. Накусо, позначајна е општествената улога на архитектите отколку нивната тесна и претенциозна стручност во изнаоѓањето на естетичарски форми.



■ Би ве замолил да се префрлиме и на другиот дел од вашата творечка активност. Вие сте еден од основоположниците на заштитата на споменициte на културата во СРМ. Дали се согласувате со оценката дека до денес не е сторено сé она што можеше да се стори за нивна заштита?

■ Не се согласувам со таквата оценка. Во заштита на спомениците во нашата култура е сторено повеќе отколку што може да стори една млада држава. Друго е прашањето што нашите споменици на културата се наметнуваат како потреба. Но тие опстанаа илјада години во услови на туѓа доминација, а убеден сум ќе почекаат стрпливо и Македонија да создаде услови - пред сé материјални - за поквалитетна заштита.

## ОХРИД - ЉУБОВ МОЈА

■ Неодамна е преиздадена вашата книга од пред 25 години "Старата градска архитеткура во Охрид". Охрид е вашата лична и професионална стара, незаборавна љубов. Што ќе кажете за неговата архитектура денес, особено по големиот наплив од граѓани од други места?

■ Да, Охрид и како роден крај за мене е незаборавна љубов. Низ проучувањата на историјата, јас го познавам од зачетоците на неговото постоење. Не е место за емоционални

изблици иако не би се срамел ни од такви. Поради езерото и кристалното небо, поради неговото извонредно место во минатото и поради очарувачката особеност да ви затупка срцето кога минувате низ неговите стари улици, тој ја заслужува не само мојата љубов. Сите сакаме таков да го љубиме. Но кој се осмелува да го запре одот на историјата, која е преполна со врвови и рамнини.

Искрено речено, јас сум оптимист. Охрид никогаш не бил град затворен за елита. На преминот од XVIII во XIX век, градот бил преплавен од граѓани од други места. Само за 30 години, тие го изградија онаков на каков што му се восхитуваме. Таков е Охрид. Со својата неуништлива природна убавина само за една генерација од луѓето ќе направи нова културна елита. Затоа и денешнава архитектура во Охрид, која и без тоа е нешто повеќе, ја сметам како архитектура на првата генерација.

■ На крајот, едно интимно прашање, се разбира, ако сакате да одговорите. Пред вашето име и презиме не стои ниту една титула. Да бидам отворен: мислам на титулата доктор. Имате ли вие некое лично објаснение за оваа барем за мене, необичност?

■ И во тоа нема тајна. Јас припаѓам на една жртвувана генерација. Во времето кога требаше да се бориме за титули, имавме поинакви задолженија и нив ги прифаќаме поинаку отколку денес. Сега се самокритикувам само во оние мигови кога откривам дека за извесни пробиви е поважна титулата отколку знаењето. Но како што покажа и оваа највисока републичка награда, сепак, не се најбитни титулите. И без нив јас можам да бидам задоволен од она со што ми возвратило нашето општество. Еве и овој разговор го сфаќам како големо признание пред јавноста.



НОВА МАКЕДОНИЈА, 19.11.1983
Актуелни разговори
Панде Колемишевски


БОРИС
ЧИПАН
ТЕЗИ ЗА
АРХИТЕКТУРАТА
МАКЕДОНСКА КНИГА — СКОПЈЕ

# ТЕЗИ ЗА АРХИТЕКТУРАТА

Во издавачката продукција кај нас одвреме навреме се појавуваат и оддели наслови кои поради својата тематска преокупација претставуваат нешто посебно нешто исклучително што веднаш го привлекува вниманието на пошироката културна јавност кај нас. Таков е случајот со книгата под наслов: "Сто и единаесет тези за архитектурата" чиј автор е истакнатиот македонски архитект Борис Чипан, а што се појави во издание на книгоиздателството "Македонска книга" од Скопје.

По тој повод со архитектот Борис Чипан поведовме разговор при што главно се интересиравме за побудите на авторот што придонесоа за создавањето на оваа книга.

■ Што е добра архитектура?

■ Веднаш сакам да нагласам, ни рече Борис Чипан, дека архитектурата и покрај тоа што е траен амбиент на нашето секојдневие, сепак на прашањето: што е тоа архитектура, можни се само неодредени и конфузни одговори. А ако прашањето го прошириме и со компонентата што е тоа добра, а уште на поширок план што е тоа убава архитектура тогаш не само лаиците, туку и архитектите не ќе можат да се пројават со некои поштедри одговори. Имено, архитектите обично како добра архитектура ја означуваат онаа што е функционална (а што е тоа функционално - и тоа е посебно прашање), а за неупатените функционално е она што може да ги задоволи потребите. Се разбира, најголеми недоразбирања создава

прашањето што е тоа убава архитектура, зашто убавината на архитектурата е нешто што се менувало низ епохите. Од антиката па сé до крајот на деветнаесеттиот век во врска со архитектурата се сметаше дека убавината е вечна, но од почетокот на XX век, ваквото становиште е сериозно разнишано, а тоа е сосем разбирливо. На планот на архитектурата со векови беше присутно едно стерилно лазење по надворешната обвивка на архитектурата при што сé беше во знакот на едно скапо организирање на фасадата а сето тоа од теоретскиот аспект било проследувано со фразите на таканаречената научна естетика на архитектурата со посебното истакнување на симетричноста, пропорционалноста и визуелната естетика односно сé беше во духот на мерите и идеалите што беа применувани безбедно и универзално.

## НОВА ПОЕТИКА НА АРХИТЕКТУРАТА

- Но во почетокот на овој век продолжи Борис Чипан, и архитектурата заедно со сите други уметности зачекори по нови насоки. Во конституирањето на поимот за архитектура се вмешаа и архитектите, така што наскоро се оформи една модерна естетика која ги отфрли фразите со долга историја и почна да афирмира поконкретни термини како што се просторот и волуменот кои набиени со внатрешна содржина открија беспределни перспективи кон една нова поетика на архитектурата која почна сé да става во знакот на внатрешното битие на архитектурата. Модерната архитектура доживеа потполн подем, отстапувајќи го подоцна своето место на постмодерните архитектурални појави, така што денес имаме ситуација на пловење во архитектонската река која не знаеме каде се влева, но во својот несопирлив тек прима матни но и бистри притоки. Таа река условно би ја нарекле плурализам или нешто како мирољубива коегзистенција на сите можни стилови. Модерната и постмодерната архитектура отворија низа прашања и проблеми, а мојата книга "Сто и единаесет тези за архитектурата" е токму резултат на желбата да дадам сопствен придонес во расветлувањето на одделни состојби во овој архитектурален вриеж. Како автор, моја определба беше не да презентирам формули и готови решенија туку да дадам импулси за нови размислувања на овој план. Тоа го чувствував како општествен долг. Секоја теза во книгата е понудена како архитектонски проблем со повеќе можни решенија. Мојата книга ќе ја постигне својата цел само во случај ако ги поттикне архитектите кон нови размислувања од оваа сфера кои не мора да бидат во согласност со ставовите презентирани во овој труд, а исто така, успехот на книгава ќе го сметам за потполн ако таа како информација биде користена и од сите оние кои поради општествената функција што ја вршат во одреден момент се ставени во положба на нарачувачи на услуги од архитектите со што ќе можат активно да се вклучат во изнаоѓањето на оптималните решенија на овој план, ни рече на

крајот архитектот Борис Чипан.

Борис Чипан е архитект со општојугословенско реноме. Меѓу другото, тој ги има проектирано судските згради во Битола, Штип и Титов Велес, како и зградата на Македонската академија на науките и уметностите во Скопје. Добитник е на највисоките признанија и награди за врвни остварувања во областа на архитектурата.



ВЕЧЕР, Рубрика Култура, 12.02.1986
Новинар Ташко Ширлов


15.04.91.
18.02.91.

# ПОСЛЕДЕН БРАНИТЕЛ КАКО СУДБИНСКИ ПРЕДИЗВИК



Монографијата "Света Софија - катедрален храм на Охридската архиепископија" предизвика големо внимание во нашата културна јавност. Од повеќемина видни македонски интелектуалци делото беше прогласено и како настан на годината што измина. Како сега, од одредена дистанца, откако работата е завршена, гледате на создавањето на оваа "хронографија на историјата на Охрид"? Нуди ли чувство на исполнетост делото што веднаш го заплиснаа грст пофалби?

Искрено речено и јас сум изненаден од големиот публицитет во медиумите но и во личните контакти со познаниците. Кон такви одгласи, верувам, придонесе и промоцијата на книгата. Едно, заради големиот број на зрели интелектуалци; второ, поради поемата на Прличев "Илјада и седумстотини шеесет и второ лето" испеана од неколку љубезни членови на хорот на Архиепископијата. Присутните, а нарочно охриѓаните, добро сетија каква е врската меѓу поемата и монографијата за охридскиот катедрален храм. Делото на Прличев со кое бил овенчан како "втор Омир" го одразува неговиот поетски Олимп. Но, оваа поема најдлабоко го изразува ваквиот копнеж на охриѓаните и ја отсликува величествената историја на градот Охрид низ трагичниот крај на неговата "Патрикана". Поучно и за современите збиднувања во Македонија, зарем не?

Ќе сакате ли за нашите читатели, накусо, да објасните кој беше поводот да се зафатите со едно вакво капитално дело, да се соочите со мистеријата на вашето детство,

што сега е тага по годините што изминаа?

Поемата на Прличев е испеана со липот и очаеност пред темните сили на неправдата и судбинската проклетија на македонецот. Нескромно е да се споредувам со него. Мислам дека и монографијата за Света Софија е создадена врз такви чувства. Белите коси, пак ја повикуваат имагинацијата на невиното детство. Зрелите години по биолошка потреба се враќаат кон зачетоците на животот. Кој беше поводот? По пензионирањето и наградата "11 Октомври" за животно дело се повлеков во професионална илегалност. Имав и сериозни лични трауми. Но, архитектурата не е професија за мирување. Ако не го работиш првото, те тера да го работиш второто. Пишувањето притоа беше и најдобар лек за надминување на траумите.

"Време е да се пресоздадеме во чинари што траат со милениуми, да ги разграниме корените..." велите во книгата. Колку, според Вас, проникнувањето во минатото, во сопствената традиција е нужност за иднината?

Пред "чинарите" во книгата има и нешто друго. "Ние сме денес врби и јасики, дрва без корен кои чекат да бидат кутнати и од најмала бура. Чинарите траат со милениуми. Со проникнувањето во традицијата нашиот живот се продлабочува: нема да бидеме луѓе од само еден човечки век, туку гиганти со стотици животи.



Како исклучителен познавач на македонското градителство низ вековите и "длабоко загледан во модерната архитектура" (како што вели еден ваш колега) како го оценувате актуелниот миг во нашето современо градителство?

Непрекинато ја повторувам најбитната карактеристика за архитектурата: Таа е како огледало во кое најобјективно се пресликува општеството. Какво општество таква архитектура. Што повеќе да кажам? Ако треба да го оправдам актуелниот миг, би додал дека имаме мигови на блесоци во минатото и блескави потенцијали за иднината. Денес правиме најмногу што можеме и колку што ни овозможуваат оние кои раководат со општеството. Сепак, стои прашањето за избор; во историјата не се паметат владетели заради нивните лични вредности туку многу повеќе затоа што знаеле да одберат одлични реализатори на нивните замисли.

Честопати знаевте да се произнесете против загрозувањето на автентичноста на градбите од минатото. Каков е вашиот впечаток за заштита на културно-историските споменици и каква таа би требало да биде?

Ова прашање бара поширока елаборација. Дел од одговорот е содржан во претходно кажаното. Нека бидеме оптимисти: спомениците на културата опстојале многу векови и во многу полоши услови. Кога во педесеттите години ја работев конзервацијата на "Света Софија, на еден пријател, хуморист, му се пожалив од страв, нешто неочекувано

да ми се урне! Тој ми одговори: Ајде будалче! Храмот стои илјада години и само тебе те чека да се урне!

Користењето на цртежот и неговите значења е една од карактеристиките на вашата работа. "Кај Чипан архитектонскиот цртеж е како акт, дело, дејствие, на едно остварување и ја има дразливоста на едно ликовно творење со специфичен израз" (- ќе рече професорот Поповски, говорејќи за Вашата книга. Колку цртежот е значаен во создавањето на архитектурата?

Цртежот е основниот инструмент на архитектонското изразување. Ако се повикам на претходната дефиниција, Архитектурата (со големо А) ја разбирам како филозофија на мислење. За разлика од филозофите кои се изразуваат со зборови во дебели, пишувани книги кои, патем речено и тешко се читаат, архитектот мисли преку цртеж. И најбаналната мисла се изразува ликовно. Тоа е технологија која се учи на самиот почеток од професионалното образование.

"Зарем секое вистинско дело на духот не е и истовремено длабоко исповедување?" - велите. Вашата "исповед" е означена како литературно, архитектонско-урбанистичко и археолошко дело, единствен архитектонско-научен потфат. Колку вистинскиот творец, вистинскиот градител треба да биде единство на најразлични дејности на човековиот дух?

Ова е вистинското прашање за секој архитект. Веќе одамна живееме во епоха на тесна специјализација и потреба за се повисока продуктивност. Но, кај еден учен социолог прочитав: специјализацијата ги обврзува луѓето да познаваат само еден мал дел од целината која останува привилегија само на посветените: оние што управуваат со модерната цивилизација. Тајното знаење е прастара технологија за потчинување на луѓето. Таков е денешниот свет. Но, Архитектурата е против таквиот свет. Од една страна таа е наука, техника и економија, од друга пак, филозофија, уметност и идеологија (во добрата смисла на зборот). Во поново време Архитектурата ја привлекуваат и нови науки како социологијата, психологијата, а да не зборуваме за историјата - мајката на знаењата. Уметноста ја подразбира литературата и музиката. Така, вистинскиот архитект стои пред судбинскиот предизвик да биде последен бранител на она што биле неговите претходници низ столетијата: античките и ренесансните мајстори-градители.



НОВА МАКЕДОНИЈА
Лик разговор: Борис Чипан
Гоце Ристевски

С Т А Т И И

Часописи Дневен печат - додаток за култура

- Нова Македонија - Политика

...рачува бурната историја низ илјади-
лети. Геостратешката положба на нашата тери-
торија беше предодредена да служи како врска
меѓу културите на Истокот и Западот и да
подлесува влијанието на нивното вкрстување.

Наспроти на многубројни политички про-
мени во текот на времето ~~...~~ југословенските
народи останале на своите територии и сочува-
ле својата етничка и политичка егзистенција. Во
тешки периоди нивните држава има незави-
сност и голема сила.

Во времето на слобода па дури и во време-
то на ропството народниот гениј ~~...~~ се покажа
[illegible]регки. ~~Културите на Истокот и Западот~~ Пре-
[illegible] на предителите и уметниците кул-
турите на Истокот и Западот беа преобра-
[illegible]ка што ~~се~~ создадоа национални стилови во
[illegible]ките на поширокиот контекст на една
[illegible] друга културна епоха.

Индустриската револуција од XIX в. и бројни
[со]цијални промени во Југославија се појавија
[ду]ри во ~~во~~ почетокот на нашиов век. Пора-
[illegible]ните градови и села ги напуштија сосема
[illegible]ка феудалните традиции а како последица
[на] таков развиток, во многу локалитети се
[со]здаваат урбанистички ансамбли, такви
[illegible] ги создаде традиционалните градители
[ду]ри помеѓу двете светски војни и народно-
[осло]бодителната револуција. Нашите градо[ви]



# Конзерваторски реализам


II.
1:50

# "СВ. СОФИЈА", ОХРИД КОНЗЕРВАТОРСКИ РАБОТИ НА АРХИТЕКТУРАТА



Систематските конзерваторски работи на "Св. Софија" во Охрид започна во 1950 година. Во октомври месец истата година, специјално формираната комисија на стручњаци од целата земја донесе заклучоци - врз основа на испитувања врз самиот објект - по принципиелните прашања и во духот на општите принципи за конзервација, според кои, во најголема мера, работите беа извршени. Тие заклучоци се следните:

1. Треба доследно да се почитуваат принципите на конзервација и во никој случај да не се реставрираат едни форми на сметка на другите. Остатоците од сите историски епохи, во однос на конзерваторската постапка, имаат еднакво значење.

2. Со сонди и ископувања во поширок обем треба да се испита состојбата на темелите и носивоста на подлогата поради тоа што, постои сомнение дека примарните причини за деформација на ѕидовите и сводовите се во самата почва.

3. Заради правилна постапка на конзервацијата, треба најитно да се пристапи кон испитување и проучување на археолошките, архитектонските и ликовните вредности на споменикот.

4. Обезбедувањето на ѕидовите и сводовите да се изврши со најповолна употреба на армирано-бетонски серклажи и железни затеги, водејќи притоа особено сметка со овие интервенции да не се измени историското и естетското единство на зградбата.

5. Секаде каде што е можно да се изврши инјектирање на ѕидовите со цементно

млеко, имајќи ги притоа особено предвид можностите за штето влијание на цементот на деловите од ѕидовите на кои се наоѓаат фрески.

6. Заради ефикасна заштита од атмосферски води, во целина да се преработат сегашните покриви кои се наполно дотраени. За да се избегне понатамошното оптоварување на сводовите, новите покриви да се конструираат така што нема да се потпираат врз стабилните конструктивни елементи (средните столпци во наосот), не менувајќи ја притоа силуетата и хроматскиот изглед на покривачот. Во приземните зони околу градбата да се изведе ефикасен систем на дренажа со цел и овде да се отстрани штетното влијание на атмосферските води.

7. Да се изработи урбанистичко решение на околината на споменикот имајќи го предвид и снижувањето на насипаната улица кај западната фасада, која треба да се снижи до првобитното ниво што може лесно да се одреди според приземјето на ексонартексот.

Во 1951 година работите, главно, беа ограничени на испитување на почвата и проучување на самата градба и тие ги дадоа следните поважни резултати:

1. Денешната градба се наоѓа делумно врз темелите на постара градба, која датира веројатно од IV-V век н.е. Оваа особено се однесува на северниот и јужниот ѕид на црквата, кои се надѕидани врз постари ѕидови, чии темели одат до длабочина од 4,80 м под сегашното ниво на подот. На длабочина од 3,80 м се најдени остатоци од под на постара градба.



2. Со откривањето на темелите од средните столпци, кои се изместени кон исток за време на турската реконструкција, се потврдија поранешните претпоставки за трансептот и првобитните форми на градбата во централниот дел.

3. Почвата под археолошките слоеви, која почнува на длабочина од 4,00 м е квалитетна и е составена од мешавина на песок, чакал и глина, што, пак, ја задоволува претпоставената носивост на почвата од 1,5 - 2,0 килограми врз еден сантиметар квадратен. Состојбата на темелните ѕидови и самите темели ги задоволуваат овие параметри. Со ова е отфрлено сомнението дека почвата е причина за деформации, а со тоа отпадна и потребата за конзерваторска интервенција во темелите. Исклучок чини само западната фасада, каде сондирањата покажаа дека таа е изградена врз темел со длабочина од само 1,0 м под сегашниот под и дека лежи врз археолошки слој до длабочина од 2,80 м. Овде оправдано постоеше сомнение во можноста темелот да ја носи фасадата. Но, понатамошните испитувања го отстранија и ова сомнение: темелот е изграден од огромни камени блокови и со такво проширување на темелот до површина која лежи врз почвата и до толку зголемена што одговара на оптоварување од 0,80 килограми по сантиметар квадратен, имајќи ја предвид консолидацијата на почвата во текот на вековите.

Од овие причини отпаднаа и предвидените интервенции за зголемување на

носивоста на почвата, и се ограничивме само на засилување на темелите со инјекции од цемент.

4. Во текот на деталните архитектонски снимања на објектот забележани се сите пукнатини во ѕидовите и сводовите и проучени се причините за нивното настанување. Со тоа е издвоена група на пукнатини која се создала како последица на внатрешните сили и пореметувања на рамнотежата од оние кои се создадени под влијание на надворешните фактори (атмосферски води, механички удари и сл.). Врз основа на ова одредени се постапките во работата.

## НАОС

Најважниот проблем од архитектонскиот дел на зградата беше јужниот ѕид на црквата. Елаборатот за неговото исправање во вертикална положба го разработив врз основа на идејниот предлог на проф. М. Мушиќ и врз извесни коректури од страна на арх. Форлати од Венеција. Елаборатот е усвоен и од комисијата.

Подготвителните работи траеја околу два месеци и притоа се извршени главно, следните зафати:

1. Сводот над ѓакониконот е во потполност демонтиран.

2. Поради ослободување на врските помеѓу ѕидот и покривот, тој требаше делумно да се демонтира, но притоа, ѕидот да не биде изложен на дождови во текот на подготвителните работи, покривната конструкција е потпрена на 1,20 м од ѕидот, со тоа што делот над самиот ѕид да биде отстранет непосредно пред самата операција на исправање.

3. Со последователно засечување и бетонирање во парчиња со 1,50 м должина изработена е оска на вртење на местото каде што почнуваше деформацијата на ѕидот, т.е. на 1,30 м од подот на црквата. Поради тоа што на западниот дел од ѕидот деформацијата почнуваше на поголема висина (2,80 м од подот), оската на вртење е направена на тој дел на таква висина, а ѕидот овде беше пресечен вертикално по целата висина.

4. Таканаречената дрвена арматура со која требаше да се зголеми хомогеноста на ѕидот во времето на исправање, направена е од хоризонтални греди со димензии 16 х 24 см на растојание од 0,60 м и вертикални греди 20 х 20 см на секои 2,0 м во хоризонтална насока. Внатрешниот и надворешниот систем беа меѓусебно поврзани со железни затеги 25 мм на секои 2,0 м, т.е. на секоја вертикална греда беа монтирани железни затеги 35 мм составени од четири дела меѓусебно поврзани со три алки за завртување. На другиот крај затегите беа провлечени низ северниот ѕид на црквата и анкерувани во јаки дрвени греди,

кои со целата должина се потпираа врз надворешната површина на ѕидот.

5. За да се ослободи од врските со соседните ѕидови кај аголот на апсидата и кај нартексот, јужниот ѕид е пресечен по целата висина до оската на вртење. Постојните пукнатини беа користени за изработка на овие засечувања, при што се водеше сметка за што помало оштетување на фасадата.

Од 2 до 4 мај 1953 година, во присуство на членовите на југословенската Комисија за "Св.Софија" и други гости, извршено е исправање на ѕидот.

Од непроценлива корист, во завршните подготовки и за време на самото исправање беше личното присуство на г-дин Фердинандо Форлати и неговиот асистент г-дин Бастианело Романо.

Исправањето е извршено во две етапи. За два часа на 2 мај, најнапред е исправен помалиот западен дел од ѕидот, со претходно исполнување на празнините во неговата внатрешност со бетон. Бидејќи на овој дел немаше хоризонтални деформации, исправањето е извршено комбинирано со мала торзија на ѕидот, при што делот до нартексот беше повлечен само за 16 см, додека другата страна беше повлечена за 48 см.

За другите два часа, на 4 мај, извршено е исправање на другиот, поголемиот дел ѕидот. Бидејќи овој дел имаше поголема хоризонтална деформација, најнапред овој дел од ѕидот беше повлечен во релативна вертикала. Кај аголот на апсидата беше повлечен за само 8 см, а кај допирот со помалиот дел за 48 см т.е. до израмнување на двата дела. Кога движењето на крајните точки беше запрено со дрвените клинови во оската на вртење и кај хоризонталните потпори во висината на затегите, се пристапи кон исправање на хоризонталната деформација со завртување само на трите средни затеги.



Веднаш по исправањето, празнината во оската на вртење беше затворена со добро набиен цементен малтер, а потоа се пристапи и кон инјектирање на целиот ѕид со цементно млеко.

И северниот ѕид на црквата имаше слична деформација, но таа беше многу помала и затоа неговото обезбедување е извршено со помош на серклажи и железни затеги. На нивото од постојните дрвени серклажи и затеги, монтирани се три јаки железни затеги анкерувани во бетонската маса на серклажите врз северниот и јужниот ѕид. Железните затеги се маскирани со специјално издлабени стари дрвени греди така што оваа интервенција не е видлива. На ист начин со помош на затеги е извршено и обезбедување од деформирање на сводот над проскомидијата.

Во текот на работите за поставување на армирано-бетонски серклажи, на северниот ѕид беше пронајден изгниен дрвен серклаж направен од две јаки греди поврзани со помали парчиња. Со отворање на дупки на одредени места во фасадата почистени се празнините

од гнилежот и во таквите празнини е направен армирано-бетонски серклаж за кој многу згодно беа анкерувани гореспоменатите железни затеги.

Освен пломбирање на сите оштетувања и пукнатини, кои на овие ѕидови беа создадени од секундарни надворешни влијанија, во приземните делови, почнувајќи од 1,5 м под подот и сѐ до висина од 2 - 3,5 м, извршено е инјектирање на ѕидот со цементно млеко при што се водеше сметка за деловите на ѕидот покриени со фрески кои не беа инјектирани. На крајот дојде на ред и реконструкцијата на демонтираниот свод над ѓакониконот и подготовка на горните површини од наосот за преработка на покривната конструкција. Бидејќи стариот покрив беше целосно симнат, чистењето на површините над сводовите даде и неколку нови податоци за историјатот на црквата. Во насипаниот слој од малтер над централниот свод и над олтарот беа пронајдени голем број на земјени садови со различни форми по потекло од византискиот и словенскиот период. Садовите беа поставени со отворите надолу, со цел да се олесни оптоварувањето на сводот. Покрај тоа, се наиде и на една поголема маса од растопено олово помешано со малтер што, од една страна, може да укажува на претпоставки за првобитниот покривач на црквата, а, од друга страна, да укажува на голем пожар.

Кога беа изградени армирано-бетонските серклажи над сите ѕидови од наосот, се пристапи кон изработка на нов покрив, но такашто да не бидат оптоварени надворешните ѕидови. Покривањето беше извршено со стари ќерамиди и особено се водеше сметка патината на ќерамидите да остане од горната страна, т.е. што помалку да се забележуваат последиците од препокривањето во хроматски вид.



## НАРТЕКС И ЕКСОНАРТЕКС СО КУБИЊАТА

Посебно чувствителен проблем претставуваше западната фасада од почетокот на XIV век. Како што веќе спомнавме, причините за деформациите беа согледувани во слабоста на темелите, но на крајот стана јасно дека фасадата е загрозена најмногу од притисоците на сводот над приземјето. Горните делови од фасадата кои беа во потполност уништени, во за нас непознато време и реконструирани на многу примитивен начин, сѐ уште беа загрозени од деформираниот покрив.

Предлогот, хоризонталните притисоци од овој свод да се намалат така што би се намалила неговата дебелина за половина, мораше да биде отфрлен од проста причина што тој веќе беше тенок.

Со откривањето на одделни делови од горните површини на кубињата, кои беа растресени од влијанијата на атмосферските води, наидовме на систем од стари дрвени





серклажи. Со понатамошно испитување на ѕидовите во ексонартексот констатиравме дека дрвените серклажи како конструктивен систем биле употребувани секаде каде што имало таква потреба. Имајќи предвид дека во најголема мера дрвените греди од овие серклажи беа во гнилеж, се постави прашањето за нови армирано-бетонски серклажи наместо дрвените. Во нивото на потпорите од сводот на приземјето, т.е. кај појасот на најголемото дејствие на хоризонталните притисоци од сводот се претпостави постоење на дрвени серклажи. Со отворање на ѕидот на неколку места од надворешната и внатрешната страна, овој серклаж е пронајден. По исчистување на празнините, дрвениот серклаж беше заменет со армирано-бетонски. Со железни затеги анкерувани во овој серклаж и во внатрешниот ѕид на ексонартексот, на местото на старите дрвени затеги се создаде систем за отстранување на хоризонталните притисоци. Истото е повторено во нивото на подот на првиот кат, со тоа што затегите беа провлечени преку нартексот и анкерувани во ѕидот на наосот.

Потоа се пристапи кон горните партии од двата нартекса. По симнувањето на стариот покрив, со длабење во ѕидовите, без да бидат оштетени нивните фасадни делови, создадени се лежишта за армирано - бетонските серклажи. За да биде овој систем од серклажи што поефикасен, низ средните полиња се провлечени три железни затеги, за да

се оневозможи понатамошно деформирање на горните партии од нартексите. По извршената работа, од сето ова ништо не остана видливо. Покривната конструкција е направена по нов проект, но со одбран стар материјал бидејќи останува видлива поради тоа што нема таван.

Откривањето на горните партии од двата нартекса даде и важни информации за изучување на архитектурата на овој споменик. Остатоците на делови од ѕидови со фрески од горниот дел на сводот од нартексот покажаа дека на овој дел во постаро време имало некаква кула, камбанарија или слично. Исто така, се отсликува постарата форма на покривот од нартексот, која била направена со едноставно втиснување на ќерамидите во масата на малтерот со кој биле формирани површините на покривот.

На најгорната линија на западната фасада, по чистењето на примитивните реконструкции, најдени се фрагментарно зачувани остатоци од оригиналниот корниз. Реконструкција на корнизот не е извршена поради недостаток на целосни податоци. Заради тоа, новата реконструкција на горната партија на оваа фасада е направена така што се видливо оставени фрагментите од оригиналниот корниз, а останатиот дел во висина од околу 60 см беше пресидан со правилни редови од тули кои се за 3 см повлечени од првобитната рамнина на фасадата. Со ова, на пластичен начин е маркирана искршената линија од оригиналниот завршеток на фасадата, над која е извршено пресидувањето.

Сите археолошки податоци за изучување на архитектурата на спомеников добиват видливи пристапи за истражувачите.

Двете кули на егзонартексот, исто така, се конструктивно зајакнати. Овде се започна со горните партии. Од кубињата е симнат покривачот направен од ќерамиди, исчистени се пополнувањата од малтер и со продлабочување помеѓу надѕидокот од тамбурот и конструкцијата на кубето, создадено е место за армирано-бетонски прстен кој го опфати целото кубе. Над тој прстен повторно е направена подлога од лесен бетон и изработен покривач од ќерамиди во варов малтер.

Извонредно ефикасна мерка беше изведувањето на армирано-бетонски серклаж во нивото на пандантифите на местото каде што од кулата излегува тамбурот на кубето. По симнувањето на покривачот од ќерамиди се покажаа траги од изгнилени дрвени серклажи. И овде е направен армирано-бетонски серклаж со кој е обезбедена кулата во рамнината на пандантифите.

Горните фасадни партии на двете кули делумно се реставрирани врз основа на податоците кои беа зачувани околу корнизите.

Овие работи претставуваат реализација на најважните проблеми кои беа поставени пред конзерваторите. Кон ова треба да се додаде и големиот број на помали интервенции како што се пломбирање на повеќе пукнатини врз фасадите и сводовите, осигурување на

скршени капители и слично.

На сите ѕидови, одбегнувајќи ги површините со фрески, направени се систематски инјектирања со цементно млеко, а веќе сега стануваат видливи поволните резултати.

Понатамошните работи беа усмерени кон завршување на целиот објект и неговата околина. На сите прозорци беа поставени нови рамки од тврдо дрво. Се пристапи кон малтерисување на ѕидните површини кои беа без фрески. Прашањето за пополнување со малтер на површините без фрески е студирано со посебно внимание. Фактот што немаше фрески под големите површини на малтерисани делови од времето на турската реконструкција, придонесе да се одлучиме за понатамошно пополнување со малтер со слична обработка и патина. Сакавме да го одбегнеме премногу немирниот впечаток кој би се создал ако беа оставени видливи структурите на самите ѕидови во внатрешноста на црквата.

Кон завршните работи припаѓа и инсталацијата на електричното осветлување која е направена по приземните партии и преку подот на црквата. Прифатено е решението никаде да не се поставуваат стабилни светлечки тела. Поставени се само приклучоци за електрика од кои може да се изведат повеќе подвижни рефлектори поставени на слободностоечки носачи и кои можат по желба да бидат подвижни.



Кон крајот се пристапи и кон уредување на околината. Врз основа на предлогот на проф. М. Мушиќ изработено е урбанистичко решение на поблиската околина и делумно е реализирано од јужната и источната страна. Кон крајот на 1955 година ќе бидат завршени и работите за откопување на улицата од западната страна и поставување на нови подови во црквата со исклучок на оние делови каде се зачувани оригиналните подови (олтарскиот простор).

По завршувањето на сите овие работи, "Св. Софија" сама по себе и со материјалите кои ќе бидат изложени во неа, ќе претставува музеј од посебно значење.

KONZERVATORSKI RADOVI
NA CRKVI SV.SOFIJE U OHRIDU
Beograd, 1955

# КОНЗЕРВАТОРСКИ РАБОТИ НА ПОЗНАЧАЈНИ СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА

## "СВ. СОФИЈА" ВО ОХРИД



Црквата "Св. Софија" во Охрид, еден од најзначајните споменици на средновековната архитектура и уметност, меѓу првите го привлече вниманието на туку што формираниот Завод за заштита на спомениците на културата во СР Македонија. И ако затечен во состојба на потполна напуштеност и руинираност, со одвај видливи фрагменти на ѕидниот живопис под наносите на вар и малтер, неговите вредности беа уште тогаш оценети високо од научниците кои стапувале со него во контакт. Со необјаснето време на создавањето, црквата доживува во средниот век еден сјаен период како катедрала на Охридската архиепископија а со доаѓањето на Турците претрпува делимично рушење и претворање во џамија, при што преостанатиот ѕиден живопис е премачкан со повеќе наноси од вар и варов малтер.

Како што забележува Евлија Челебија уште во XVII век овој споменик почнува да пропаѓа а во XIX век е сосема напуштен така што во нашево време стигна со тешки оштетувања.

По незнатните и лаички интервенции на покривот во 1949 година согледувајќи ја сета комплексност на конзерваторската одговорност, предложено е оживување на така значаен споменик на културата да се преземе со помошта на сите Југословенски републики. На предлог на тогашниот Совет за просвета на НР Македонија, - Советот за наука и култура при Владата на ФНРЈ во 1950 година донесе одлука за формирање на Меѓурепубличка

комисија од најеминентни стручњаци со задача да изврши неопходни проучувања и да предложи мерки за целосна конзервација. Комисијата ја сочинуваа: Д-р Франце Стале, академик и проф. на Универзитетот од Љубљана; арх. Александар Дероко, проф. на Универзитетот во Белград; арх. Марјан Мушиќ, проф. на Универзитетот од Љубљана; арх. Ѓурѓе Бошковиќ, проф. на Универзитетот од Белград; д-р Светозар Радојчиќ проф. на Универзитетот од Белград; Димче Коцо проф. на Универзитетот од Скопје; Мирјана Љубинковиќ, научен соработник во Народниот музеј Белград; арх. Борис Чипан директор на Заводот за заштита на споменици на СР Македонија и арх. Иван Здравковиќ, научен соработник во тогашниот Сојузен завод за заштита на спомениците на културата. Со комисијата по службено задолжение раководеа Радивој Љубинковиќ и Владо Маџириќ во времето на нивното директорување во Сојузниот Завод.

Во текот на работата, комисијата ги повикува како експерти за специфична проблематика и инж. Ѓорѓе Лазаревиќ, проф. на универзитетот од Белград, Д-р инж. Петар Серафимов, проф. на Универзитетот од Скопје, Здравко Блажиќ стручен соработник на Заводот на НР Македонија и Д-р Михајло Петрушевски, проф. на Универзитетот во Скопје.

Организацијата и раководењето со сите конзерваторски работи беше поверено на арх. Борис Чипан, а стручното раководство со конзервација на фреските на Здравко Блажиќ.



Во врска со некои исклучително чувствителни проблеми какви што преставуваа деформираните ѕидови, од јужната фасада и западната фасада кои мораа да бидат конзервирани со сета автентичност на историска документација која ја носеа врз себе, во 1951 година е побарана помош и на странски експерти, од УНЕСКО. Како такви кон крајот на декември истата година во Охрид, престојуваа арх. Фернандо Форлати, шеф на службата за заштита на спомениците од Венеција, арх. Ив Фроадево, помошник на генералниот инспектор по заштита од Франција и Чезаре Бранди, директор на Институтот за реставрација од Рим. Предлозите на експертите на УНЕСКО, заедно со извештаите за дотогаш извршените работи се печатени во "United National Review" август 1954 том 1 број 2 стр. 34-40.

На предлог на комисијата, Сојузниот Завод им овозможи на Борис Чипан едномесечен а на Здравко Блажиќ тримесечен престој во Италија и Франција со задача да се запознаат со методите и средствата кои ќе бидат применети во конзервацијата на "Св. Софија".

Во критичните моменти на работите на живописот и архитектурата во Охрид работеа врз фреските и стручни соработници од римскиот Институт за реставрација Н. Пелесони и С. Зорзето а при исправувањето на јужниот ѕид од црквата, лично арх. Ф. Форлати и неговиот асистент Бастијанело Романо.

Конзерваторските работи на "Св. Софија" траеја од 1951-1958 година со тоа што

финансирањето до 1952 година беше од Сојузни средства а после тоа до крајот, од средствата на Република Македонија.

Работите врз архитектурата се одвиваа непрекинато, изведувани од одбрана екипа на искусни мајстори на градежното претпријатие "Бетон" од Скопје (градилиште Охрид). На конзервација на фреските се работеше само во летните месеци од април-мај до септември-октомври, со екипа од просечно 20-30 лица, конзерватори и студенти од филозофските и архитектонските факултети или Академиите за ликовна уметност од сите Југословенски републики.

Од разбирливи причини, овде не е место да бидат изнесени сите резултати, постапки и методи на осумгодишната работа. За жал, и покрај извонредно педантно водената цртана и фото-документација поради нашиот работен ентузијазам и откривачки занес, пропуштена е шансата благовремено да се публицираат комплетните работи и нивните резултати. А сега можеме само да се потсетуваме на овој извонреден потфат како за херојски подвиг изнесен со најпримитивни технички помагала, би се рекло, само со творечкиот занес на една генерација, која туку што ги откриваше тајните на конзерваторската наука.

Чистењето на огромни површини на фрески од варовите наноси, извршено само по механички пат чепкајќи со хируршки скалпел можеше да биде извршено само со извонредна трпеливост и упорност во работата. Меѓутоа, симнувањето на фреските во врска со интервенциите на јужниот ѕид бараше одговорност. Во тоа време и во такви услови зачудувачкиот успех на таа операција можеше да биде постигнат само благодарејќи на извонредната околност што со неа раководеше Здравко Блажиќ, човек роден и предодреден токму за оваа работа, ентузијаст до самозаборавање кој притоа целото време дење и ноќе работеше и спиеше во фамозната дрвена барака, лишена од најординарен конфор и платен само со редовна месечна плата и додаток за одвоен живот. Тој со лична иницијатива им ги откри тајните мајстории на Институтот за реставрација во Рим, и со смелоста на светски експерт, ги примени во работата на "Св. Софија". Симнувањето со малтер и без малтер, дополнителната обработка, и пренесување на нова подлога, враќањето на фреските врз ѕидови со рамови или директно, изведено е со извонреден осет и мајсторство кое денес, дваесеттина години по извршувањето, може само со почит да се потврди како успех. Неговата смелост, базирана врз извонредно мајсторство кулминираше во симнувањето од ѕид на фреската од олтарската конха. Како инспириран експерт, со помош на мали сонди тој насети дека тука има две композиции, од два временски периода. Неговата стручност ни ја откри оригиналната композиција од XI век и ја сочува истовремено и дополнително досликаната од XII век.

Конзервацијата на архитектурата беше исто така, задача над можностите на времето и тогашните знаења. Базирајќи се врз внимателни археолошки, историски и

конструкторски истражувања на самиот објект, применети се за она време (дури и за денешно) најмодерни методи со примена на армиран бетон. Целата мрежа на сантрачи од дрвени греди, која во традиционалниот конструктерски метод ја обезбедува стабилноста на ѕидови, сводови и куполи, а која со текот на времето беше претворена во прав, се замени со армирано- бетонски елементи кои при тоа останаа повторно невидливи, и без оштетување на фасадната декорација. Најголемиот и секако најзначаен потфат беше исправањето на јужниот ѕид од наосот, накривен со повеќе од 60 см. од вертикалата и веќе изваден од рамнотежата. Го имавме искуството од таква интервенција на арх. Ф. Форлати со "Палацо деи Тречento" во Тревизо. Но и покрај сета внимателност пред самата операција, некои членови на Сојузната комисија изразија сомневање во конечниот успех. За среќа на сите, "слепата смелост на младите" беше наградена со квалитетен резултат.

Денешните објективни оценки на целокупната конзерваторска работа на "Св. Софија" во Охрид, само го потврдуваат извонредниот успех на целиот потфат, кој мора да се нарече пионерски. Пред се, тоа беше единствен југословенски полигон на кој мораа да бидат решени огромен број на разновидни проблеми од конзервација на средновековна архитектура и ѕидно сликарство а би додал и суштествени. Така, присуството на голем број млади ентузијасти се претвори во школа од која излегоа најспособните конзерваторски кадрови, кои што и денес делуваат во сите југословенски центри. Искуството и знаењата стечени на "Св. Софија" тие ги разнесоа по сите конзерваторски работилишта кои по тоа се отворија на многу југословенски пунктови. Но, работите на "Св. Софија" открија и многу други значајни сознанија.



Изучувањето на историјата на спомениците на културата е вршено дотогаш само врз основа на опсервација. Конзерваторските работи открија едно неизмерно богатство на скриени податоци. Со очистувањето на целиот живопис и навлегувањето во скриени и често невидливи архитектонски податоци можеше животот на овој споменик да биде согледан комплетно низ временскиот распон на неговото постоење. Конзерваторските работи на "Св. Софија", а подоцна на "Св. Климент" во Охрид, црквата "Св. Никола" во Курбиново, Нерези крај Скопје и други овозможија, целата историја на Мекедонската средновековна уметност да биде поставена во сосема нова светлина.

Конечно, овој потфат врз "Св. Софија" имаше и своја друга страна. Во тоа, се уште во револуционерно време, охриѓани можеа најмалку да мислат на значењето на историските споменици за туризмот. По завршените конзерваторски работи, споменикот блесна со богатството на квалитетен живопис и атрактивна историска архитектура, кои го привлекоа вниманието и на обичниот турист-посетител на Охрид.

Кога при тоа и музичарите ја открија извонредната акустичност на внатрешниот простор, црквата стана незаменлив фактор во летните туристички манифестации.

Извонредното име во светот на музиката, Леонид Коган низа години идеше во Охрид не поради добро платениот настап, туку единствено поради исклучителната акустика и атрактивност на просторот во "Св. Софија".

Ете така конзерваторските работи на "Св. Софија" изведени во едно далечно минато време, останаа само како спомен, кој не заслужува да биде заборавен. Може различно да се толкува и дури да се разбере и прости заборавноста на младите генерации, но тоа е неправедно кон учесниците во таа битка, во која е внесен сиот занес на една младост и после која, за жал, не можеше да има одликувања со орден на народни херои.

## РОДНАТА КУЌА НА КОЧО РАЦИН
- Меморијален музеј во Титов Велес

Во 1958 година, организирани се првите манифестации со традиционален карактер во спомен на големиот поет и револуционер наречен "Рацинови средби". Како општествена потреба по овој повод, се појави и реконструкцијата на неговата родна куќа во Титов Велес.

Среќна околност беше што објектот се наоѓа во една од најдобро зачуваните улици на стариот град и во извонредно атрактивен амбиент од XIX век, со добро одржувани околни станбени објекти. Со тоа, реконструкцијата на родната куќа на Кочо Рацин веќе однапред си имаше обезбедени оригинални историски рамки кои го загарантираа конечниот успех.

И овде, применет е методот на комплетна реконструкција. Денес, можам да констатирам дека овој метод е и единствениот кој гарантира каква - таква трајност на интервенцијата, без оглед на конзерваторскиот став за неповторливоста на едно уметничко дело.

Дури, сметам дека реконструкцијата на манастирските конаци во Нерези, со армирано бетонски скелет и меѓукатни конструкции, е поуспешна отколку овде, изведена само со оригинален нов материјал.

Целиот потфат е базиран пред се на претходна детална архитектонска цртана и фото документација. При тоа се означени и внимателно издвоени архитектонски детали и елементите на ентериерот, кои по рушењето можеа да бидат повторно вградени на своите места. И конечно, морам да истакнам, битен фактор во успешниот завршеток, беше непосредниот раководител на работата сега покојниот мајстор Теофил Николовски, човек кој од основањето на службата за заштита во Македонија, беше незаменлив учесник во сите конзерваторски работи, во кои ја внесе сета своја љубов и традиционално чувство за македонско градителство.

Познавајќи ја, така да се каже од своето раѓање, техниката на градење на

македонската куќа нему воопшто не му беше тешко да направи успешна реконструкција на еден објект кој претходно добро го разгледа и впи во себеси, што значеше можеби и многу повеќе од техничката и фото документација.

Соработувајќи со добро избрани мајстори, имајќи ја љубезната поткрепа на општествено одговорните луѓе од градот (Драги Николовски - Ганди, тогашен секретар на општинскиот комитет на СКЈ), реконструкцијата на родната куќа на Кочо Рацин е изведена на општо задоволство успешно и на време, за отварање на првата "Рацинова средба". Во уредувањето на ентериерот и поставката на меморијалниот музеј, покрај стручњаци од историскиот музеј од Скопје, учествуваше и целиот комшилак од кој добивме не само одлични информации за организација на грнчарската работилница и печката, туку и многу оригинален алат, прибор за работа и производи од грнчарството.

Меѓу првите посетители при отворањето на мемориалниот музеј беше и Вељко Влаховиќ, кој изрази особено задоволство од начинот како е зачуван споменот на Кочо Рацин.

## МУЗЕЈ НА ОСНОВАЊЕТО НА ЦК СКМ ВО ТЕТОВО



Едно од значајните собития во историјата на СК на Македонија се одигра во Тетово. Во разгорот на народно ослободителната борба, на 19 март 1943 година, во куќата на семејството Јовановски, се одржа првата седница на Централниот комитет на комунистичката партија на Македонија. Така, една обична македонска куќа стана историски споменик.

Со желба, да се одбележи трајно годишнината на ова значајно собитие, во 1963 година е одредена задачата да се направи мемориален музеј. Конзерваторски проблем настана кога се констатира дека на местото на Јовановци имаме само урнатини со минимални траги од куќата. За среќа, во историското одделение на тетовскиот музеј остана макета на куќата и неколку стари фотографии. Со помош на мерење на темелите и податоците од макетата и фотографиите извршена е реституција, пред се во оригинален материјал. Во реституцијата помогнаа и очевидци, кои ја паметат куќата со свои усмени објаснувања. Со цел, да му се даде и поголемо значење на амбиентот, кон стариот двор на Јовановци, додадено е уште и соседното дворно место кон југ. Така е создаден поголем комплекс со терасесто подѕидани површини на кои и старата вегетација одигра своја композициска улога.

Еден амфитеатар на отворено, непретенциозно вклопен во партерно зеленило, се појави како функционална композиција на скучениот простор на куќата во смисла на

музејската дејност.

Архитектонскиот и урбанистичкиот третман на целиот амбиент, остана вклопен и во поширокиот простор на едно тетовско маало, благодарејќи на општа просторна организација блиска до амбиентот и употреба на традиционален материјал (пред се камен) во традиционална техника и форми. Затоа овој комплекс иако одново реституиран и со нова програмска функција, остана да живее и понатаму сраснат со својот историски антураж.

## КОНЗЕРВАТОРСКИ РАБОТИ НА ОХРИСКАТА ТВРДИНА

Градот Охрид и посебно неговиот дел на брдото, не може да се замисли без охридската тврдина. Многу повеќе од ископините на античкиот период и од монументалната средновековна архитектура и ѕидниот живопис кој во неа се крие, многу повеќе од питорескните улици со кокетна архитектура од XIX век, тврдината е симбол на градот. Таа физички ја именува градската територија и симболично го раскажува животот во неограничени временски распони. Нејзината форма, конструктерска структура и употребениот материјал се одрази на траењето. Луѓето и времето ја руинираат а таа сепак останува. Тврдината се уште го чува градот. Но веќе физички градот се доживува вечно зафатен од нејзината преградка.



Не постојат дилеми во врска со потребата за нејзиното чување и конзервација. Во сите досегашни а верувам и идни урбанистички решенија на градот, тврдината ќе остане значаен мотив, преку чија физичка и временска присутност не може лесно да се премине.

За жал, пречките и дилемите за конзерваторска интервенција се во исклучителната обемност на задатокот а со тоа и со огромни финансиски средства, чие инвестирање дури не ветува атрактивни резултати.

И покрај вакви неохрабрувачки перспективи, од правилното согледување на своите службени и општествено одговорни задолженија, Охридскиот завод за заштита на спомениците на културата во 1964 година презема сериозна акција за конзерваторска интервенција на Охридската тврдина. Јасно, таа уште тогаш многу не ветуваше и свесни бевме за тоа. Направено е само толку колку дозволија финансиските можности.

Пред сé, изработен е комплетен елаборат за идните конзерваторски работи, кој содржи прилично обемни томови на претходни проучувања, анализи на конзерваторската проблематика со сите архитектонски снимки на видливата структура и конечно предлози за конзерваторска постапка со предмер на работите и претсметка (која за тогашните цени на работа беше соодветна).

Елаборатот чиј автор е потписникот на ова соопштение, беше рецензиран и усвоен

од репрезентативна комисија во состав проф. Ѓурѓе Бошковиќ од Белград, проф. Димче Коцо од Скопје и Виктор Плевнеш, тогашен директор на Охридскиот Завод.

Мислам дека не ќе бидам обвинет за нескромност, ако соопштам дека елаборатот претпостави современ и ефикасен конзерваторски третман а при тоа даде и значаен низ на препораки за понатамошно урбанистичко вклопување во современите функции на градот.

Со знатен ентузијазам и со доста ограничени средства истата година започнаа конзерваторските работи на две точки: непосредно околу влезната порта во "Горни Сарај" и на дел од северниот надворешен ѕид кај месноста "Дебои". На првата точка извршени се работи на конзервација на овалните кули кои ја фланкираат портата и пред се на самата порта, чиј горни ѕид е веќе во распаѓање и можеше да дојде до потполно уривање. Заедно со пломбирање на оштетувањата на кулите и блиските ѕидни платна применето е инектирање на ѕидната маса со цементно млеко со позитивен ефект. Освен тоа изведена е и делумна реституција на поедини карактеристични архитектонски елементи како скали, рамки околу отвори и сл. со цел појасно да се презентира оригиналната функција на тој дел од тврдината. Беше истовремено предложено како овој амбиент да се адаптира во летна сцена за драмски приредби. За жал и од за мене непознати причини, на овој терен се појави една сосема друга концепција на "летна сцена" која како што е веќе констатирано не обезбедува ни минимум акустика а да не се зборува за сценски ефекти на драматично историско миље.



Работите на вториот пункт кај "Дебоите" се одвива на друг начин. Согледувајќи уште порано, дека не е изводливо претходно археолошко истражување на така голем потег макар и само по должината на ѕидините, во елаборатот беше предвидена паралелна постапка заедно со конзерваторски интервенции. На овој потег со должина од само 30-тина метри веднаш се покажа исправноста на ваквиот став, но истовремено и сета комплицираност за ефикасна работа. При првото откопување на дел од ѕидината од внатрешна страна, се открија толку археолошко-архитектонски загатки за чие одгатнување беше неопходна и мултидисциплинарна стручна екипа и повеќе време. Со тоа се доведе во прашање и конзерваторската интервенција како временски така и финансиски. Работите на овој пункт останаа незавршени. Откриеното е повторно закопано - се разбира според внимателна техничка и фотодокументација.

И воопшто, поради немање на средства интервенциите на Охридската тврдина се сопрени веќе во следната година. Таа и понатака е оставена да се брани само со елементите на сопствена трајност кои се во материјалот и градежната техника.

Меѓутоа, од овој кус период на работење остана некаков опит и повторно со дилеми кои треба да бидат пренесени на идните генерации. Пред сé, тука е дилемата за обемноста на зафатот, под јасна претпоставка дека и ако иднината обезбеди средства за

конзерваторски интервенции, тие апсолутно никогаш не ќе бидат достаточни за целосен зафат. Поуката од ова е јасна: треба да се интервенира постапно и само на најзагрозени пунктови со внимателна оценка на загрозеноста. Втората дилема која е зависна од материјалните можности на иднината е: дали по секоја цена на конзерваторската интервенција треба да претходи археолошко ископување. Нема сомневање дека од теоретски аспект ова е неизбежна потреба со доволно научна аргументација. За жал, како што покажа обидот кај "Дебоите", практичната страна на интервенцијата е исто така јак аргумент. Според тоа, алтернативата на научно исправниот став е конзервација само на видливите надземни елементи (ѕидини). Практично, тоа значи заштита на загрозените делови со тоа што археолошките откритија да бидат оставени на подалечните (а веројатно посреќните) генерации.

## КОНЗЕРВАТОРСКИ РАБОТИ НА МАНАСТИРСКИОТ КОМПЛЕКС ВО С. НЕРЕЗИ - СКОПЈЕ

По интервенцијата на Окуњев во 1928 година една затурена манастирска црква во тогаш тешко пристапното село Нерези стана особено интересна за светот на византолозите.

По чудните причини својствени на византиската мистика, во 1164 година еден принц ја изгради манстирската црква и притоа ја украси со живопис од непроценлива вредност со исклучителен квалитет на уметничкиот израз.



Во 1936 година, под стручно раководство на проф. Ѓ. Бошковиќ од Белград, изведени се првите интервенции за заштита на црквата. Покрај препокривањето и затворање на прозорите со стакла во штукатур по углед на оригиналните, значајно е откопувањето на земјата од јужната страна, која до тогаш ја покривала црквата до 1,5 м над нивото на подот, при што е изработен нов плочник околу црквата и канал за површинско отечување на атмосферските води.

По војната и формирањето на службата и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, манастирската црква беше исто предмет на особен интерес додека за конаците до извесно време се грижеше црквената организација. По смртта на последниот калуѓер (отец Атеј) во 1952 година и тие останаа препуштени на забот на времето. Извесно време во манастирскиот двор работеше и основно училиште во адаптиран манастирски конак а со иселувањето на селаните во Долно Нерези некако во истиот период и тоа беше напуштено.

Непристапноста на селото и манастирот, беше долго време причина за некоја посериозна интервенција а се чинеше дека и манастирската црква, од надвор прилично добро обработена уште со интервенцијата од 1936 година, не наметнува особени



конзерваторски проблеми освен прокиснувањето од покривот на кој во 1958-60 година, Републичкиот завод презеде посериозни работи, пред се поради заштитата на фреските од влага. Имајќи го предвид опитот од "Св. Софија" во Охрид авторот на ова соопштение, како раководител на работите (и тогашен директор на заводот) презеде и мерки за обезбедување на сводовите и кубињата. Знаејќи од напред дека на местото на дрвените сантрачи под сводовите се веќе празни дупки и дека нивната уцврстувачка функција заедно со дрвените затеги е престаната, преземени се мерки, пред се тие да се реконструираат.

Со внимателно истражување и со минимални оштетувања на фасадата, целиот систем на дрвени сантрачи во нивото на ослонците на сводовите и кубињата е заменет со армирано-бетонски серклажи а дрвените затеги се заменети со челични, при што дрвените греди останаа само како ликовен-елемент. После тоа покривот од стари керамиди е потполно симнат и по нанесување на заштита од цементна кошула над сите сводови и кубиња и поткрпување на фасадните венци, целиот објект е препокриен со керамиди сега положени врз продолжен малтер. Во исто време интервенирано е и на фреските со облепување на слободните рабови и инжектирање со цел да се зацврстат на подлогата и др.

Тогаш, во 1963 година, дојде скопскиот катастрофален земјотрес. Манастирските конаци иако од бондрук се разнишаа а делумно и се срушија а црквата остана со одвај видливи нови пукнатини. Дали црквата ја зачува Господ, или интервенција од 1958-60 година може само да се погодува. Конструкторите за сеизмологија кажаа, дека асеизмичкото градење се изведува токму така со армирано-бетонски серклаж во местата на најкритичните точки на внатрешни напони. Меѓутоа, остана стравот во следниот земјотрес да биде изгубен еден од најзначајните средновековни споменици во Македонија, на наша срамота пред целиот културен свет. Поради тоа во 1966 година од фондот за обнова на Скопје се издвоија знатни финансиски средства за комплетна конзерваторска интервенција на целиот манастирски комплекс. 

Подготовката на елаборатот и раководство на работите беше повторно поверено на арх. Борис Чипан, сега веќе професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, а инвеститор беше новоформираниот Градски Завод за заштита на спомениците на културата под директорство на Марика Хаџи Пецова.

Задачата беше поставена: комплетна конзервација на црквата со асеизмичко обезбедување за земјотрес со јачина 9° по Меркалиевата скала и реставрација на припратата. Реконструкција на конаците и нивна адаптација за современи функции (хотелско-угостителски) и урбанистичко уредување на дворот во границите на оградните ѕидови.

Елаборатот го изработив со најголемо внимание по претходно детално испитување

на загрозеноста, оштетувањата, структурата на архитектонските склопови и геолошко-гео-технички испитувања на почвата, поради извесни сомневања во стабилноста на темелите. Како експерт за асеизмичко градење статичкиот дел на предложените мерки го изработи д-р инж. Драги Велков од Институтот за сеизмологија во Скопје. Елаборатот беше рецензиран а изведувањето контролирано од репрезентативна комисија на Југословенски стручњаци во состав: Радивоје Љубинковиќ, научен соработник во археолошкиот Институт на Српската академија на науките и уметностите, проф. д-р Слободан Ненадовиќ од Архитектонскиот факултет во Белград, Димче Коцо, проф. од Скопје и д-р. Петар Миљковиќ, научен соработник во Републичкиот завод во Скопје. Со работата на комисијата раководеше Марика Хаџи Пецова.

Работите на црквата ги изведе градежното претпријатие "Морава" од Владички Хан, преку нивното градилиште во Скопје а работите на конаците и уредувањето на дворот ги изведе градежното претпријатие "Бетон" од Скопје. Поради интервенција на фреските во врска со работата на архитектурата а со цел за нивна целосна конзервација напоредно работеше екипата на конзерватори за фрески под раководство на Спасе Спировски.

Пред започнувањето на главните работи, вршени се археолошки истражувања и тоа под целата површина на црквата и на одредени сондажни правци во дворот. Со овие раководеше Бошко Бабиќ археолог од Прилеп и за нив е составен посебен стручен извештај.



За асиезмичко обезбедување на црквата изведен е додатен систем на армирано бетонски столбови и секрлажи скриени во масата на ѕидовите. Но најзначајно беше подметнувањето на нови армирано-бетонски стопи под темелите. Нов хоризонтален систем на серклажи изведен е на ниво 1,50 м. над котата на подот, повторно со минимални оштетувања на фасадата поради тоа што и на ова ниво се открија дупки од стари - дрвени сантрачи. Верикалните столбови од армиран бетон се изведени со штемување на шлицеви во ѕидната маса со тоа што фасадните елементи (камен и тула) се вадени внимателно и обележувани во мрежа на ѕидна проекција што го обезбедува нивното повторно враќање на исто место. Сите вертикални столбови се поврзани со новите армирано-бетонски стопи, преку средниот прстен на серклажи со прстенот во висина на железните затеги (изведен во 1958-60 година). На овој начин, створен е асеизмички систем од армирано-бетонски скелет, кој према статичките пресметки треба да ја обезбеди стабилноста и во земјотрес со јачина од 9° а со начинот на изведба остана потполно скриен во ѕидната маса и со ништо не ја поремети автентичноста на архитектурата.

Поради зголемување на хомогеноста на ѕидаријата, евентуално разнишана со штемувањето на шлицеви за армирано бетонски столбови, извршено е инектирање со цементно млеко. При тоа е водено сметка, цементното млеко да не допира до подлогата на фреските, освен кај североисточниот агол на црквата каде оштетувањата беа големи. На

овој сектор (североисточната кула) фреските беа симнати од ѕидот и после инектирањето повторно беа вратени со претходна обработка на подлогата.

Реставрација на припратата изведена е по проект, базиран врз податоци кои на лице место се зачувани, со тоа што предлогот за прозори и формалниот завршеток на влезниот портал со тимпанон претставуваат хипотетична реституција. Ѕидовите се изведени во оригинална ѕидарија од камен и тула а сводот од армиран бетон кој од долната страна е обележан со блокови од бигор со што се симулира оригиналната конструктивна техника.

Анализата на состојбата на конаците покажа дека се толку руинирани и со така слаб материјал, така што не е можен конзерваторски третман. Од друга страна оценката на нивната историско-уметничка вредност во смисла на неповторлива оригиналност не даде висок просек. Решено е спрема тоа, конаците да се срушат и повторно изградат од темел. Почитувајќи ја оригиналната архитектура, конаците се потполно реставрирани со нов армирано бетонски систем од столбови и ситноребрасти меѓукатни конструкции а обработката на видливите елементи со оригинален материјал (камен, дрво, ќерамиди и сл.).

Во распоредот на просториите извршени се извесни корекции зависни од новите функции (кујна за ресторан, санитарни чворови и сл.). Целиот комплекс снабден е со модерен систем на греење и вентилација, водовод и канализација. Старото училиште е изоставено од реставрацијата и на негово место е направена тераса за угостителскиот објект.



Реставрацијата на конаците, без претензии за преѕидување на автохтоната оригиналност, беше пред сé неопходна за зачувување на манастирскиот комплекс, како урбанистичка целина. Во составот на уредениот двор со оградни ѕидови, плочници, тераси и зелени површини, конаците мораа да се појават како симболичен архитектонско урбанистички мотив.

Конзерваторската интервенција на црквата, особено поради извонредно опасното поткопување на темелите не помина без драматични сцени на сомневања и ноќни авантури. И овде, верувам не за последен пат, на извонредно значајниот, со безценета вредност живопис, му се спротистави привидно слепата смелост на сите ризици и опасности кои ги носеше со себе подметнувањето на нови армирано бетонски темелни стопи. Самиот објект односно ископ во внатрешноста на црквата до длабочина на оригиналните темели (-1,00 до 1,50 м.) даваше слика на загрозеност од непосредно уривање. Но и понатаму требаше да се поткопуваат кулите, всушност главните ослонци на сета конструкција од кубињата и сводовите. Со извонредна смелост но и со доволно познавање на делувањето на конструкциите, со местимично акробатски потпирања парче по парче, изведени се армирано-бетонските стопи под целата површина на кулите, секоја со димезија 5,00 x 5,00 x 0,60 м. Ноќните авантури се одиграа, кога среде оваа работа се натурија поројни дождови со опасност да навлезат во поткопите и со омекнување на глинената подлога, да ја загрозат

и во еден момент уништат, не само нашата работа, туку и целиот споменик. Во таква борба со стихијата, уште еднаш човекот излезе како победник, а можеби и се потврди старата поговорка "на смелите и среќата им помага". Размислувајќи сега со своите 60 години, за овие моменти, можам да констатирам дека тоа беше и последната "конзерваторска лудост" која архитектот Борис Чипан си ја дозволи, како драматичан крај на неговата конзерваторска кариера. За помладите конзерватори сега веќе снабдени и со најмодерни технички помагала, може тоа да биде опомена но и поттик.

Во текот на сите работи, имав одлична стручна помош и соработка со комисијата. Многу спорни прашања од конструктивен, историски, естетски и други аспекти, беа решавани со општа согласност. Кон крајот, меѓутоа, мислењата се поделија во врска со покривот. Проф. Ненадовиќ, предлагаше покривач од оловни плочи, како најстабилна, најтрајна и најефикасна заштита од атмосферски води. Квалитетите на овој покривач никој не ги негираше но дилемата настана околу ликовните аспекти. Без оглед на тоа што, можеби и сите манастирски цркви во Македонија биле првобитно покриени со оловни плочи (што не може и со сигурност да се потврди), низ долговековниот период на турска доминација, ние ги познаваме со покрив од керамиди. Со замената ќе се изгуби, еден важен ликовен елемент кој историски е вткаен во нашата свест.



Останувајќи на овој став, јас се повлеков од натамошната работа а како што е познато, дополнително е изведен покрив од оловни плочи, под стручно раководство на арх. Ничота а подоцна е завршена и комплетната интервенција на фреските.

На крај морам да истакнам уште една констатација, како последица на целосниот третман на манастирскиот комплекс. Од една страна пристапниот пат за моторни возила, непристапниот амбиент го доближи до скопјани на само десетина минути. Од друга пак страна, без оглед на критики изразени во врска со реставрацијата на конаците современите функции го направија амбиентот привлечен за публика, која никогаш не се интересирала за историски споменици. Таа оди таму поради добро јадење. Но, при тоа чуствува обврска кога е веќе тука и да влезе во црквата. Евиденцијата за посета во последниве години, докажува дека фреските во Нерези ги запознале и такви луѓе, кои никогаш не виделе друг, средновековен споменик. Мислам дека и тоа нешто кажува за ориентација во иднината.

30 ГОДИНИ ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје 1983
**Извадок од Јубилеен зборник од стр. 215 до 225**

# РАЗУРНУВАЧКА ШАЛИТРА ВРЗ ФРЕСКИТЕ

**Содржина на извештаите за културно-историските споменици - параван зад кого се прикриени други состојби. - Нерасчистени сметки помеѓу Скопје и Охрид. - Зошто е алармиран Републичкиот комитет за култура**



Системот за аларм го вклучи Републичкиот комитет за култура. На 9 мај оваа година свикана е седница на Комитетот со присуство на истакнати научни и културни работници. Дневниот ред за оваа седница изгледа како за научен колоквиум:

1. Актуелни прашања и проблеми во заштитата на спомениците на културата во Републикава;

2. Осврт кон сочувување на автентичноста на спомениците на културата за време на нивното проучување, конзервирање и презентирање, - и

3. Научно-истражувачката работа во областа на заштитата како услов за остварување на дејноста, нејзиното програмирање и финансирање.

Материјалот приложен за седницата е стручно подготвен. Едната комисија на Републичкиот конзерваторски завод ја анализира загрозувачката состојба на највредните македонски икони изложени во новата галерија во Охрид. Втората комисија од истиот завод ја презентира алармантната загрозеност на фреските нападнати од разурнувачка шалитра како последица од прокиснување на покривите. И овде се во прашање најквалитетните споменици во Републикава: "Света Софија", "Свети Климент", "Свети Никола - Болнички", "Свети Наум" во Охрид, "Свети Ѓорѓи" во Старо Нагоричане, "Свети Никола" во Прилеп - Варош;."Свети Ѓорѓи" во село Курбиново.

Директорот на Заводот за конзервација, архитект Драган Бошнаковски ги набројува

растурените покриви на истите споменици со додаток на "Воведение" во село Матејче кај Куманово. Најпосле и една комисија на Заводот за заштита ги систематизира научните истражувања како услови за остварување на секоја конзерваторска интервенција, почнувајќи од документацијата, преку аналитичко-синтетичките истражувања кои се неодминливи предуслови за еден конзерваторски проект и реализација.

## СТРУЧНИ КАДРИ

Меѓутоа, мојата изненаденост од содржината на дневниот ред во текот на расправата преминува во истинска загриженост кога ми станува јасно дека содржината на овие извештаи е само параван зад кои се прикриени други состојби.

Јас бев директор и главен конзерватор на единствениот Републички завод за заштита од неговото формирање до 1959 година, а имав впечаток дека во тој десетгодишен, прилично успешен период конзерваторските проблеми како научни принципи теориски и практично се решени. Десетгодишната работа на охридската "Света Софија" и други значајни споменици не состави во плодоносни контакти со италијанските и француските конзерватори, за она време стручно и научно најквалификувани. Бевме убедени дека, врз основа на таква изученост, успешно ги научивме и решивме најбитните проблеми за конзервација на архитектурата и живописот. Сите, тогаш млади ентузијасти, учесници во работата на "Света Софија", сега работат по цела Југославија, како успешни стручњаци кои дури изнесуваат искуства и во странство, (Египет, Кипар и сл.). Нашата пракса и соработката со експертите на УНЕСКО не презентираше успешно и во европскиот простор. На првиот меѓународен Конгрес во Париз 1957 година резултатите од "Света Софија" и југословенската заштита стоеја на исто рамниште со сите во Европа. Чување на автентичноста (да се конзервира, а не реставрира), значењето на научната подготовка и документацијата во подготовката и реализацијата на конзерваторскиот проект - сето беше веќе достигнато ниво и проверо во пракса.

Читајќи го овој научно-стручен материјал за седницата ни се наметнува опасно прашање: што остана кај нас од тоа знаење? Во заводите уште работат поприличен број конзерватори од времето на "Света Софија".

Новата пракса и развитокот на науката го следи оној почеток, и би додал стимулативен период, донесува и нови сознанија. Зар не се надоградивме на тоа богато искуство? Од еден деградиран простор каков што беше припратата на "Свети Климент", охридските икони преминаа во нова - за таква цел проектирана галерија. Алармот е привиден. Проблемите за нивната загрозеност како стабилност на температурата и влажноста, заштитата од пожар и кражба стојат во нејзината недовршеност. Со уште малку

додатни пари, во истиот простор, може да се обезбедат максимално добри услови. Зад остриот наод на комисијата скриени се непречистени сметки помеѓу Скопје и Охрид.

Но изненаден сум од состојбата на фреските во набroените споменици, уште повеќе ме изненадува податокот дека за санирање на нивните покриви биле обезбедени и финансиски средства. А проблемот за покривање е сведен на една фатална, но повторно привидна дилема која ја попречува реализацијата: олово или керамида. Повторно се појавува стручна дилема зад која се кријат, како беше изнесено и на седницата, борба за престиж на одделните струки кои учествуваат во конзерваторските тимови. Значи, стигнуваме до битниот проблем - организација и операционализација.

## ПАНИЧНОТО ФАЌАЊЕ ЗА ГЛАВА

Мене не ми е се јасно. Но оние кои се секојдневно внатре во заштитата треба да знаат нешто што не го кажуваат доволно гласно. А помеѓу 60-тите години и денес се случи уште нешто. Заштитата е поделена на два републички завода, и неколку регионални како што се скопскиот, кој изгледа работи добро, и охридскиот, со кого републичките имаат нешто за дорасчистување. Во сите нив, покрај старите дојдоа и нови кадри. Се чини дека помеѓу нив е дезинтегриран опитот од "Света Софија". Дезинтегрирани се научните знаења а со тоа и поместено тежиштето од општествен кон личниот интерес. Помеѓу заводите и помеѓу кадрите. Не може поинаку да се објасни таквото ламентирање на Бошнаковски за најценетото културно наследство. Тој е најнов во заштитата и толку повеќе можела да го шокира една состојба која треба да се изрази само со панично фаќање за глава. А сега ми станува јасно зошто и Републичкиот комитет е така алармиран.



Сегашнава состојба е флуид помеѓу научната специјализација која делува дезинтеграторски и очигледната потреба од синтеза на знаењата. И во современата архитектура, разделеноста на проектирањето и изведбата се негативни за крајниот резултат. Во конзерваторската работа тоа е фатално. Поради историската невозможност проектот да предвиди сé. Во текот на работата искрснуваат најбитните прашања, а одговорите се бараат дополнително. Со повеќе заводи и компетенциите се дезинтегрираа а очигледно не направивме напори сето да го организираме во ефикасен систем од делотворни состојби. Самоуправувањето очигледно и овде не е на здрави нозе. Хиерархија на авторитети е неопходна за успех. Но, авторитетите треба да се изборат за место во системот со резултати во работата, а не со научни титули.

НОВА МАКЕДОНИЈА, Сабота, 19.05.1984

[illegible]

## ПАНИЧНОТО ФАКАЊЕ ЗА ГЛАВА

[illegible]

НОВА МАКЕДОНИЈА, Скопје, 1996-2004





# Културна историја и современост

# СОВРЕМЕНА ИЗГРАДБА И СТАРАТА ГРАДСКА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА

## I. За народната архитектура во Македонија



Во XVII и XIX век градовите на Македонија доживеа економски подем како резултат на засилената трговија и занаетчиство. Ваква економски јака база, беше предуслов за градење на пространи станбени згради во програма што беше одраз на повишениот општествен ниво по однос на потребите и вкусот. Дури во почетокот на XX век, крајот на Отоманската империја за нас го означи и крајот од епохата на феудалните односи и примитивното производство со сите последици што ги донесоа капиталистичките односи.

.Во новите услови кога од Запад започна активно да се инфилтрира во нашиов живот не само новиот поим за општествените односи, туку и една нова естетика во уметноста, старата градска куќа ја загуби причината на своето постоење. Новата класа на младата буржоазија, единствено способна да гради сметаше за нужно да ги овоплоти новите разбирања и во архитектурата на својата куќа по образецот на индустриски јакиот Запад. Со тоа старата архитектура престана да се развива и остана во минатото, како и епохата во која се твореше.

Меѓутоа, ако се прекине понатамошниот развиток, зградите како материјален одраз на минатото ги наджиveа разбирањата и продолжија како такви да живеат и во наши дни. Во Охрид, Крушево, Велес и Кратово сé уште доминира македонската куќа од XIX век и физиономијата на овие градови започнува да се менува дури пред нашиве очи.

Среќна е околноста што кај нас преживеа толку кусо од старата архитектура.

Во последно време ние сме сведоци на зголемениот интерес за неа не само кај стручњаци-архитекти, туку и кај поширок круг на општествени и културни работници. Проучувањето на оваа архитектура започнато од скоро, нам ни овозможува да ги согледаме вистинските вредности и во разрушените костури на старата куќа.

Веднаш треба да нагласиме еден неоспорен податок. Макар што епицентарот на старата архитектура се наоѓа во Македонија, нејзината територија се протега и на соседните земји: Србија, Бугарија, Грција и блискиот Исток. Многу елементи на пластично-декоративно оформување се под влијанијата од Ориентот. Заради тоа, тешко е за нас во оваа архитектура да согледаме изразито оригинална манифестација на македонскиот национален дух, како што е тоа случај со македонскиот вез, мелос или игра, иако предимното учество на македонскиот мајстор во нејзината реализација ни дава право во неа да гледаме продукт на македонскиот народ.

Нашите луѓе добро ја познаваат старата куќа и ќе го одбегнам деталното опишување со посебни примери. Широко погледнато сите имаат заеднички особености - единствен израз, но подлабоката анализа ни ја покажува секоја куќа како функција на посебности (амбиент, градилиште, програм и сл.). Впечатокот на еднаквост, кој е далеку од тоа да биде досаден како монотонијата на типовите населби од нашето блиско минато, резултира од една позитивна вредност: во старата архитектура е изразен завршениот општествен вкус на една епоха. Античка Грција, Ренесансот, Барокот и др. создадоа стилови во архитектурата. Епохата на XIX век кај нас создаде свој стил.



Старата градска куќа градена е со благородната замисла да му служи на човекот. На програмот, што ги содржи одредените потреби, желби и знаења за удобност и хигиена македонскиот мајстор даде продуховен материјален израз со минимални технички возможности. Многуте барања што ги поставува современата архитектура, овде имаат високо квалитетна реализација. Старата куќа е исцело во мерилото на човекот и на неа ѝ се туѓи секакви предимензионирања како во запремината така и во декорацијата. Додека во зградите на Ренесансот и Барокот, човекот се губи меѓу претераните пропорции и обилна декорација, овде е сé создадено да му служи како ненаметлив фон.

Во внатрешноста е јасно издиференциран по намена: економија, секидневен престој, исхрана, одмор, забава и репрезентација. Овој програм е така студиозно организиран што никаде нема празнини, сувишности или нејасности. Естетското оформување е дискретно топло со предимство на дрвото, или студено, каде што преовладува малтер но секогаш интимно и блиско до човекот.

Примитивноста на материјалот за градење (камен и дрво) е надокнадена со виртуозното владеење со конструкцијата. На неверојатно мала основа е изградена богата пластика на куќата во височина. Со последователните препуштања на конструкцијата во



РАЗГЛЕДИ, бр. 6 стр. 22

СОВРЕМЕНАТА ИЗГРАДБА И СТАРАТА ГРАДСКА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА

# За народната архитектура во Македонија

Архитектурата е неразделно сврзана со постоењето и развитокот на човекот. Од нејзините научно - организациони елементи произлегува квалитетот на материјално - физичкото делување на човекот, неговото производство, одмор забава и сл. На нејзиниот естетски израз се надоврзува природната желба на човекот за убавото. Сѐ ова архитектурата се издвојува вопосебен, творечки процес кој треба рамномерно да се движи меѓу разумот (наука, техника, економија) и чувството (идеја, уметност).

Од изразито општествена улога на архитектурата произлегува широкиот општествен интерес за новите градби во светот и кај нас. И макар што критиките за современата изградба имаат добронамерно незаинтересиран карактер, тие докажуваат дека за нас не е сѐедно како ќе градиме.

Во забрзаната изградба на градовите на Ма-

општествен вкус на една епоха. Античка Грција, Ренесансот, Барокот и др. создадоа стилови во архитектурата. Епохата на XIX век кај нас создаде свој стил.

Старата градска куќа градена е со благородната замисла да му служи на човекот. На програмот, што ги содржи одредените потреби, желби и зневења за удобност и хигиена македонскиот мајстор даде продуховен материјален израз со минимални технички возможности. Многуте барања што ги поставува современата архитектура, овде имаат високо

Македонска куќа

спратовите се корегира неправилноста на основата и истовремено се освојува нов простор во широчина. Дрвената, бондрук конструкција е далечен предвесник на современиот армирано-бетонски скелетен систем.

Меѓу конструкцијата и фасадата согледуваме јасна функционална врска. Декорацијата на фасадата има длабоко функционално оправдување. И широката стреа, и дрвените опшивки по ќошињата или околу прозорите, произлегле од потребата да се заштитат ѕидовите од атмосферни води или да се избегне нетрајното малтерисување по дрвените делови на конструкцијата. 93

Многу духовити детаљи се израз на разумно организираниот простор. Вградените долапи (плакари), кои што како новитети дојдоа со модерната архитектура од Запад, се толку стари колку и македонската куќа. Ист е случај со пенџериња што се отвораат со подигање во иста рамнина или со повлекување во специјална празнина во ѕидот. И разумната организација на просторот, и духовитите решенија на деталите се предусловени со конструктивниот систем. Денес напразно ќе се мачиме да ја примениме оваа организација во целина или детално ако се потпреме врз правоаголното примитивно градење "ѕид на ѕид", без да ја користиме неограничената слобода што ни ја овозможува скелетот, исто онака како што во старата архитектура тоа го овозможи бондрукот.

На сето ова се надоврзува уште смислената врска со природата и околниот амбиент, широк поглед на убавата страна и обилен достап на воздух и сонце.

После толку пофалби за старата македонска куќа необично е мислењето на денешницава: таа е неудобна за живеење. Сите оние што денес живеат во неа, радо би ја замениле за скучен "модерен" стан со минимум простории. А кога тоа не можат, се ориентираат на преправки кои ја уништуваат старата складност и живописност и никогаш не донесуваат особено подобрување.

Зошто? Старата градска архитектура, покрај сите наброени квалитети кои во принцип извонредно го задоволуваат критериумот на современата архитектура има еден единствен недостаток: таа е продукт на епоха различна од денешницава и нејзините квалитети за нас имаат само историско едукативна вредност. Современите духовни и материјални можности поставуваат нов програм и бараат нова реализација. Старата куќа за нас е минато, исто така како што е минато црквената зграда и како што никому не му паѓа на ум да гради црква, макар што и еден културен дом има задача да собере поголем број луѓе.

### II. За современата архитектура

Низ целата историја, потпрена врз класичните градежни материјали каменот и дрвото, архитектурата го бележи својот развиток само во промени од формален карактер. Класичните стилови на Грција беа цврста база за варијации во зависност од вкусот на разни епохи. По усвојувањето на градежното искуство од Исток, Ренесансот ги пресоздаде и класичните стилови и сé она што се градеше по Ренесансот беше академска зачауреност или еклектично играње. Капитализмот, новата општествена формација во XIX век беше резултат на револуционерните чекори што ги направи науката и техниката. Со ова не само што се изменија техничко-материјалните можности на новиот свет, туку од корен се измени и содржината на животот.



И во архитектурата мораше да се стигне до промена. Современата архитектура помина низ разни стадиуми додека стаса до денешново разјаснето стојалиште, кое за жал, сé уште нема многу практично остварани примери. Пред сé, квалитативните промени беа предусловени од новите градежни материјали: железото, цементот, стаклото и др. Потпирајќи се врз останатите гранки на техниката, на индустриското производство и стандардите, и покрај јакиот отпор на регресивните сили на академизмот, безусловно мораше да се стигне до промена во градењето. Првиот стадиј на новата архитектура беше таканаречениот функционализам или конструктивизам. Поведувајќи се по примерот на индустријата, се отфрли сосем улогата на уметноста и зградата се претстави единствено како функција на конструкцијата. Ова етапа макар колку несовршена, ја означи конечната победа на новите градежни материјали, ги разбра сфаќањата на класиката и го отвори патот за внесување нови методи во градењето.

Во исто време животот го наложи раширувањето на гледалиштето на архитектот. Огромното ширење на индустриските центри на преден план го исфрли проблемот за становите. Не можеше економски да се оправда бесконечното ширење на градовите, а згустената, мрачната и нехигиенска изградба во центрите стана неиздржлива. Поради тоа



чната победа на новите градежни материјали, ги разби сфаќањата на класиката и го отвори патот за внесување нови методи во градењето.

Во исто време животот го наложи раширувањето на гледиштето на архитектот. Огромното раширување на индустриските центри на преден план го исфрли проблемот за становите. Не можеше еко номски да се оправда бесконечното ширење на градовите, а згуснатата, мрачната и нехигиенска изградба во центрите стана неиздржлива. Поради тоа архитектот со помош на социологијата и превентивната медицина мораше да ги дополни своите знаења, базира

дат резултати на различни географски и климатски услови, идејната непречистеност ва современата уметност исто така го има својот придонес.

Во третава фаза нам најпосле ни е јасно: единството на архитектурата и ликовните уметности (скулптура и живопис), што го имаа сите големи епохи во минатото, треба и денес да се создаде. Само така современата архитектура ќе стане она што навистина треба да биде — верен израз на современава епоха.

*Арх. Борис* ЧИПАН

*) Види „Разгледи" бр. 6

архитектот со помош на социологијата и превентивната медицина мораше да ги дополни своите знаења базирани само на техниката. Урбанизмот и планирањето на цели региони од една земја, ја означи втората фаза во развитокот на современата архитектура.

Третата етапа се наоѓа пред нас. Социјалните револуционерни движења за време и по Втората светска војна го изменија гледањето на човекот. Од новите згради народите не бараат веќе да ги задоволат само функционалните потреби, туку да бидат израз и на нивните социјални и естетски разбирања. Во трета фаза архитектот треба да биде начисто со своите идејно-уметнички разбирања.



На овој костур од техника, социологија, хигиена и уметност се надоврзува интернационалниот карактер на современата архитектура, базиран на современата наука, која во себеси ги содржи интернационалните разултати во индустриското производство и техниката. Но, ако во анализите на програмот од социолошка и хигиенска страна или во техничкото исполнение архитектурата нужно мора да се потпре на интернационалните индустриски стандарди, естетското обликување треба исто така да биде базирано врз интернационалниот карактер на современата уметност, која за жал уште не го достигнала ова единство.

Денес, на пример, за Запад сосем е лесно да го смета кубизмот за настан кој во уметноста одиграл таква револуционерна улога како пронајдувањето на перспективата во XVI век. Во останатиот свет има и спротивни на ова мненија.

Затоа, ако зборуваме денес за територијални или национални варијации на современата архитектура, кои пред сé мораат да бидат резултати на различни географски и климатски услови, идејната непречистеност во современата уметност исто така го има својот придонес.

Во третава фаза нам најпосле ни е јасно: единството на архитектурата и ликовните уметности (скулптура и живопис), што го имаа сите големи епохи во минатото, треба и

денес да се создаде. Само така современата архитектура ќе стане она што навистина треба да биде - верен израз на современава епоха.

### III. Општествениот вкус и архитектот

Макар каква и да е улогата на архитектот во современиот свет, не треба да се запостави влијанието на општествениот вкус во изградбата. Затоа ќе биде интересно накусо да се оцени неговото формирање кај нас.

Во Југославија модерната архитектура започна да се создава некаде меѓу двете војни. Група архитекти воспитувани на Запад, одушевено се прифатија со чесната задача да бидат пионери на новото. Во многу тешките услови на развиорената економска шпекулација, со големи напори, одвај се успеа со изградбата на мал број објекти кои можеа да ги одразат новите разбирања. Во таа тешка борба за ново, во приватните градби решителен збор имаше економскиот фактор на капиталистот - рентиер, за кого современата естетика или хигиена немаше никаква вредност. Во општествените градби, напротив, поимот за монументалност никако не можеше да се ослободи од застарените разбирања на академизмот и класиката. И, додека во теоретските расправии наголемо се дискутираше за современата архитектура, во големите градови се создаваа монументални згради како таа на Скупштината и Поштата (голем куп на камења) во Белград или Офицерскиот дом во Скопје.



Кај нас, во Македонија, ситуацијата е уште полоша. Лишени од минималниот број на архитекти, изградбата ја презедоа трговците - архитекти од Србија, а во најголемиот обем ситната изградба беше препуштена на претприемачи и градители. Контролните органи во државната власт не стоеја повисоко. Така изникнаа многу општествени и станбени објекти како израз на една псеудомодерна архитектура. Понекаде, лишени од класични столбови и стара орнаментика, претендираа на мирна линеарна декорација, се плашеа од широка мирна површина, но принципот на градењето во суштина остана стар.

По изнесеното, многу е тешко да се зборува и за минимална архитектонска култура во нашите мали градови каде, освен во општествените градби, архитектонското творештво е исцело базирано врз разбирањата на сопственикот, воспитуван од лошите примери од "модерната" архитектура или на градежната култура на мајсторите. Вкусот на мајсторите како важен фактор во оваа анти архитектонска ситуација треба посебно да го одбележиме. Тој е, за наша жал, многу лош, но искрено кажано, од сосем објективни причини.

Во блиското минато мајсторите беа гордост на нацијава. Врз база на долгогодишната традиција што беше со љубов развиена во Македонија, тие ги усвоија најпозитивните особини на до крај изградениот стил од старата градска архитектура. Во недостиг на образован

стручњак, мајсторите беа единствените творци кои што ја создадоа архитектурата, за чии конструктивни и пластични вредности може да се говори само во суперлативи. Со така пречистените знаења за организацијата и естетскиот израз тие ја создадоа не само старата куќа во Македонија, туку беа повикувани и надвор од нејзините граници.

Што можеа денес да научат овие исти, талентирани градители, кога и Белград и Скопје меѓу двете војни се пренатрупаа со лоши примери на криво сфатена модерна архитектура. Стилот на современата епоха треба најнапред да го совладаат стручњаците архитекти и потоа да се пренесе на мајсторите, за кои денес највисокото постигнување е квадратната претприемачка куќа со ходник и четири соби или малу поновата куќа "дивитлија", која пред нашиве очи никнува насекаде како трева по пролетен дожд.

Во оваа објективно прилично лоша архитектонска ситуација кај нас охрабрувачка појава е сé поголемиот прилив на млади архитекти од сите универзитети во Југославија, кои веќе одамна ја поставија наставата врз принципите на современиот дух. На младите архитектонски сили во Македонија им лежи чесна задача, со изборот за новата архитектура да влијаат позитивно врз општествениот вкус и да ја подигнат градежната култура кај мајсторите.

Во заклучок, нашата положба можеме да ја резимираме по следниов начин:

1. Старата градска архитектура е одраз на епохата што остана зад нас. Таа е градена врз база на одредени материјално-технички можности и одреден степен на програмски барања и естетски кои денес не се приемливи. Нејзините вредности за нас претставуваат артистичен интерес за проучување и инспирација потпрена врз позитивниот историски опит. Од утилитарно гледиште, старата архитектура е така неприфатлива за денешницава како што е на пример неприфатлива за автомобилот каросеријата на неговиот претходник - пајтонот. Богато орнаментираните сили на Ренесансот беа соодветен фон за издантеланата облека на рицарите, додека појавата на современиот практично облечен човек бара промена и на сцената.

2. Барањата на денешницава програмски се разликуваат од сé она што е зад нас. Новата градежна техника создаде можности за совладување на програмот и конструкцијата што се сосем различни од традиционалниот двеилјадугодишен начин на радење. Од ова нужно произлегува и нова естетика. Развивање на традиционалните вредности и надоврзувањето на нив не може да се спроведе кога се работи за револуционерна промена во содржината од која произлегува архитектурата.

3. Објективното постоење на старата архитектура во македонските градови бара во овој случај посебен однос. Таа претставува за нас културно-историска вредност и како таква логично е да ја запазиме.

Но ако во новите реони можеме да градиме без оглед на макар какви врски со

минатото, во амбиентот каде што доминира старата куќа, мораме да се сообразиме со нејзиното постоење. Погрешно би било сообразувањето да се разбере како создавање на нова архитектура, облечена со преживеаните декоративни елементи. Сообразувањето треба да се бара во скулптуралната хармонија на архитектонските маси. Пластиката на старата архитектура доволно ја истакнавме како заводлива кора на кубуси облеани со обилното сонце од синиот фон на небото или живописното зеленило на македонскиот пејсаж. Ако оваа пластика е во состојба да предизвика кај минувачот артистички доживувања од висока градација - што може повеќе да бара современата архитектура?

4. Појдувајќи од анализата за заостанатиот општествен вкус, положбата во која е поставен младиот архитект кај нас, бара од него максимум цврстина и принципиелност. Пред сé тој треба да се вооружи со солидни знаења и пречистеност во однос на современата архитектура. А после да биде непробоен за влијанијата на општествениот вкус.

Очигледно неуспешните згради што се изведоа по ослободувањето во Македонија (Културен дом на Бит-пазар во Скопје, поштите во Охрид и Прилеп и др.) се примери на непречистеност кај проектантите или пресметана желба да се задоволува вкусот на овие или оние. Или можеби зборуваат за недостиг на двата елемента.

Каде можат да не доведат сентименталните - наивни барања на општествениот вкус, ни покажува примерот со веќе ликвидираниот опит во Србија за создавање на "светосавски стил" и големата пошта 2 (кај железничката станица) во Белград, која веднаш по војната е преправена и многу "соколани" во градовите на Србија, па и кај нас беа примери на попуста желба да се пресоздадат преживеалици од минатото во денешнава епоха, која бара сосем нова изразна форма.



5. Во ваква ситуација што се однесува барем до приватните градби каде очигледно се судруваме со заостанати барања на интересентите, солидна административна контрола е од пресудна важност. Преку комисии од квалификувани стручњаци (кои не мораат да бидат од истиот град) управите за комунални работи треба да одобруваат изградба по проекти кои ќе ги задоволат барањата на денешницава, наспроти незадоволството на приватниците кое очигледно ќе биде од привремен карактер. За секаква осуда е овде-онде пројавената пракса да се издаваат дозволи за градење врз база на обични цртежи изработени од неовластени нестручњаци, без минимални архитектонски квалитети и само со цел, формално да се задоволат барањата на проектот како услов за градежна дозвола (наспроти изричната забрана по градежните прописи што постојат за ваква постапка).

5 Март 1953 год.

# ЗАШТИТА НА ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ И УРБАНИЗМОТ

ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН КОНГРЕС
НА АРХИТЕКТИ И ТЕХНИЧАРИ
ЗА ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ

Историското наследство на Југославија ја одразува бурната историја низ многу векови. Географската положба на нашата територија беше предодредена да служи како врска меѓу културата на Истокот и Западот и да го поднесува влијанието на нивното вкрстување.

Наспроти многубројните политички промени во текот на времето, југословенските народи останаа на своите територии и се бореа за својата етничка и политичка егзистенција. Во некои периоди нивните држави имаа независност и голема сила.

Народниот гениј се покажа творечки во времето на слобода, па дури и во времето на ропство . Преку душата на градителите и уметниците културата на Истокот и Западот беа пресоздадени така што створија национални стилови во рамките на поширокиот контекст на една или друга културна епоха.

Индустриската револуција во XIX век и брзите социјални промени во Југославија се почувствуваа дури на почетокот на нашиов век. Поради тоа, нашите градови и села сосема полека ги напуштија феудалните традиции, а како последица на таквиот развиток, во многу локалитети се зачувани урбанистички ансамбли такви какви што ги создале традиционалните градители.

Дури помеѓу двете светски војни и особено по народната револуција, нашите градови почнаа бргу да го менуваат својот изглед поради концентрација на индустријата.

Токму во овој период, историските споменици паднаа под ударот на урбанистичката хирургија и истовремено проблемот на нивната заштита и конзервација се поставува сѐ повеќе како ургентен.

Заради зачувување на старите вредности, организацијата за зачувување на спомениците на културата денес се бори против сите фактори кои се одговорни за грешките во современиот живот.

Спомениците кои се лоцирани надвор од населените места имаат слабо влијание врз современиот урбанизам. Тие остануваат исклучиво само во доменот на активноста на конзерваторите.

Во населените места каде економските промени се случуваат бавно, спомениците на културата се, исто така, помалку загрозени. Проблемите кои се однесуваат на нив, се решаваат независно од конзерваторот и урбанистот.

Најголеми тешкотии се појавуваат во градовите каде брзиот развиток, наложен од сегашново време, ризикува неразумно да се заборави минатото. Проблемите се поставуваат различно:

- Урбанистички ансамбли кои се, релативно, од една иста историска епоха, околу еден самостоен споменик од постар период вклопени во урбанистичка целина и претставуваат хармонично единство (градови во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија).



- Урбанистички ансамбли како зачувани споменици од антиката помеѓу кои материјално се втиснати архитектонски творби од покасните епохи.

- Изолирани остатоци од споменици на историската монументална архитектура зачувани наспроти трансформацијата на градовите од поново време, но кои ја загубиле првобитната околина.

Свесни сме дека решението на проблемите за заштита на историските споменици не може да се бара единствено во една вака стриктно дефинирана класификација. Една иста населба може да содржи споменици од сите три категории. Поради тоа, особено во однос на соработката со урбанистот, треба во сериозна студија да се согледа секоја населба посебно. На тој начин се осветлуваат сите детали и сите посебности кои претставуваат историски и културни вредности. Овие анализи треба да ни ги покажат и разликите помеѓу она што има вредност и она што нема. И кога е во прашање една населба со доминантна историска архитектура, треба да се инсистира ваквата анализа да биде појдовна основа за урбанистичката активност. Исто така, овие анализи ќе послужат не само како наша согласност како да бидат применети основните принципи за заштитата на спомениците, туку како да се задоволат и потребите на современиот живот.

Урбанистичките ансамбли зачувани во градовите во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија, со нивната архитектура од XVIII и XIX век, претставуваат не само историски и

естетски вредности, туку и едно искуство од кое можеме да научиме и нешто во постапките на современото творештво. Начинот на живеење е одразен природно и во урбанистичката концепција и во архитектонскиот третман на зградите за живеење, работа и трговија.

Социјалните и економските промени во текот на нашиов век предизвикаа напуштање на старите форми на производство, што имаше влијание и врз архитектурата. Но, таа кај нас е само една лоша копија на архитектурата од XIX век.

Со селекција на спомениците од повеќе епохи и со отстранување на инфилтрациите без вредности, ние го реализираме принципот на пурификација.

Многу често во историските ансамбли се појавуваат згради од поново време кои ја расипуваат историската хармонија, ги нарушуваат микро и макропропорциите од аспект на ентериер и екстериер. Службата за конзервација се бори за зачувување на специфичните карактеристики на населбите, односите во просторот, хармоничните силуети, бојата итн.

Во градовите со брз развиток не прифаќаме потполна изолација на историските амбиенти. Дотолку повеќе, кога сме уверени дека модерната архитектура се обвинува дека не може да ги разреши проблемите за хармонизација на старото и новото. Ние ја одбиваме практиката која репродуцира стари стилови за да постигне хармонизација и бараме тоа да се постигне со односи меѓу волумените и скулптуралните пропорции. Претпоставуваме дека хармонијата може да се постигне и со употреба на традиционалните материјали во зградите од модерната инспирација. Старата архитектура од XIX век може, исто така, да ги задоволи современите стандарди за живеење под услов да се регенерираат материјалните елементи и да се санира нивната целост со внесување на современи санитарни техники и потребни инсталации.



Во посебен случај, кога историските споменици на монументалната архитектура ја загубиле првобитната функција, при нивната реставрација ние практикуваме да им додадеме нова функција која одговара на современиот живот (амами - изложбени галерии, општествени згради - музеи, манастирски конаци - хотели и сл.).

Една друга категорија на споменици вклопени во ткивото на градот е претставена со фрапантната симбиоза на повеќе културни епохи во градот Сплит.

Импресивноста на Диоклецијановата палата и многуте студии за нејзиниот првобитен изглед предизвика кај општественото мнение и кај некои специјалности тенденции за ригорозна пурификација. На Конференцијата во Сплит (10-12 јули 1956) од страна на повеќе експерти беше прецизирано најприфатливото решение на овој проблем.

Во овие заклучоци особено се инсистира на единството на ансамблот, на неговите вредности и влијанието врз урбанистичкиот концепт на генералниот план за целиот град. Бидејќи не е можна целосна реконструкција на првобитниот антички ансамбл, одлучено е да се примени еднаков третман за спомениците од сите епохи. Согласно принципот на

континуитет, ансамблот со историски споменици треба да се вклопи во целината на новиот град, без да се исклучат зафатите како потреби на современиот живот. Асанацијата и конзервацијата треба да бидат проследени со постепена елиминација на градбите од поново време кои се без историски вредности. Решението за елиминација ќе уследи по продлабочена анализа за секој случај посебно. Решенијата за нови градби во просторот на стариот ансамбл треба да бидат реализирани со модерна постапка и висок квалитет. Нивното приспособување кон постојниот амбиент треба да се бара во пропорциите и без имитација на историските стилови.

Кај монументалните споменици со голема архитектонска вредност, кои се наоѓаат во изменет или потполно изгубен првобитен амбиент, секој посебен случај бара продлабочена студија, но и принципите на постапката можат да варираат. Во случаите кога спомениците се задушени со градби без вредност од поноово време се постапува такашто се расчистува и ослободува околината за да се постигне една рамка која одговара на пропорциите на споменикот. (Амамот на Даут паша во Скопје, Доситејовиот лицеј во Белград).

Одредени споменици со изменети стари амбиенти бараат нова изградба со цел да им се врати нивната реална појава во просторот. Да се оставаат соголени во просторот и надвор од реалното мерило не е постапка која придонесува за зголемување на нивната вредност (Големата џамија во Сараево).



Најпосле, како можен метод на решение во извесни случаи се применува и целосна изолација на споменикот со помош на зеленило. Кога димензиите на современата изграденост ќе ја надминат премногу архитектониката на споменикот, неговата изолација со зеленило придонесува за посебно експонирање на неговите вредности. (Феудалната кула во новиот административен центар на Скопје).

Збирка на реферати, стр. 421-424
Париз, 6-11 мај 1957 реферат на
Б.Чипан (превод од француски)

# ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ И УРБАНИЗМОТ

Нашето споменичко наследство ја изразува бурната историја од долгата низа векови. Географската положба на нашава територија предуслови допир и укрстување на интересите од старите култури на Истокот и Западот. Одовде произлегува разноликоста на спомениците.

Покрај сите политички промени, нашите народи останувaa на своите територии и се бореа за своето етничко и политичко опстанување. Во извесни епохи имаа силни самостојни држави. Во слободниот живот и во ропството, народниот гениј твореше. Официелните култури на двата Света, преку свеста на градителите и уметниците, транспонирани се на таков начин, од кој произлезе националниот стил во рамките на широкиот поим на едната или другата култура.

Индустриската револуција на деветнаесеттиот век и брзата преобразба на општеството кај нас се осетија дури во почетокот на нашево столетие. Поради тоа, нашите населби доскоро се развиваа во рамките на средновековните феудални и еснафски традиции и денес се сочувани поголеми урбанистички комплекси во групата на традиционалното градителство. Дури помеѓу двете војни, а нарочно по Народната револуција, нашите градови го доживуваат брзиот успон на индустриска концентрација и со тоа го менуваат својот лик. Во овој период индустриските споменици доаѓаат под ударот на урбанистичката хирургија, а напоредо со тоа се заоструваат и проблемите за нивната

заштита.

Спомениците, надвор од живите населби и во рамките на регионалното планирање, остануваат само туристички атракции, а на нив во минимална мера делуваат современите преобразби. Тие остануваат исклучиво во доменот на конзерваторската дејност.

Од поголема важност за нас се спомениците во живите градови, каде што брзиот од на нашето време застрашува непромислено да го уништи минатото. Притоа, постапката со оваа материја станува извонредно префинета ако се има предвид дека и современата архитектура ги надмина почетните слабости на потполно негирање на историските вредности.

Во живите градови карактерот на историските споменици се манифестира во два вида. Поодделни монументи од старата архитектура го преживеале брзото трансформирање на градот и останале како самостојни единици без првобитната околина. Многу покомплициран е случајот со урбанистичките комплекси, каде што е сочувано релативното единство на спомениците од една или повеќе епохи, како што е случајот со македонските градови. Иако има остатоци од постарите векови, единството е сочувано врз база на бавниот развиток во рамките на единствена општествена формација. Проблемите што притоа се поставуваат пред урбанистот, не завршуваат со чување на материјалните вредности на архитектонските објекти. Во склопот на целината, од нарочна важност се чувствените категории на вредности, кои се последица на одредени и историски создадени просторни односи и визуелни доживувања.



Свесни сме дека урбанистот не може да делува само врз прецизно изведена категоризација. Во една единствена населба мораат да се сретнат споменици од повеќ е категории. Поради тоа, во соработка со стручњаците од заштитата и урбанистите, неопходно е да се тргне од сериозна студија на населбата во сите нејзини облици и широко проучување на поединостите што ги сочинуваат историските и културните вредности. Ваквата анализа треба уште да нé доведе до многу потребната диференцијација на вредното од безвредното во историското наследство. А кога е збор за населби, каде што историската архитектура преовладува, урбанистичкото работење треба да се ослони во прв ред врз таква анализа.

Кај живите градови не се прифаќа како метод потполната изолација на историските амбиенти. Толку повеќе, што сме убедени дека модерната архитектура може со успех да го реши проблемот за просторното обликување и ускладување на новото во стара средина. Репродуцирањето на историските стилови се отфрлува како пат кон хармонизација. Спрема тоа поволно е новиот живот контролирано да се внесе во старите рамки и со тоа да се постигне продолжување на биолошкиот развиток на градот, а не умртвување.

Меѓутоа, конфликтите започнуваат веднаш со првите чекори. Современата изградба со ново мерило, кое во целина далеку ја надминува мерката на старата архитектура.

Индивидуалниот стан се заменува со зголемените размери на колективното живеење. Од интимност и дискретност во општествениот и забавен живот се преоѓа кон големите административни градби, културни домови, концертни сали, театри, институти и универзитети. Мерило за стариот сообраќај е коњ, а за современиот - автомобил.

Посреќен е случајот ако при разраснување на старата населба од било кои причини, вишокот на градскиот живот во новите услови се преточил во нова територија. Погоден пример за ова е Охрид. Брдовитиот терен на стариот град и згуснатата станбена изградба не дозволиле во понатамошниот развиток новиот живот да се развие за сметка на стариот. По природен пат новите градби се развиле на сосема нова територија во рамнината.

Освен тоа што на новите терени урбанистот има одврзани раце за слободно, во полна мера, современо компонирање, постапката со старата територија станува необично проста и лесна. Врз основа на усвоените принципи за развивање на современиот живот и во старите амбиенти, и овде треба да се претпостави нова изградба. Притоа, како што е спомнато понапред, задачата на урбанистот е да ги разработи во сите облици принципите врз кои се дошло до согласност со заштитата на спомениците. Во денешниве услови таква согласност со интелигентниот урбанист лесно се постигнува.

Почетниот чекор во урбанистичкото проектирање би била пурификацијата - очистувањето на стариот амбиент од безвредни градби и објекти, кои се изградени вон од мерилото и духот на старата архитектура, во време на естетска сиромаштија. Напоредо со тоа, се обработува детална програма за регенерација и асанација на старите архитектонски ансамбли. Запазувајќи го духот на стилот се пристапува кон еластична реставрација на старите објекти, при што крајната цел е да се оспособат за современ живот со внатрешни адаптации и внесување на модерна техника. Во случај кога објектот поради изменети општествени услови во потполност ја загубил оригиналната намена (амам, ан, феодален дворец и сл.), се обидуваме со внесување на нова животна програма (изложба, музеј, угостителски објекти и сл.). Се разбира дека тоа се прави во склад со одредена анализа на општите потреби и економскиот развиток на населбата.

Поголемо внимание заслужува новата изградба. При развиток на новиот градски организам, вон од старите амбиенти, во историска средина можно е и за новоградбите да се остане по мерилата на старата архитектура. Тоа го овозможува индивидуалната изградба и во колку се наметнуваат објекти со нова поголема програма (реонско училиште или културен дом), архитектонскиот третман со развивање на масите да може и овие да ги сведе на историско мерило. Но, врз организацијата на новата изградба во стариот амбиент се надоврзуваат и повеќе други проблеми. Исклучувајќи ја имитацијата на историските стилови, хармоничното поврзување на старото и новото во најголема мера е во зависност од интелигенцијата и културата на архитектот - проектант. Урбанистот може претходно да

предвиди такво лоцирање на новите објекти и таков општ третман, какво што бара запазување на структуралната и биолошка шема на населбата, а притоа да не заборави на амбиентските вредности и чувствените категории. Единството во најголема мера зависи од запазувањето на внатрешните улични перспективи, а поодделно од почитувањето на подалечните погледи врз панорамата и силуетата на градот. Новите градби би морале да бидат исклучиво современо идејно и материјално технички третирани, но со своите димензии, облик и боја, бездруго треба да се поврзат со старото. Уште повеќе, со својата појава тие треба да одиграат улога на додадена, нова вредност која, воспоставувајќи ги повторно историските просторни пропорции, ги оживуваат и рекреираат старите меѓуодноси и ги обогатуваат естетските доживувања на целината.

Новиот живот го води со себе и современиот сообраќај. Регенерацијата може и тоа да го реши ако со одредена мера ги провлече модерните профили на сообраќајниците низ старото ткиво на населбата. Стравот од коинциденцијата на турската калдрма и асфалтот се појавува само кај стручњаците кои проблемите на историската архитектура ги третираат недоволно модерно. Максимум хармонија може да се постигне ако урбанистот, организатор на современиот и идниот градски живот, има доволно одушевување и почит кон вредностите што ги оставиле генерациите, а конзерваторот, чувар на историските споменици, поседува доволно висока свест и познавање на времето во кое живее.



Сега да се вратиме на случајот кога вишокот на градскиот живот не може во потполност да се преточи во нова територија. Вонреден пример за тоа е Скопје. Помеѓу двете војни како нова територија организирана е десната страна на Вардар. Но, денешново Скопје доживува револуционарна концентрација и зголемување. Прашањето што веднаш се поставува е: дали комплетното запазување на старата територија (патем кажано необично голема) има во целина историско - архитектонски вредности и дали е тоа возможно по исцрпна техничко - економска калкулација од гледна точка на современиот живот? Не располагам со анализи ниту за историските вредности во целина ниту со студии за техничко - економските потреби и можности. Нека ми биде простено затоа ако понатаму не бидам доволно конкретен и категоричен и ако се ограничам на општи и пошироки формулации.

По мое убедување, страв од излегувањето од старата територија на Скопје е повеќе страв од непознатото. (Природна појава кај секој човек) А досега премалу е сторено да се вникне во непознатото. Зашто, ако веќе сите ги познаваме и ги признаваме како вредни монументални објекти на турската епоха, не верувам некој понатаму да навлегол во оценување на вредноситте кои немаат монументален карактер, но во кои се крие интимната пропорција во мало мерило на стопанскиот успон од XVIII или XIX век и високата станбена култура со вонредна усклаеност на зграда и природа со зеленило. Не сум ги анализирал детално вредностите на улиците што кривуличат и завршуваат со погледи колку

изненадувачки толку и пријатни. Непријатно ме возбудува од далечниот поглед појавата на згустени високи и широки маси на новата архитектура. Не знам какви квалитети има рамномерната испреплетеност на покривите и зеленилото од која ненаметливо избива тенката вертикала на минарето или јасиката. Осеќам дека се тоа квалитети, но какви и во каква мера не знам сигурно.

Спрема тоа, ако веќе се решиме за усилена пенетрација на новото во старото, нивната симбиоза, пред сé, треба да биде хармонична. Потешко е тоа да се постигне, но не е нерешливо, ако тргнеме од сигурни стојалишта на исцрпна анализа и ако имаме на ум дека изолацијата на поодделни објекти не е пат кон складноста, како што не е решение ни генералното бришење на историскиот растер на населбата со заокружување само на она што на прв поглед ни изгледа значајно.

Општо познат е фактот дека современиот урбанист не се задоволува ниту со исклучиво праволиниски систем на улица, ниту со усвојување на еднакво мерило за висината и масата на градбите. Современиот живот е полн со контрасти и динамика, а градот треба да го одрази таквиот живот. Ниту класичната хармонија, а помалку сисхармонијата, туку динамичниот контрапункт го бара слухот на современиот човек. И ако во нова територија урбанистичко - архитектонската композиција свесно оди кон естетски склад на високо и ниско, што одговара на функционалните потреби на денешниот градски живот, зошто звучноста на нашата композиција во историскиот амбиент не би ја зголемиле со контрапункт на историската хоризонтала со нова вертикала или обратно. 

Со тоа сите квалитетни комбинации, базирани врз познавање, станувaат не само возможни, туку и потребни. Недозволено е компонирање врз непознатото, или едноставно запоставување на непроученото.

Спрема тоа, едноставната изолација на монументалните објекти или чаршијата можеби може донекаде да се оправдува со невредноста на сé што е останато, но сепак останува отворено прашањето за историската панорама и првобитната рамка на монументалните споменици. Ако тргнуваме од докажаните потреби за интензивна инфилтрација на новоградбите, не треба да се очекува комплетното почитување на историската панорама, но тргнувајќи од нужните обзири кон старото, треба да се очекува од урбанистот нова панорамска композиција, при што духот на спомeничките вредности не ќе биде запоставен, туку видливо усклaден со новото.

А понатаму, навлегувајќи во самата населба, непријатно е да се видат оголени монументи на старата архитектура. Преку грешките на потполна пурификација околу готските катедрали, урбанистите од Запад веќе преминаа. Денес се наметнува повторно изградување на историската рамка, поради очигледната потреба да се воспостават првобитните просторни и волуменски меѓудносии. По такво искуство, необично би било и

ние да западнеме во истата грешка, кога во повеќето случаи, околу монументите ја имаме и оригиналната рамка. Но, ако е неопходна извесна регенерација на таквата околина, современиот третман во старите мерила треба, пред сé, да биде почитуван.

Не можат во целост да се исклучат непомирливите конфронтации на новото и старото. Само во таков случај можеме да прифатиме урбанистичка и конзерваторска изолација на некои споменици. Но, и тоа само врз база на одделна студија, при што зеленилото треба да одигра првоfразредна улога.

Конечно, секоја населба има свое минато и своја иднина. Вистинскиот развиток не може да се замисли без хармонично соединување во времето. Тоа е конфронтација помеѓу историјата и современоста, а исто така и контакти помеѓу елементи фиксирани и елементи различни и променливи. Возможните решенија зависат од историските споменици. Ако негде се налага растоварување на некој споменик, други бараат да бидат опкружени во рамка која по форма, волумен и колорит треба да припаѓа кон вредностите на споменикот. Поодделните историски елементи, кои ги претставуваат главните карактеристики на градот, не треба да се одвојуваат од нивниот амбиент, што може да се асанира, оплемени или барем да се респектира. Најпосле, поодделни цели партии, при организирање на територијата, можат да бидат вклучени на таков начин, што допринесуваат за одморот на човекот, за неговата разонода и за будењето на неговата интелигенција, преку контакти што овде се остваруваат со изворите на неговата цивилизација.



РАЗГЛЕДИ, год. IV., бр.22 (100),
Скопје 29 декември 1957

# СТАРО И НОВО



Таканаречениот "интернационален стил" на модерната архитектура беше заблуда на нејзината почетна фаза. Денес мораме да зборуваме за диференцирање на архитектурата во склад со националните карактеристики кои, се разбира, не се базираат на расизам, туку се последица на климатските разлики, обичаите и темпераментот на националната култура која го вклучува и минатото. Затоа, оценувајќи ја современата архитектура на Македонија, би било корисно да се запознаеме и со контактите кои можат да бидат воспоставени со архитектонското наследство. Бидејќи, денешниот живот наметнува исклучително покомплицирани програми за организација на населбите и зградите, нашиот проектант се соочува со задачи кои ќе можат успешно да се совладаат само ако биде вооружен со високи технички знаења. Но, дури оваа задача и да биде решена современо, сé уште му преостанува во делот на архитектонскиот израз да ги внесе и естетските мерила од нашето време и нашето поднебје.

Ова второто недостасува во нашата архитектура. Без сопствени примери, проектантите се премногу наклонети да ги пренесуваат изразните елементи од познатите објекти од надворешниот свет. Ситуацијата не е многу подобра ниту во другите земји. Модерната архитектура пред кусо време ги создаде своите теоретски основи, а примерите на современите реализации се ретки во светот. Но, обичниот човек сé уште ги прима како нешто туѓо и често ги оценува врз основа на навики, а не врз основа на естетика која сé

уште не е формирана. Поради тоа, сосема е наместо прашањето: какво влијание може да има нашето архитектонско наследство врз формирањето на извесни фактори кои, како што рековме, го предодредуваат регионалниот израз на современата архитектура?

Основата на нашето архитектонско наследство ја сочинува градската куќа од XIX век. Во македонските градови таа се сочувала во цели комплекси, така што може да се зборува и за амбиентални вредности. Оваа куќа, порано заборавена, а почесто негирана, денес го привлекува вниманието на архитектот.

Таа не е масивна како античката или ренесансната палата, ниту богато украсена како дворците на барокот. За нејзиното создавање не се врзани имињата на познати архитекти: Суштината на оваа куќа ја чини обичниот човек, а нејзината најдобра особина е хуманизмот. Македонскиот XIX век е познат како период на национална преродба. Во однос на Европа, тоа е задоцнета ренесанса, но, во некоја рака, се врзува за средниот век. Помеѓу овие две точки стојат 500 години турски обиди за асимилација, како и цел век на потполно негирање на македонската нација. Во време на преродбата македонските градови доживуваат стопански напредок и релативно високо ниво на културата, вклучувајќи ја и културата на домување. Меѓутоа, примајќи ги примерите од Ориентот, градителот на македонската куќа морал да решава и многу специфични прашања меѓу кои се нерамниот терен, малата површина на градилиштето, помала економска сила и карактеристиките на амбиентот. Во македонските градови се случува во мал обем она кон кое се стреми и современата архитектура. Во рамките на единствениот стил, секоја населба и куќа во неа има сопствени карактеристики.



Решавајќи ги прашањата за редукција и трансформација на програмата, македонскиот градител има внесено многу од творечкиот дух создавајќи стил со кој се брои во редот на најпознатите протагонисти на модерната архитектура.

Не навлегувајќи подлабоко во анализа на македонската куќа од XIX век, се задржувам само на некои карактеристични особености. Поодамна е позната нејзината поврзаност со природата, околината и убавите визури. Но, дури внатрешноста открива изненадувања. Македонската програма за домување, рационална и без напори е организирана на минимална површина. Таа програма, прецизно одредена во свеста на нарачателот и градителите, е реализирана со методологија каква препорачува и модерната архитектура. Димензиите и формите на просторот се сведени на стандарди кои се соодветни на човековите потреби. Функционалната поврзаност на сите простории е постигната на таков инвентивен начин кој ги следи логичните заклучоци на анализата. Нема никаква претенциозност, а искреноста е нејзината најдобра особина. Поврзаноста помеѓу внатрешната содржина и надворешниот израз е потполна. Иако често помислуваме дека дрвените опшивки по фасадата околу аглите и прозорците се само декоративна фраза, ќе

# СТАРО И НОВО

Такозвани „интернационални стил" модерне архитектуре био је заблуда њене почетне фазе. Данас морамо говорити о дифиренцирању архитектуре у складу са националним карактеристикама које, разуме се, не базирају на расизму, већ су последица климатских и сировинских разлика, обичаја, темперамента и националне културе, која укључује и прошлост. Оцењујући савремену архитектуру Македоније, вредело би због тога упознати се са контактима које она може да успостави са архитектонским наслеђем. Будући да данашњи живот наме ће изванредно компликованији програм за организацију насеља и зграда, наш пројектант се суочава са задацима које ће моћи успешно да савлада само ако се буде наоружао значајним техничким и математичким знањем. Али, иако се овај део задатка реши савремено, још увек му преостаје да делу да израз који ће сажимати естетска мерила нашег времена и нашег поднебља.

Ово друго недостаје нашој архитектури. Без сопствених узора, пројектанти су превише наклоњени преношењу изражајних елемената из признатих објеката са најзначајнијих тачака света.

Није ситуација много боља ни у другим земљама. Модерна архитектура је тек недавно утврдила своје теоретске основе, а примери савремених реализација су ретки у свету. Али је обичан човек још увек прима као нешто страно, а често се оцењује на основу навика а не укуса, који се још није формирао. Отуда је сас-.




УЛИЦА У ОХРИДУ
(Цртеж: арх. Борис Чипан)

се убедиме во спротивното штом ќе се загледаме во особините на конструкцијата (малтерот не се држи на дрвените греди). Најинтересното, а можеби и најубавото во оваа куќа е нејзината архитектонизирана опрема. Се чини многу необично како на минималниот простор функционира една работна кујна во која само отвореното огниште треба да се замени со електричен шпорет и да се модернизира водоводот и канализацијата, за да дојдеме до современата кујнска батерија. Многу попознати се ѕиданите долапи кои го прифаќаат целиот подвижен прибор на куќата, така што просториите изгледаат празни. Нема ни столови, туку тоа се архитектонизирани уреди за седење и одморање.

Ние веќе стануваме свесни за овие вредности, а додека познати светски архитекти изјавуваат дека се инспирирале од оваа куќа за многу детал во модерната архитектура. Во зградата која Алвар Алто ја проектираше за берлинскиот "Сончев кварт", пред извесно време се запази изненадувачката сличност во организацијата на основата на еден стан со основата на муслиманската куќа од XIX век. Принципот на распоредување околу единствен централен простор кој во себе обединува комуникации, боравок, одмор и приеми, нападно е истоветен во двете, временски територијално оддалечени места.

Не тврдам дека овде, како ни кај кујнската батерија, е во прашање директно копирање на нашиот пример. Но, ова случајно поклопување треба да ми посочи дека многу исклучителни реализации од современата архитектура, кои ги примаме како алки за формирање на модерните архитектонски стандарди, ги имаме веќе создадени во нашата македонска куќа од XIX век, и дека тоа се нови докази за нејзините вистински вредности. Затоа нашиот поглед, свртен само кон надворешниот свет, треба да го задржиме понекогаш и на сопственото архитектонско наследство. По сето ова, навистина е необично кога ги гледаме нашите проектанти да применуваат двовисински влезен хол, плакар, кујнска батерија и многу други елементи од модерната архитектура, како странски инпут, а, всушност, не забележале дека тоа го создале нивните претходници цел век порано на нашата почва.



Ние замислуваме дека треба да се стремиме кон такво сретнување на новото и старото во нашата архитектура. Се разбира, нема да тргнеме по патиштата на имитација и буквалниот историцизам. Кога зборуваме за регионалните карактеристики на новата архитектура, ние, пред сé, мислиме на современите македонски фактори како што се стопанството и материјалите, но овде ја вклучуваме и нашата современа естетика која се формира на изворите од минатата цивилизација.

ПОЛИТИКА, 30 март 1958
ДОДАТОК ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

АКЕДОНИЈА 26 ЈУЛИ 1964

# СПОМЕНИК

Град без историја е човек со изгубено паметење. Нема никому ништо да каже. Во Скопје имаше тврдина околу која се одигруваше неговата историја. Турците формираа град со монументална архитектура. Македонските резбари во дрво ги всадија дванаесетте години на својата ВЕРА. Револуцијата имаше монументалност во ДУХОТ. Материјално тој се манифестира во ИНДУСТРИЈАТА.

26 ЈУЛИ 1963

Дали со урнатини се пишува историја? Незрелата генерација има шанса. Од урнатините се раѓа нов град. Треба да остане СПОМЕНИК. Можеа тоа да бидат столбови со композитни капители од еклектичката архитектура на Домот на Армијата. Или можеби „Триумфалната арка" на трезорот на Народната банка во зеленкло. Сепак нема по импресивен детал од ЗИДОТ на Железничката станица со часовникот. Неговата силуета е динамична пластика, а индексот на часовникот полн со морничаво сеќавање.

Неговите споменички квалитети многукратно ќе се умножат ако се вкомпонира во нова архитектура.

Во Скопје ќе има спомени: плоштад што во името ќе го има фаталниот датум. Традиционални собири на меѓународна солидарност. Уметнички пресоздадени оди на пожртвуваноста. Бројни белези на жртвите.

Но, над сето тоа стои ЗИДОТ со облици што ги изделка стихијата, симболот на запреното ВРЕМЕ.

Инж. арх. Борис Чипан



# СТАРАТА МАКЕДОНСКА КУЌА
# ВРЕДНОСТИ НА КУЛТУРНАТА ТРАДИЦИЈА



За народите на Балканот, феудализмот на Отоманската империја е блиско минато. Затоа мораат со скокови да го достигнуваат современиот свет. Во вака непријатна историска состојба, единствен позитивен фактор можеби е богатата и квалитетна архитектонска традиција. Преодот кон социјализам кај нас уследи по многу кус и релативно неагресивен период на капитализмот. Така нашата генерација ги затече македонските градови со сето културно наследство од средниот век наваму. Тврдините и манастирите ги сочуваа сјајните квалитети на монументалната архитектура и оригиналната ликовна уметност. Деветнаесеттиот век ја разви станбената архитектура.

Кусиот период меѓу двете светски војни, со познатата идејна и материјална дезориентација ни всади омраза кон архитектурата од сопственото тло, без компензација со квалитетни примери за иднината. Заради тоа нашите очи се свртени кон развиениот Запад. А сега, за продор во квалитетите на сопствената традиција потребни се тешки напори и силна аргументација.

Веќе дваесетина години тоа и го чиниме. Наспроти магловитоста од порано, и за старата станбена архитектура денес веќе располагаме со доста обемна научна и стручна документација. Во СР Македонија неколку установи се бават со оваа проблематика. На скопскиот Технички факултет поодамна е формиран Институт за народна архитектура, чие дејствување е ориентирано исклучиво кон проучувања од областа на архитектонското

наследство во Македонија. Со изучувања од иста област се бават Републичкиот завод за заштита на споменициte на културата, неколку градски заводи (Скопје, Охрид) и Етнолошкиот музеј во Скопје. Во последно време и поголем број архитекти, урбанисти и други стручњаци ги врзуваат своите стручни изучувања со старата архитектура. Резултатите на сето, се поголем број научни публикации, експертизи, прилози и чланци во периодичниот и дневниот печат.

Во изучувањето на старата градска архитектура обемна работа е извршена во другите републики од Југославија и од стручњаци на соседните држави: НР Бугарија, Грција и Турција.

Немаме причини, сето ова архитектонско наследство да не го сврзуваме со Ориентот. Точно на овие примери не треба да се срамиме што не сме наследници на европската цивилизација. И монументалната архитектура ги има своите корени во далечната Византија а Османското градежништво е само етничка и програмска модификација на истата. Како и Византија и Отоманската империја беше многунационална држава. Турската власт ги обединуваше овие националности не само политички туку и културно. Таква историска состојба го створи единството на стилот. Но, ако добро го познаваме феноменот архитектура, никако не смееме да го заборавиме етничкиот фактор. Во рамките на стилско единство, помогнат од климатски разлики, тој модифицира специфичности. Тие ѝ припаѓаат на нацијата. Затоа и не е за чудење што мнозина автори пледираат за национални карактеристики во старата градска архитектура.



Во истражувањата и во проучувањата на литературата треба да не интересира каков став треба да заземеме спрема старата градска архитектура. Нема сомнение дека современиот човек има поинаква станбена програма од оној во XIX век, како што на денешниот архитект му стојат на располагање и сосема други градежни методи и материјали. Вистинската архитектура го следи човекот во неговиот материјален и духовен развиток и тоа го одразува адекватно. Од современи вредности на народот се твори современа анационална архитектура. Секоја друга постапка значи назадување.

Притоа ако ја проследиме европската станбена архитектура, мораме и тука да ставиме знатни приговори, впрочем познати и на многу современи архитекти. Вистина е дека модерната архитектура со масовната продукција на станбени блокови (дури и гиганти како што е Марсејската станбена заедница на Le Corbusier) во многу го ублажи проблемот за "стан за секого". Но исто така е вистина дека сето тоа повеќе претставува продукција на станови отколку вистинска архитектура. Затоа, експериментите продолжуваат а нивната цел е стан за човекот. По овие прашања старата градска архитектура на Балканот и Ориентот има извесни предности. Во XIX век човекот на европскиот запад живееше или во нефункционални палати со предимензионирани и дехуманизирани простори, или во крајно

бедни агломерации на колиби, во нечистотија и мизерија. Што можеше тој да му остави во наследство на своето потомство од XIX век?

Наспроти ова, Ориентот од секогаш ја негуваше станбената култура на широк план. Во XVIII и XIX век во рамките на Отоманската империја и другите националности постигнаа релативно висок стопански просперитет. Од високата станбена култура ориенталската куќа ги има квалитетите на мерилата по човекот и идеалната хуманизација на просторот. Затоа европските архитекти се инспирираа од Ориентот во творењето на современата европска куќа. Не можеме да тврдиме дека влијанијата од Ориентот се завршени. Меѓутоа, климатските разлики се голема пречка. Разгранетата ориентална куќа со половина простори директно изложени на промаја и премини во отворени чардаци и градини, не може директно да се пресади во континенталната Европа. Негде треба да го бараме преодот. Овде се допираме до сржта на нашиот проблем. И во условите на турска доминација, Македонецот никогаш не го напушти европскиот начин на живеење во куќата на континентални климат. Тој начин на живеење прилагоден на ориенталската диспозиција ја формира македонската куќа. Без оглед на високото ниво на хигиена и техника од индустриски развиената европска цивилизација, во прашањата на современото архитектонизирање на станбениот простор македонската куќа има сеуште многу да каже.

Во Македонија имаме повеќе градови со релативно добро зачувана архитектура од XIX век, дури и во урбанистички целини. Крушево и Кратово до скоро беа комплетни како и стариот дел на Охрид и штипско Ново Село. Во Титов Велес се "модернизирани" само тесните појаси околу бреговите на Вардар. Како мали групации или изолирани единки старите куќи ги сретнавме во Тетово, Дебар, Струга, Прилеп, Крива Паланка и Струмица. И во Скопје имаше извесен број објекти, но брзиот развиток на македонскиот стопански и културен центар ги превиде, а земјотресот од 1963 година ги затре конечно. Практично голем процент на жители во македонските градови сеуште живее во куќите од старата архитектура. На нив се извршени адаптации кои се одраз на промените во станбената програма од поново време. За жал, ние се уште за пример на стан ја имаме несовршената европска станбена куќа и јасно е дека сите неконтролирани адаптации парадоксално удираат по најарните квалитети на македонската куќа. Како и да е таа, повеќе или помалку била способна да се акомодира и на современите услови и навистина да го продолжи животот и денес.



Во посебна група треба да ги издвоиме беговските конаци, а во помала мера, и сите муслимански куќи. Во секој македонски град ќе сретнеме некој примерок на раскошните живеалишта на беговите. За разлика од Запад, тие се по обем далеку поскромни, но секако, со повеќе архитектонски квалитети. Извонреден примерок, кој, за жал, е урнат а, за среќа, сочуван во техничка документација, претставуваа конаците на Авзи паша во с. Бардовци

крај Скопје. Помали сочувани објекти се во Тетово, каде меѓутоа треба да се акцентира исклучително интересниот комплекс на Арабати - баба теќе.

Муслиманската куќа ја издвојуваме во посебна категорија заради особеностите кои се последица на спецификите во станбената програма и неограничените услови за избор на место и големина на градилиштето. Ако припаѓа кон истата архитектура, тоа е заради заедничкиот конструктерски метод и заедничките карактеристики на ликовниот израз. Муслиманската куќа секогаш имаше на располагање неограничен равен терен, богат со вода и зеленило. Немаше потреба да се развива во височина и затоа, по правило, останува на приземје и еден кат. Живеење на катот е израз на станбена култура. Влага, изложеност на неконтролирани погледи, слаби услови за осончување и вентилација се непријатности на станот во нивото на земјата. Впрочем, човекот живееше на земја само во примитивните епохи. Оној момент кога се цивилизира, нивото на станот го подигна на кат, а приземните простории ги остави за стопанските потреби на домаќинството. Дури и нашата селска куќа, со сета материјална непретенциозност, станот го има над нивото на земјата.

Во внатрешната организација муслиманската куќа потполно се задоволува со упростена симетрична шема. Централниот хол служи за боравок и ги обединува станбените одделенија. Со висински модулации на подовите, тој ги диференцира функциите. Подолу - простор за комуницирање, погоре - миндерлук (диван-хана) простор за примање и седење. Собите се најчесто по две од секоја страна на осовината на симетријата. Тие служат за спиење и боравок на женските членови (харемлак).



Христијанската куќа во македонските градови е нешто друго, надвор од секакви можности за шематизам. Таа претставува жив организам, способен да заземе каков било облик во зависност од разноликостите на условите. Битните услови кои влијаат на формирање на архитектурата овде се различни од оние за муслиманската куќа. Прво, теренските услови со стрмно градилиште и со минимални димензии. Второ, животните навики и материјалните можности. Станбената програма на Македонецот од XIX век знатно се разликува и од денешнава. Две основни функции кои се денес комплетно надвор од станот, тогаш морале да бидат вклучени во куќата. Во турско време за христијанинот немало институции за општествен живот во градот. Исто така немало индустриско производство на елементи на исхраната. Тоа се причини што во куќата од XIX век цел комплекс на простории кои денешната куќа ги нема, морал да обезбеди правилно функционирање на широко развиената домашна економија а истовремено да створи услови за приеми и собири со многубројни гости.

Во македонската куќа, станот во потесна смисла на зборот, го чинат одделенија во нејзиното средиште. Многу често тоа е само една соба така опремена да служи истовремено за боравок, спиење, јадење дури и за припрема на јадењето. Ако е фамилијата поголема,

ќе бидат две соби а функциите јадење и готвење ќе се издвојат во предпросторите или во одделенија кои се преливаат во групата за домашна економија. Овој центар на живеалиштето од една страна се надоврзува на богато развиена по простор стопанска група: подруми за гориво, за пијалоци, остава за зимница (месо, брашно, туршии) и просторија за груба припрема на јадење (месење леб, чистење зарзават и сл.) На другата страна живеалиштето се прелива во група одделенија за репрезентативни приеми. Сеедно дали е тоа затворен чардак или предпростор со две-три богато украсени и опремени соби.

Како да се реализира ваков стан на минимална територија? Во XVIII и XIX век Македонецот во градовите бројно се зголемува, а истовремено знатно се подобрува и неговата имотна состојба. Во такви градски услови нема место за згради кои слободно стојат како муслиманските. Овде се густо збиени една до друга и најмногу што ќе си позволат е минимално дворче пред влезот, или минијатурна градинка зад куќата. Но стрмниот терен е испра́вно користен затоа што секоја куќа стои повисоко од предната, а од збиената агломерација секоја има отворено лице кон сонцето и убавите погледи.

Каков е овој урбанизам, кој очигледно не е регулиран со планови и прописи, на територија така густо изградена а така спремно ги задоволил потребите на секој поединец и на примарните постулати на урбаната регулација? Заради непочитување на никакви праволиниски шеми архитектонизираните простории изгледаат така питорексно а заради временската дистанца го примаме овој амбиент со сета негова романтичност. Човекот од Европа, со друга култура и традиција овде се чувствува како во свет од бајки.



Всушност еве го таканаречениот органски урбанизам, што современиот свет одново го измислува и бара. овде урбаното ткиво расте и се развива во облици на изглед неконтролирани и неподвргнати на геометриските закони. А сето фактички се развива по строгите закони на физиологијата на живите организми во природата. Секој поединец според своите материјални можности се бори за повеќе простор и во ширина и во висина. Но, бидејќи живиот организам не е единка, туку се развива во некаква заедница, самата природа ги одредува границите на растењето. Така е и во градот. Правото на пристап и влез до куќата, правото на сонце и отворени погледи, право на непречење на соседот, се елементарни регулативи. И така природата ги регулира живите организми во заедница и од нивниот привиден хаос чини хармонија, а органскиот раст на градовите не води во еден архитектонски свет близок и лесно приемлив за разумот и возбудливо топол за чуствата.

На сличен начин и по иста органска методика безимениот мајстор го архитектонизира просторот затворен во куќата. Условите на минимално градилиште го тераат да усвои концепција на вертикална поделба. Економијата во приземјето, кое може да се вкопа и во теренот во нагиб. Станот во средина а највисоко просторите за приеми (по Грабријан "стан за лето") отворени за сонцето и воздухот. Вака грубо нацртана шема на

куќа е само приближна и широко воoштена слика. Вистинската реализација има безбројни решенија на основната програма моделирани врз специфични карактеристики на теренот (пристапи од горе - пристапи од долу), осончувањето, погледите, материјалните можности на домаќинот (стан за секого!!) и други услови од етнички или професионален карактер.

Оваа способност за продолжување на животот и акомодирање кон секакви услови ја чини македонската куќа и денес актуелна како извор за современи инспирации. Само да ги проследиме комуникациите во таа куќа, што како крвоток на живиот организам се провлекуваат во сето ткиво и ги сврзуваат сите простории. Без тврдите облици на ходник, кој така често не доведува во очаеност во "модерните" станови, комуникациите се комбинација на слободно компонирани површини кои ќе се појават точно таму каде за нив има најголема потреба и ќе го заземат оној облик кој што најмногу ќе одговара на функцијата во дадената точка. Тие волуменски се моделираат на најрационален начин од двовисочински влезен хол, преку помали претпростори на станбената група, до богатите моделации на аглови за одмор во репрезентативната група, широко отворени со погледите кон планинските панорами. Скалите - вертикалната комуникација, органски се сраснати со целината. Не се стремат кон единствена вертикала. На една страна мал крак ќе се спушти до нечистите одделенија на економијата, на друга страна повисок крак ќе не воведе во чистите предпростори на станбената група, за да продолжиме во сосема друг правец, кон катот за репрезентативни приеми. Сѐ живо, проточно и јасно, употрбливо со најмалу напори.



Нема сомнение дека македонската куќа припаѓа кон онаа стилска целина која во XIX век го покриваше Балканот, Мала Азија и дел од Блискиот Исток. Не интересира да ги согледаме заедничките елементи на тоа стилско единство а уште повеќе специфичните особености што ќе го оправдаат атрибутот македонска.

Заеднички за целата архитектура од таа епоха се проектантските методи, градежната техника и употребениот материјал. Проектантските методи се базираат врз чиста функционалност од органски карактер. За таков творечки процес не е доволна само фантазија, туку пред се опит наследуван низ времето. Со сета скромност и објективност на анонимноста, македонскиот мајстор се учеше на традицијата и високо го почитуваше својот занает. Да го разреши проблемот во секоја дадена ситуација, тој мораше одлично да ги запознае барањата на домаќинот (програма - животен опит) а за нивната реализација беспогрешно да владее со техниката на градењето. Притоа не е најзначајно дали тие мајстори беа македонци или малоазијци, туку нивниот единствен и сигурен технички потфат.

Заеднички за целата архитектура е и материјалот. На Запад, каменот е основен материјал за конструкции и за ликовен израз. Оттука геометриски облици поради неговата неподатливост за обработка. На Ориентот каменот е употребен во сирова состојба (кршен камен) за практичните потреби да се излезе од земјата и да се изгради отпорен постамент

на куќата. Одовде нагоре се развиваат драматични волумени на игривата пластика од дрвени конструкции. Виртуозната техника со дрво го разгранува просторот во широчина, ги коригира неправилните основи на приземниот постамент и ја формира динамичната игра на светлото и сенките. Дрвениот скелет со својата леснотија позволува неограничена слобода и во формирање на внатрешниот распоред. Сета динамика повторно се смирува во покривот со далеку издадена стреа. Таа има функција да ја заштити куќата од атмосферските разорни влијанија.

Во заеднички карактеристики спаѓаат и општо прифатените методи на стандардизација, како последица на селекција низ вековите. Освен материјалот, стандардни се мерките на сите елементи (врати, прозори, парапети, огради, висини на просториите) строго одмерени по димензиите на човекот. Мерилата на човекот ја хуманизираат архитектурата. Во појава на стандарди спаѓа и архитектонизираната опрема на куќата. Нема намештај во современ смисол, кој не остава место за човекот. Орманите за секакви потреби се вградени во ѕидовите а седиштата се развиени по ободните ивици. Простори со минимални димензии се чинат големи затоа што се празни, а убави затоа што се лесно согледливи и приемливи. Во таква консталација највисока ликовна звучност добиваат шарениот ќилим и резбарената таваница.

Како и сите познати стилови во историјата, старата градска архитектура го створила единството со грижлива стандардизација и општи проектантски и градежни методи. И материјалот се слил во ликовно единство. Затоа на површниот поглед му се откриваат како истолики куќите на Охрид со овие во Бруса. Ако исправно разбереме што е тоа стил во архитектурата, тоа ќе ни стане сосема разбирливо.



Што е специфично, македонско, во старата архитектура на македонските градови? Ако го примениме современиот метод на архитектонска анализа не ќе биде тешко да ги согледаме и овие елементи. Во границите на широко распространето стилско единство за формирање на вистинска архитектура, од битно значење се уште два елемента. Етничкиот фактор со сите животни навики кои ја формираат станбената програма и културните влијанија кои ќе се одразат на естетските категории. Вториот фактор е климатот.

Без оглед на политичката потчинетост, во Турската империја, и македонецот ја чува својата културна традиција. Во XIX век влијанијата на минатото се такви што доведуваат до движења за национална слобода. Од друга страна успонот на трговијата и занаетчиството ги раширува врските со Европа. Заедно со материјалните средства од Европа се преливаат и влијанијата на општествените односи. Во XIX век, Македонецот носи европска облека (алафранга) и се забавува по европски начин. Воопшто, во куќата тој се држи по европски. Сето тоа, неминовно се одразува на куќата.

Во веќе опишаната ориенталска диспозиција на куќата, Македонецот ќе внесе

најнапред измени кои произлегуваат од неговиот работен став. За разлика од Ориентот, каде во куќата се чучи, се седи на под или се лежи, во македонската куќа се седи на стол или се стои. Тоа е европски работен став. Во куќата таков став се одразува во групата за репрезентативни приеми. Голем чардак или повеќе одделенија на оваа група имаат високи седишта - минсофи, наместо миндерлуци. Крај минсофите се распоредуваат мали масички за послужување. Средината на просториите и понатака останува празна - наменета на свечените собири, свадби, вечеринки и сл. Работниот став понатаму се одразува и на самиот стан, каде се формира мокра батерија со примитивна санитарна техника. Во висина на стоечката мера на човекот, се внесува огниште, умивалник (хима) и отворени или затворени сталажи за кујнски прибор. Понекогаш, тоа е растурено помеѓу станбените простори и одделенијата за домашна економија. Оној момент, кога овие три елементи ќе се соберат во единствен простор ќе го откриеме прототипот на модерната кујнска батерија.

Климатскиот фактор ја приближува македонската куќа до европската. Во мекиот и благ климат на Медитеранот куќата се отвора и во приземните партии и во катот. Непотребни се и крововите со разгрнета стреја. На Ориентот може да се живее голем дел од годината на отворено. Во планинските градови на Мекдонија куќата мора да се затвори. И во приземјето, каде домашната економија треба да се обезбеди од зимски мразеви и во катовите, каде човекот треба да живее и да се забавува во пријатна температура. Ако сретнеме овде онде куќа со отворени чардаци, тоа се исклучоци кои го потврдуваат правилото на комплетно затворените куќи во Крушево, Кратово, Крива Паланка па дури и во Охрид.



Да додадеме дека во македонската куќа ќе се сретнеме и со специфичен ликовен израз во архитектурата. Во ентериерот ориенталната арабеска е заменета со локална традиција на домашното копаничарство. На таваниците и сергените, на килимите и другиот текстил орнаментиката е автохтона - македонска. И на фасадната декорација ориенталскиот елемент заменет е со творечка мешавина на домашна културна традиција и европски Барок пресоздаден во дрво. Во елементите на ликовниот израз македонскиот мајстор - градител, принуден е да оди по вкусот на инвеститорот кој свесно ја напушта заостанатата ориенталска традиција и тежи да се надоврзе на прогресивната европска цивилизација.

Сега, конечно, би можеле да си ги поставиме прашањата кои овде посебно не интересираат:

- какви вредности има македонската куќа од старата градска архитектура заради кои треба да ја сочуваме?

- каква корист може да има современото општество и човекот како единка, од така сочувана македонска куќа?

Веднаш мораме да истакнеме дека вакви прашања веќе денес не се поставуваат за монументалната архитектура од нашето културно наследство. Овде проблемите се исчистени со констатацијата дека монументалната архитектура е дел од нашата цивилизација која чини целина со своето минато (историја), со својата борбена сегашница и со својот стремеж кон сопствена иднина.

Но ете, и македонската куќа како што видовме, ги има сите вредности на вистинска архитектура, дури и нешто повеќе. Во сферите на монументалниот израз, освен сопствената традиција, ние имаме узори и во извонредните примери на грчката Антика и европскиот Ренесанс. Но како што е порано истакнато, во прашањата за современо становање, Европа треба уште да се учи од Ориентот, а притоа мора да помине преку македонската куќа. Каде се тогаш причините, заради кои нашиот однос кон старата градска архитектура не е сеуште расчистен во нејзина корист, односно зошто е потребна уште и нова аргументација?

За ова изгледа има објективно повеќе причини. Најнапред во суштината. Монументалната архитектура и денес може човек да ја гледа од страна и да ужива посредно во неа. Во станбената архитектура човекот треба да живее. Одовде настануваат првите и судбоносни конфликти.

Поради слабиот материјал, старата куќа е денес веќе кон крајот на својот животен пат. Стручњакот ќе ја апстрахира руинираноста и ќе ги гледа само архитектонските вредности, а човекот што живее во неа на сопствениот грб ќе ги почувствува сите последици на тој трулеж и пропаѓање. Притоа старата куќа ја нема и, веќе секому достапна, современата станбена техника и хигиена. Ако современиот македонец ја напушта оваа куќа во прва прилика, тоа е предимно заради безбедноста и техниката на модерниот стан. Сé едно што таму ги нема двовисинските холови, просторните комуникации и богатството на архитектонизирана опрема. Но ако веќе мора да остане во неа, нашиот човек со примитивни средства најнапред ќе ги отстрани како преживеани сите елементи на богатата архитектонска пластика и ликовниот израз на "застарениот" ентериер. А потоа со најскромни вложувања ќе ги внесе инсталациите на современата станбена техника.

Ете, во денешниве познати општествени услови макар што го имаме предвид современото ниво на архитектонска и станбена култура, испаѓа дека старата градска архитектура конечно си ја изиграла својата улога. Сепак, наша должност е да гледаме и во иднината, а со руинираноста и бегањето на денешниот човек од таа куќа ни од далеку не се исцрпиле сите прашања на современиот стан. Поради веќе истакнатите квалитети, македонската куќа сеуште му е потребна на македонскиот град. Конечно, животот на градовите е различен низ времето а населбите суштествуваат заедно со човекот. Човекот се обновува и остава зад себе традиција. Населбите се некаков одраз на неговото постоење низ времето. Животот е континуитет во кој се содржи минатото и иднината. Нема изолирана

денешница. На иднината изворите и се во минатото.

Европските градови имаат богата архитектонска традиција. Капитализмот ги наследи творбите од големите архитектонски епохи, кои ја негуваа монументалната грандиозност. Слабоста на овие епохи е во тоа што во архитектурата не му дадоа место на обичниот човек. Се побројната појава на овој човек во градовите, го натера европскиот архитект да го измени своето становиште. Од архитект уметник, тој мораше да се претвори во архитект анализатор и социолог. Длабокото значење на модерната архитектура е во нејзините упорни тенденции кон хуманизирање на градовите и сведување на монументалните мерила во димензиите на обичниот човек.

Сета наша досегашна аргументација ја издвои македонската куќа во хуманизиран узор на современата архитектура. Значи, додека во Европа се водеше борба за местото на човекот во архитектурата, на тлото на Македонија тоа одамна постоеше. Проф. Грабријан остроумно заклучува: "Кога во Европа се почувствува потреба од куќа за секого, стручњаците кои го познаваа Балканот, ја земаа како узор македонската куќа и притоа не зборуваа многу за нивните извори. Таков е светот и човекот треба да се бори за местото кое му припаѓа"...

Ова, сепак, не е пледирање за одење во друга крајност. Во македонските градови има огромен број на медиокритети и неповратно упропастени вредности. од оваа огромна маса на мешавини од примитивизам, сиромаштија и упропастени квалитети, наша должност би била да ги издвоиме вистинските квалитети. На урбанистот и комуналецот овде треба да му притекне на помош архитектот со современа и научна аргументација. Така издвоени единки или групации од старите куќи, ние имаме и зошто да ги чуваме и да најдеме смисла и оправданост за нивното оживување. Во тој правец нешто е направено, макар да го сметаме за недоволно убедливо, заради тоа што останало достапно само за урбанистите.

Животот и понатаму ќе оди напред и македонските градови ќе се формираат по нови патишта на идните перспективи. И архитектурата треба да ги одразува тие стремежи. Но притоа ако мислиме и на изворите на сопствената цивилизација, тогаш мораме да се осланиме и на македонската куќа од XIX век. Без секакво сомнение е дека наша цел не е обезличување на градовите. А целосниот лик го чини не само современото, туку и минатото. Во современото ткиво на градот, покрај модерните згради и комуникации, старата македонска куќа ќе забелесне како драгуљ. На странецот ќе има што да се покаже, а Македонецот ќе има од каде да се напои за своето денешно творештво.

СТАРАТА ГРАДСКА АРХИТЕКТУРА
И УРБАНИЗАЦИЈА НА ГРАДОВИТЕ
Охрид, декември 1964

# ОХРИД, ПРАШАЊЕ ПОСТАВЕНО НА СОВЕСТА НА ГРАДИТЕЛИТЕ



Волшебна творба на природата, монументална скулптура во релјефот, кристално небо и езеро. Клима, надморска височина, питомост и драматичност на планинските силуети, секогаш пресликани во езерското огледало. Сонце, богатство на рефлексии, прозирност на водата и воздухот изгубеност на гласови во пространството, музика на тишината фасцинантна игра од светлост и сенки.

Зошто луѓето запреа да ги формираат своите населби во вакви природни услови? Какви се градовите без голема вода?

Охрид има историско јадро со тврдина од X век, на врвот од релјефот. Најмаркантните точки од овој релјеф се обележани со спомениците од средновековната монументална архитектура. Источната и јужната падина ги покривна станбената архитектура од XIX век. Во подножјето е работната зона, старата чаршија. Има ниско и високо зеленило и подѕидани тераси со цвеќе. Од поголема дистанца тоа е бизарна хармонија на линии и колорит; внатре, драматично доживување во архитектонска пластика и светло-темни контрасти во исконскиот материјал: камен, малтер и дрво.

Новиот Охрид е во рамнина источно од стариот. Градскиот центар е на позиција каде се допира до старата чаршија; зона на хотели покрај езерото, станбени и работни зони внатре понатаму. На линијата паралелно со старата чаршија е новиот градски центар: Домот на културата, кино сала, пошта, банка, административни згради. Луѓето се движат

по старата чаршија; улицата со општествени згради на центарот е празна. Во овој простор, најпосетено место е кафеаната во старата чаршија со сомнителни архитектонски квалитети; модерниот ентериер на хотелот "Палас" е празен во зима.

Зошто современите урбанисти, за новите населби ја одбираат баналната рамница? Дали сме ја заборавиле биологијата на архитектурата?

Ако во Охрид суштествуваат конфликти помеѓу старото и новото, ги согледуваме во два вида.

Спомениците на монументалната архитектура се конзервираат и неизменети живеат во времето. Станбената зона во стариот град бара регенерација; старите објекти се заменуваат со нови. Ако бевме толку умни да ја сочуваме старата улична мрежа, прашањето останува каква нова архитектура да градиме. Како на овој простор да му се додадат и современи нови функции?

Пишуваме студии за изградбата во урбаните амбиенти со вредна стара архитектура. Ги истражуваме и ги докажуваме формите, мерилата, односите и изразот кои ќе кореспондираат со старото.

Поуките на историјата се поинертни. Објекти од различни епохи, контрасти во мерило, израз, материјал и функција, зборуваат со јазикот на своето време. Тие стојат едни покрај други во хармонија затоа што ги усогласила четвртата димензија. Постои ли ситуација на конфликт? Овде, не. Во иднина ќе биде сé старо, а времето ќе направи селекција на квалитетот. Урбанистички и архитектонски конфликти постојат на линијата каде старата градска матрица се допира до новата. Зошто старата чаршија и кафеаната во неа се полни со движечки живот, а новите улици со објектите од градскиот центар се празни? Одговорот на ова прашање не е во формите на новата архитектура, ниту во некаква согласност или несогласност. Зашто, не е во прашање архитектурата, туку организацијата на животот, а тоа е проблемот на урбанистичката организираност. Во старата чаршија и денес се продавниците, кафеаните и функциите во кои човекот се движи и кои живеат преку целиот ден до доцна во ноќта. Новиот градски центар е полн со објекти кои живеат со работно време од половина ден. Надвор од зградите не се случува ништо. Треба да организираме простор со целина на животните функции за да биде и тој во непрекинато движење.



На охридскиот пример може да се стаса до корисни заклучоци, да се споредува старото и новото во истиот град е јалова работа: старото е завршена појава, новото е процес кој се развива и во иднината. Кога ќе се постигне усогласеност каква што посакуваме? Никогаш, зашто животот не запира. Треба да проектираме и градиме толку квалитетно колку што се може во своето сопствено време.

Наместо заклучок поинтересно е да се поставаат неколку прашања:

Дали може да се следи традицијата во услови на битно изменети социјални, техничко-технолошки и функционални аспекти на современиот живот?

Што пропуштија да научат од историјата и биологијата современите урбанисти и архитекти?

Каков е современиот еквивалент на високовредната урбанистичка организација и архитектурата од минатото?



АРХИТЕКТУРА - УРБАНИЗАМ,
бр.64 - 65, стр. 124-125,
Белград, 1970



128

# МОДЕРНИ СИМБОЛИ

## "Скопје - Центар 71" и неговите објекти



Набројувањето на многу реализации од обновата на Скопје придонесува оптимистички да ја чекам иднината. Но, денес, поради кејовите, мостот и булеварите се чувствувам принуден да ја изразам својата возбудливост. Станувам свесен дека се реализира нешто материјално и финансиски огромно, технички и изведувачки посебно, по својата појава ретко што градовите го чекаат со столетија, корисно и несекојдневно, поетично и идилично и со сета своја појава исклучително.

Ме занесува физичката енормност на потфатот. Хидротехничарите скромно велат дека регулацијата на реката Вардар има цел да го заштити градот од поплави. Затоа во работата е зафатено целото корито на реката од Треска до Маркова Река, во должина од 20 километри. Додатни работи се свртувањето на Серава во ново корито и уште една брана на Треска. На сета должина од 20 километри, Вардар добива ново двостепено корито со просечна ширина од 90 метри а во реонот на градскиот центар, тристепено корито со подзидани кејови.

Каква споредба да направам за да ми стане убедлива физичката големина на оваа интервенција? Како пример на совладана енормност, во историјата се наведуваат египетските пирамиди, едно од седумте чуда на античкиот свет. Најголемата пирамида на Кеопс има страна на основата од 233 метри и висина од 146 метри. Вградениот материјал

има волумен од 2.562.576 $м^3$, а камената облога по страниците на пирамидата има површина 86.800 $м^2$.

Во регулираниот Варад по завршувањето на сите работи треба да се вгради околу 3.500.000 $м^3$ материјал од бетон, песок во насипи и камен во облоги и подѕиди. Површината на облоги со делкан камен и бетонски блокови изнесува околу 170.000 $м^2$. Нека ми простат проектантите ако сум во пресметките многу површен и сосема приближен, но оваа споредба ми е потребна за да заклучам дека само со регулацијата на реката Вардар ќе бидат изградени две Кепосови пирамиди.

Но, да се вратам во современиот свет и во мојата возбуденост да ги вклучам покрај Вардар, мостот и булеварите. Денес размислувам како стручњак свесен за терминот урбанистичка средeност. Во градовите се твори модерна архитектура, во која човекот ефикасно и функционално ги врши своите животни задачи. Однадвор тој ја доживува како естетска категорија. Но, архитектурата со својот интернационален стил е иста во сите градови. Реката, мостовите и булеварите се неповторливи. Дури во таква специфична урбанистичка средeност на партерот и архитектурата добива посебна звучна обоеност. Архитектурата однатре ја доживува ограничен број луѓе кои ја користат. Партерот и реката се вовираат во свеста на сите граѓани, стануваат причини за масовни доживувања и емоции, прераснуваат во симболи на градот и влегуваат во поезијата и митологијата.



Отсега ќе имам повеќе причини да го сакам градот. Ќе ги љубам кејовите на Вардар со топлата боја на каменот во есенскиот блесок на сонцето, затоа што ќе се движам по мозаик од цвеќе и зеленило, ослободен од обврски и задачи на секојдневното...

Ќе ги љубам мостовите на Вардар, спомени на знаењето во историјата испишани во нив, сведоци на хронологијата, сврзници на светови и луѓе преку граници од вода. Камениот мост, преку кој Ориентот надираше кон Европа а модерната цивилизација му враќаше новини на заостанатоста. Стариот бетонски мост (веќе е стар!), симбол на многу скромни потреби и "Мостот на револуцијата" претходник на недоволно согледаните велеградски мерки. Новиот мост "Гоце Делчев", кој освен преку реката и симболично нè преведува во иднината со новата техника на градење со преднапрегнат бетон.

Ќе ги љубам булеварите во кои ќе се прелие големиот автопромет за да ми ги врати мирните пешачки површини толку неопходни за социолошка обнова на заедницата со луѓе кои се сретнуваат. Ќе ме одвезат и вратат брзо до центарот и надвор од него и ќе ме ослободат од чувството на задушеност на крстосниците. А кога ќе посакам да ја согледам архитектурата, булеварите ќе ми ги отворат погледите и реалните перспективи.

Нека ме оставаат на мира сега скептиците со своите мисли за естетска упропастеност на композицијата и визурите. Анализите за естетиката нека останат за иднината кога каменот ќе го прелие патина на времето. Денес сум опфатен само од чувството на

исклучителност, неповторливост и единственост на овие реализации. Архитектурата се гради постепено и непрекинато ја формира третата димензија на градот, а кејовите, мостовите и булеварите се ретки празници во столетијата. За нивна реализација се чекаат исклучително среќни историски констелации.

Споредбата со класичната Атина не мора да звучи нескромно. Во V век пред нашата ера, таа доживеа трагична судбина на комплетно урнување од Персијанците. Среќна историска околност беше победата и воениот плен како услови за обнова. Занесот на ослободениот народ создаде нова Атина од античкиот Златен век врз која идејно и естетски се инспирира целата европска цивилизација. Од сегашна историска перспектива, Перикле и Фидија се само симболи на организаторскиот и творечкиот дух на ослободениот народ.

За Скопје, земјотресот беше таква историска дата, а братството на југословенските народи и меѓународната солидарност ја обезбедија обновата. Сосема е случајно што организаторскиот и творечки занес повторно се изрази од еден ослободен народ, прв пат во сопствена држава. Нека оставиме на иднината да ги изрази симболите на ова творење. Можеби тоа ќе бидат симболи на модерна митологија, во која помошта на Организацијата на обединетите нации ќе го добие во денешниот свет реткото име - благодарност. Сегашново време измисли најсовршени средства за рушење, од кои иднината можеби ќе се срами. Затоа делото на бројни југословенски и македонски градители тоа ќе го нарече - **творештво**, а организаторскиот труд на градските претседатели и нивните помошници - **жртва**. Споредбите со Перикле и Фидија затоа се временски неусогласливи, но историските реминисценции се корисни како поуки од минатото.

Ќе дојдат уште сончеви есени и нови творечки напори. Затоа што исклучително ме возбуди овој мраварник од луѓе, механизација и градежен материјал по кејовите, мостот и булеварите, оваа есен ја забележувам како **празник на урбанизмот во Скопје**.

НОВА МАКЕДОНИЈА,
Проф.Борис Чипан
28,29 и 30 ноември 1971



# ВРЕДНИ ГРАДИТЕЛИ



Втората светска војна му остави на светот во наследство две карактеристични спротивности: невидено руинирање на градови и многу нови технички достигнувања. Со војната заврши и периодот на инертна архитектура со бавна и традиционална реализација. Сега на светот му е потребно рационално градежништво, а токму тоа го понуди модерната архитектура збогатена со нова технологија на конструкции, инсталации и градежни материјали.

Македонија ги имаше истите потреби како и целиот свет и нова Југославија, со таа разлика што материјално и кадровски почнуваше од ништо. Во првите денови на обновата во Скопје се најдоа само четири инженери по архитектура (Томоски, Чакеља, Артемушкин, Чипан). До 1950 год. стигнаа напомош архитекти од другите републики (Петрик, Штајман, Леви, Кубеш и др.). Дури потоа стигнаа и првите македонски архитекти школувани во Белград и Загреб (Пота, Жупан, Пецовски, Брезоски, Ќосевски, Маленкова, Галиќ, Шеќерински). Во 1949 год. основан е Архитектонскиот оддел на Техничкиот факултет во Скопје, каде до 1962 год. дипломираа 230 инженери по архитектура, а до денеска ги има повеќе од 700. Видна улога во образованието на младите архитекти имаа и првите професори по архитектура Улрих, Анцел и Балеј од Загреб.

Брзата обнова и новата изградба беа основа на стопанскиот успех. Југославија и Македонија не се повеќе изолирани простори, туку дел од модерниот свет кој сè повеќе се

интегрира. Во такви услови архитектурата е сé помалку дело на поединци, а сé повеќе производ на поширока општествена организираност. За кратко време во Македонија се создадоа големи урбанистички и проектантски организации, градежна оператива и индустрија на градежни материјали, организми кои се способни да остваруваат модерна архитектура.

Во таква економска и кадровска ситуација се создаваше повоената архитектура како објективна последица на општествената социјалистичка стварност во Македонија. Притоа, јасно се видливи две етапи на развојот: првата приближно до 1962 година, првата етапа ги решаваше проблемите на обнова и изградба на индустриската основа; втората етапа, која сé уште трае, треба да ја изрази архитектонската зрелост на нашата генерација.

Ваквата поделба ќе ни овозможи да откриеме зошто се најбројни објектите и, може да се каже, највредни архитектонските остварувања од областа на индустриската изградба. За кратко време во сите македонски градови изникнаа многу фабрички комплекси со производни хали и помошни простории во јасна конструкторски и естетски чиста модерна архитектура.

Во овој краток приказ, без претензии на сеопфатност, да ги споменеме само текстилните фабрики во Штип и Тетово, комплексот Јегуновце, свиларскиот комбинат и фабриката за порцелан во Велес, фабриката за фрижидери во Битола и комбинатите ОХИС и Железара во Скопје. Независно од големината на овие индустриски објекти, архитектурата е модерна токму затоа што е крајно рационална и функционална.



Напоредно со индустријата, архитектурата од првата етапа имаше општествена задача да изгради голем број станбени објекти. Во сите македонски градови, како противстав кон предвоениот индивидуализам, се создадоа нови станбени комплекси и блокови кои ја одразуваат современата организација и функција на домувањето. Овие станбени објекти не претендираат на висок архитектонски стандард, но затоа ги одразуваат видните проектантски и изведувачки напори.

Ако треба да се дава оценка за македонската архитектура од оваа прва етапа, не треба да се заборави дека е создадена во младо и тукушто разбудено општество кое имаше смелост така широко да ги формулира своите потреби, а во нивната реализација за кратко време да се надмине себеси. Со исклучок на некои навистина вредни индустриски остварувања, архитектурата во првата етапа нема претензии за висок пласман. На овој архитектонски напор му придаваме значење само затоа што го одразува херојското време во кое Македонија, како и цела Југославија, со повеќе од скромни можности и во услови на невидена ургентност, создаде натпросечен квантитет на архитектура за да ги задоволи и најосновните потреби на човекот во социјализмот.

За втората етапа, која почнува приближно по 1960 година, напоредно со порастот на националната економија и повисокото ниво на градежната техника, како најзначајно треба да се истакне зголемувањето на општествената свест и нејзината зрелост да прифати и финансира архитектура со видно повисок материјален и културен стандард. Кон ова го додаваме и најзначајниот фактор: созревање на новите генерации архитекти со повеќе од десетгодишно искуство во проектирање и градење.

И во оваа етапа ширум Македонија изграден е поголем број исклучителни архитектонски остварувања. Ограниченоста на просторот во овој приказ не дозволува сеопфатност, а временската дистанца не овозможува објективна селекција. Затоа, нека ми биде однапред простено што размислувам повеќе за општествените објекти и притоа ги занемарувам малите, но вредни архитектонски остварувања.

Станбената изградба оди и понатаму со несмален интензитет, но сега врз основа на повисоки програмски, технички и естетски мерила. Пред сé, во сите македонски градови станбените објекти имаат видливо позрела урбанистичка подлога, што само по себе чини нов квалитет. По земјотресот во Скопје се создаде и поповолна клима благодарение на учеството на неколку светски експерти од областа на урбанизмот и архитектурата (Доксијадес од Њујорк, Кенѕо Танге од Токио, Ван дер Брок и Бакема од Ротердам, Равникар, Венцлер и Нишчевиќ од Југославија). Нивното краткотрајно делување во Скопје имаше влијание и врз архитектите во цела Македонија.



Туристичко-угостителските објекти покрај македонските езера и во зимските центри можат да бидат ставени во посебна група. Пред 1960 година изграден е на Преспанското Езеро туристичкиот комплекс "Отешево" (А. Улрих), а во Охрид хотелот "Палас" (Е. Михевц). Во исклучително примитивна средина и далеку од најосновните норми на комунална инфраструктура "Отешево" останува како пример на убава поврзаност со природата, но и со ниско ниво на реализација. За она време "Палас" во Охрид беше програмска авантура, но наспроти тоа што создаде извесна урбанистичка конфузија, квалитетите на неговите внатрешни простори остануваат и денес ненадминати. Потоа, во поголем временски интервал реализиран е туристичкиот комплекс "Св. Стефан" во Охрид. Со различен успех, овде се испробаа поголем број македонски архитекти, но засега споредбата на архитектурата со природните убавини сé уште е на штета на архитектите. Меѓутоа, новите реализации од оваа област отвораат и подобри перспективи. Хотелите "Горица" (К. Заров), "Славија" (Голев), "Десарет" (Митков), заедно со градскиот угостителски центар "Летница" (С. и М. Хаџиеви) во Охрид, означуваат поголем чекор напред нé само затоа што се вложени поголеми напори да се инспирираат од локалната архитектонска традиција. Така високо архитектонско ниво достигнуваат и хотелите "Континентал" и "Олимписко село" во Скопје

(Ж. Ѓелевски, Д. Димитровски, О. Богатинов, М. Сидоски), како и планинските хотели "Попова Шапка" (С. Брезоски) и "Крушево" (Т. Василевски).

Исто така, вредно се работеше на изградбата на школски објекти. Од првите реализации кои покажуваат само рутински просек, последните години се издвојуваат и такви кои на образовните функции им додаваат и побогат ентериер и повеќе убавина во архитектонскиот израз. Во различни временски периоди како републички кандидат за наградата на "Борба" предложени се осугодишното училиште во Ѓорче Петров кај Скопје (Б. Мицевски) и Педагошката академија во Скопје (Ј. Константинов).

Гимназијата "Орце Николов" (К. Богачев) и осумгодишното училиште во Кочани (В. Лаловиќ), исто така, ја истакнуваат својата кандидатура за општествени признанија. Извесен продор за поголем успех на оваа архитектонска област претставува комплексот на техничките факултети во Скопје, (Чипан, Најденов, Томиќ, Пљаковски, Филиповски), како и незавршениот универзитетски кампус со зградата на Ректоратот (Мушиќ и "Македонија проект").

Од поголемиот број општествени објекти тешко е да се направи селекција, а разбирливо е што најмногу такви има во Скопје. Грешката ќе биде помала ако најнапред ги наведеме оние кои добиле општествени признанија. Републичка награда за уметност "11 Октомври" последните години добија и архитектонските творби како "Работнички дом" во Скопје (С. Брезоски), Градскиот плоштад во Тетово (К. Муратовски), Партизанските гробишта во Скопје (Д. Пецовски, Ј. Грабул), Градскиот архив во Скопје (Ѓ. Константиновски) и зградата на општествените организации во Скопје (П. Муличковски).



Нема да погрешиме ако наведеме уште неколку општествени објекти со архитектонски квалитети на современите достигнувања. Во Скопје: Студентскиот дом (Ѓ. Константиновски), Народната библиотека (П. Муличковски), Медицинскиот центар (Ј. Константинов), Скопски Саем (Б. Мицевски), Природно-научниот музеј (Т. Димитровски), а пред сите новиот трговски центар (Ж. Поповски, Ж. Гелевски, Л. Маркова, Т. Арсовски); во Тетово - Домот на културата (Николовски, Герасимовски, Муратовски); во Охрид - Домот на пензионерите (Ж. Поповски).

Архитектурата се создава секаде, но мостовите и кејовитего одразуваат специфичниот лик на градовите. Поради енормните трошоци тие се ретки празници низ столетијата. Новиот мост "Гоце Делчев" во Скопје, наспроти видните урбанистички и сообраќајни компликации, со својата елеганција нé пренесува не само преку реката, туку и во новиот свет на преднапрегнатиот бетон; кејовите на Вардар (архитектонска обработка Р. Влчевски) создадоа сосема нова просторна и ликовна димензија на градот.

На крајот од овој приказ, сепак, останува неправдата кон многу други солидни архитектонски дела низ цела Македонија. Ако оваа неправда може со нешто да се

надополни, треба да се каже дека за оценка на овој миг од современата македонска архитектура од поголемо значење се отворените перспективи. Факторот кој отвора врати во иднината е кадровската база, организационо и стручно способна да чекори напоредно со светот. За таквиот благороден натпревар, нашата архитектонска генерација е веќе проверена на повеќе југословенски анонимни конкурси при што избори рамноправно место со другите југословенски архитекти.

Во овој миг се проектираат и градат други архитектонски објекти. Иднината ветува и повеќе. Со одличните примери на архитектонската традиција, со тие корени на македонската култура и во услови создадени од современото социјалистичко општество, македонската архитектура може со право да се натпреварува за сопствено место во времето кое доаѓа.



ПОЛИТИКА,
4 август 1974 Специјален додаток
Социјалистичка Република Македонија,
1944-1974



# СВЕТОЛ МОМЕНТ

## Што сакаме всушност, од традицијата?



Ансамблот на Градскиот трговски центар во Скопје е архитектонско остварување кое непрекинато возбудува и тера на размислување. Тоа не е архитектура во смисла на наследените и сé уште живи заблуди со кои нé воспитувале кунстисторичарите. Проучувајќи ги "големите дела" на антиката и ренесансата, нé научија погрешно - во архитектурата да гледаме декоративна површина, а не простор, да ја цениме естетичарски, а не социолошки. Нивна заслуга е што општеството сé уште мисли дека архитектурата е само работа на архитектите. Тоа исто општество, рамнодушно го прифаќа секој простор во кој може да се всели, а потоа ја фали или ја критикува неговата надворешност и со стручни рецензии на архитектите ја наградува архитектурата која "достигнала високо ниво на пластично обликување и значаен дострел во естетскиот израз".

Впрочем, зар не е парадоксално што со револуциите се срушени неповратно историски минатите општествени формации, додека во архитектурата ништо не се променило. Го одземавме производството и профитот од капиталистите кои градеа велелепни палати, ги соборивме апсолутистичките тирании кои со народните пари создаваа монументални градски ансамбли и споменици. Во производството се бориме секој динар да биде најдобро искористен, а во планирањето на архитектурата се однесуваме како тој ист динар да не е наш.

Современата архитектура се диференцира во регионални (или национални) школи

врз основа на климатските, природно-морфолошките и историските особености. Најпосле разбравме дека климата и природата не се еднакви насекаде, но со историските специфики сé уште сме на лизгав терен. Навистина, што сакаме ние од традицијата? Современиот живот е сосема изменет - физички и социолошки. Остана само човекот со вечните потреби за меѓусебно контактирање, но во услови на потполна физичка дезинтеграција. Тој е истеран од плоштадите, улиците и тротоарите, каде што денес суверено владее автомобилот. Затоа денес од традицијата го сакаме само она што ни го одземаа слатките отрови на модерната цивилизација. Додека ги немаше нив во историските епохи, човекот ги имаше за себе и за среќавање со друг човек, просториите во градот и во архитектурата. Сега дури ни станува јасно дека градовите не се монументи и дека архитектурата не е само естетска категорија. Тие, пред сé, се простор за потребите на човекот.

Одовде се роди функционализмот како правец кој, впрочем, единствен од сите "изми" остана како животворна ориентација, но неговото делување го стеснивме на технолошките аспекти на архитектурата. Фасцинирани од новите пароли на модерната технолошка револуција, повторно ги запоставивме човековите потреби за сметка на високата продуктивност. Опасно е повторно да се разделат општеството и архитектурата. Како во фараонските времиња архитектот сé уште се обидува да се стави во центарот на животните собития. Тој останува трагично непризнаена големина, сака од себе да ја симне одговорноста, а општеството сé уште ја толерира неговата изолираност, наместо да го впрегне во програмирање и изучување на човековите потреби. Затоа што Трговскиот центар во Скопје не е таков, ни се причинува како светол момент на современата архитектура.



Поради исклучителните околности тој не е едносмерна функција во смисол како што инаку сме навикнале да го гледаме градскиот живот расцепкан и во студени анилизаторски и технолошки поединости. Во голем ансамбл, тој претставува збир на многу такви функции како што се домување, трговија, забава и култура. Во фазата на програмирање извонредна околност беше што при финансирањето се собраа интересите на поголем број супинвеститори од каде се изгради демократскиот интерес на најголема рационалност и од каде беше исклучен лековерниот однос на еден претенциозен "мал тиранин". Од сосема други би рекол луцидни интереси, од проектирањето беше исклучен "примадона архитектот" и создадена група од повеќе проектантски организации. Интересите на општеството и архитектурата во оваа задача се сретнаа на најдобар начин.

Пет изолирани станбени деветокатници се опфатени со трикатниот организам на трговски, угостителски, производни, забавни и културни функции. Најпосле, и автомобилот е истеран во длабокото подземје. Овој огромен ансамбл се потпира од една страна на пешачкиот кеј покрај Вардар, а од другата страна на паркот. Просторот живее од утро до доцна навечер. Покрај купувањето, човек се среќава со пријателите и муабети во мир на

клупа или во кафуле. Предвечер е полно со младина која сé уште не е заробена од автомобилот или телевизорот. Во паркот се слушаат детски гласови и преку овој простор се прелеваат до кејовите. Обично изолираниот продавач или занаетчија има можност да се одмори од работата на масичка на тротоарот на соседната слаткарница. Во суштина овој ансамбл претставува модерен еквивалент на сентименталниот и мил, но веќе исчезнат, живот во чаршијата. Единствено вака можат да се разберат поуките на традицијата - како обнова на просторот за вечните потреби на човекот, а не преку материјализирана форма.

Најзначајниот квалитет што го има овој ансамбл е симбиозата на животот. Затоа нема фасади и затоа не може да се анализира и оценува врз основа на естетичарските заблуди. Тој не може да се презентира во слика и дводимензионална репродукција. Наспроти архитектурата на форми, која сакаме да ја надминеме, тој извонредно ја илустрира архитектурата на животот.



ПОЛИТИКА, 22 мај 1976
Саботен додаток за култура и уметност



# ПОТРАГА ПО УРБАНАТА ПЕРСПЕКТИВА НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА

**Треба ли градовите да пораснат до загушување, за да почнат да се делат? - Потреба е повеќе да се гледаат граѓаните, а не градовите...**



ИЗУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ГРАД ОД XIX век придонесува да се симне превезот од нашата заслепеност, од урбанистичка постапка на капиталистичкото општество. Тешкото наследство од индустриската епоха, капиталистичкиот град го доведе до безизлез. Технократските визии на суперорганизми, мегаструктури над или под земја се лажни решенија за вистинскиот човек на иднината како и за чување на природата. Тој град е толку болен, што технолошките бдеења не удираат на вистинското место. За разлика од технократските визионери, има и такви, кои перспективата ја гледаат пред сé во промени на општеството. Кога Л.Мамфорд во неговото дело "Град во историјата" ја скицира перспективата на "невидлив град", тој претпоставува едно општество ослободено од бирократски централитет и хегемонија на суперсистеми, а историски неговиот поглед е свртен кон "трговскиот град" од XV - XVI век, во кој човекот беше сé уште слободен граѓанин, а пред сé пешак близу до природата.

Зошто ние толку слепо да ги следиме оние кои "ги фалеа Амстердам и Венеција, а не се ни обидоа да ги имитираат" (Мамфорд), кога веќе до нас го имаме уште жив македонскиот град од XIX век со сета идилична незаразеност од канцерите на "палеоѕехничкиот пекол" и технолошката револуција, а притоа програмирана за едно југословенско општество кое туку што го постави човекот во положба на самоуправно одлучување.

Свесни за развиеноста на современата технологија, која во рацете на зрелиот самоуправувач може да се претвори од лош господар во добра слугинка, можеме да повлечеме и смели паралели помеѓу еснафите и основните организации на здружен труд, помеѓу црквената општина и месната заедница, без страв дека ќе бидеме обвинети за историски примитивизам и религиозна метафизика. Прашањето кое во случајов си го поставуваме е: каков физички простор за модерна, самоуправна организирана месна заедница во градот на нашата непосредна иднина, имајќи го на ум историскиот опит од нашиот, македонскиот град?

Во градот од нашава историја тоа е индивидуалната куќа, заобиколена со природа, всадена во плодна земја која може во секој момент да се допре со рака. Мала единица на соседи од 20-30 куќи со 80-120 жители, поголем организам е маало со 150-200 куќи и 500-800 жители и град со вкупно 20-60 илјади жители. Во современиот град - нерешено. Капиталистичкиот модел со местење блокови и тули, очигледно доживува криза. Во таквиот затворен стан, човекот е потполно лишен од "мистиката на зелениот простор", и "сонот кој лежи во срцето на човекот". Разни суперо и мега структури се слаба замена на тој сон и викенд куќата е сурогат на човековата страст по природата. Во современата организација на градот, тој е всушност принуден дневното и неделното слободно време да го дели. Засега перспективата е нејасна. И покрај модерната технологија на автономна енергија, телекомуникации и моторизираниот транспорт, фактори кои овозможуваат широка дисперзија на становањето, многу стопански аргументи се противставуваат на човековиот сон по индивидуалната куќа во природа. Но, тоа се аргументи на капиталистичкото општество. Од човекот на социјалистичкото општество зависи дали ќе процени, дека една генерална прераспределба на вишокот на трудот не е вредна за остварување на таков сон.



Заеднички функции? во градот од XIX век, тоа е маалски центар со фурна, неколку продавници и занаетчиски дуќанчиња, училишта и црква, сето на ниво на тогашниот стопански и културен развиток, физички, просторно и архитектонски многу скромно со исклучок на црквата. Причините за ова се познати: скромни материјални потреби, неразбудена глад за образование, раководна улога на религијата во формирањето на духовниот и културниот став.

Во современиот град треба да биде: центар на месна заедница на ниво на нашите перспективи и слободен граѓанин, свесен за својата улога во самоуправното општество. Материјално обезбеден господар, а не роб на модерната технологија во основната организација на здружениот труд, во месната заедница граѓанин со доволно интегрирано слободно време.

А каков урбанистичко-архитектонски простор за таква месна заедница. Денес располагаме со некаква формула. Нагласувам - формула, затоа што ние мислиме дека е

таа резултат на научно дефинирани потреби и затоа што безгранично ја применуваме во секоја месна заедница. Трговија, продавници, сервиси и образовни центри се програмирани врз основа на бројки на луѓе без идентитет. Најинтересно е програмирањето на потребите од култура, забава, спорт, игра, хоби и сл. Формулата на сегашниот дом на културата навистина е веќе здодевна. Сала за класичен театар (понекаде и опера), малку библиотека, малку работнички универзитет и малку спорт (пинг-понг и билијард?!) - колку сето заедно мириса на вкалапеност и натурена нефункционалност.

Таква формула понатаму ќе мора да го пополнува вакуумот создаден од граѓанин без идентитет. Самоуправувањето е оружје со кое тој ист граѓанин може да си го избори не само правото, туку и задоволството на лична активност во месната заедница и тогаш, тој ќе знае сам да програмира заеднички функции во центар или во простор на месната заедница.

Среќавање? Длабоко во човекот спие уште една вечна потреба, да се чувствува дел од заедница и во поглед на другите да го бара одразот на својата личност. Тоа е потребата за сретнување од која се формира интересот за заедницата. Денес, тој е несреќен, затоа што за таа смисла на животот може да најде само делумност сатисфакција во секторот на работа или во професионалната афирмација. Надвор од работата, во повеќе од две третини на неговиот животен циклус и во сегашната положба на станбена заедница тој е лишен од среќавање. Затворен во стан-кафез, фасциниран од илузиите на телевизорот преку кој му се сервира информација и забава обработена од други (професионалци), затворен во автомобилот кој во наши услови сé уште се доживува како сладок отров, нашиот граѓанин ги има сите услови за пасивност и психолошка дезинтеграција. Таков човек залудно бараме во центарот на месната заедница. урбанистите и архитектите се натпреваруваат да создадат комплетни центри (проектирани по формула) плоштади, зелени површини и улици за пешаци, а сето упорно не функционира и стои празно!

Дали и за ова може нешто да ни соопшти македонскиот град од XIX век? Пред сé, тој може да ни каже дека за сретнување не е апсолутно неопходен "научно" архитектонизиран простор. За игра на младите доволно е ледина, а за среќавање на возрасните само случајно проширување на улицата со два три камења за седење или дрвена клупа крај маалската чешма под сенката на јаворот. Низ такви неофицијални среќавања се разменуваат дневни информации и се активира граѓанинот за формирање на месна и пошироко, градска политика. Така се формира и програмата за изградба на позначајни општествени објекти, така се следи и реализацијата.

Иднина? Како што неможе да се врати во историски надминати општествено-политички услови, не може ни да се препорачува урбанистичко-архитектонски простор од стариот град.

Нешто блиско до нас ни открива А. Лефевр во книгата "Урбана револуција" во која пред сé сугерираат промени во општествената политичка свест. За ситуацијата во социјалистичките земји тој наведува: "Урбана проблематика, загушена од идеологијата на индустрискиот продуктивизам, дури и не допира до свеста; официјалниот урбанизам, кој прилично слабо се разликува од капиталистичкиот урбанизам, и понатаму важи за решение кое социјалистичкото општество го остварува на терен.

За ситуацијата во Франција: "Сведување на урбаното само за становање, дел е на тесноградноста на политичкиот живот, кој почнува да гуши. Една опширна урбана програма, како план за преобразување на секојдневието и кој не би имал никакви врски со репресивниот и баналниот урбанизам, ниту со присилно уредување на територијата, тоа е политичка вистина".

Политичка стратегија: а) воведување на урбаната проблематика во политичкиот живот; б) креирање програма, чија прва точка ќе биде општо самоуправување; в) воведување на договорниот систем "правото на град", т.е. правото да не се биде исклучен од урбаното одлучување.

Урбана стратегија: а) да се урнат препреките и браните; б) да се запрат одвојувања на луѓе и предмети кои забрануваат квалитетен развиток. Во постојниот поредок она што разделува се чувствува цврсто; она што раздружува знае дека е јако; она што дели се смета за позитивно; в) да се дигнат во воздух препреките... кои ја прикриваат поливалентноста на животот во урбаното друштво... кои забрануваат кршење на норми кои што пропишуваат одвојување.



Политичка цел: Општо самоуправување кое подразбира одумирање на државата.

Урбана цел: Замена на договорот со обичај. Користење на урбаните предмети (тротоар, улица, премин...) е вообичаено, а не утврдено со договор.

Во нашето општество се втемелени многу од основните претпоставки на А. Лефевр. Колку тоа комплетно може да се однесува на политичката стратегија и цели, толку зачудувачки стоиме во место со урбаната стратегија и цели. Пропишаните консултации со граѓаните таканаречено ставање на јавен увид за готови урбанистички решенија, се слаба замена за активно креирање на урбаната проблематика и никаква шанса за "Уривање на препреки и брани" одредени со закон и други прописи. Како искуство од македонскиот град од XIX век е многу повеќе. Поради избистрување на погледот во иднината, би можело да се препорача урбанизмот да се ослободи од опсесијата за државно и градско туторство и од заблуда дека граѓаните се недораснати суштества на кои може да им помогне само натурена регулатива која ќе создаде атмосфера на среќа. Таквиот став премногу мириса на телевизиска реклама за козметички препарати. Ако си вообразуваме дека со репресивни формули пополнуваме празнини создадени од индолентноста на граѓаните во современиот

град, поарно е тогаш да ги погледнеме граѓаните, а не градовите.

Затоа што човекот и покрај сета технологија на иднината ќе сонува да остане пешак цврсто допрен до природата, така ја чувствува блиска "идиличноста" на стариот град. Преситен и дури уплашен од градот во кој живее, ги користи ваканциите да побегне во минатото и да се замеша во бучната толпа на плоштадот "Св. Марко" во Венеција, на Страдунот во Дубровник или на старата чаршија во Охрид. Тоа не е само туристичко помодарство, туку длабоко вкоренета потреба да се сретне со луѓе во состојба на растовареност од слатките на капиталистичката цивилизација.

Во заклучок сакаме или не, ќе мораме да се придружиме кон апелот на Лефевр за урбана револуција, а тоа значи за промена во социјалната сфера. Ако е точно историското искуство дека човекот во вистински социјални услови може својата општествена улога успешно да ја одигра во секаков урбан простор, тогаш се чини дека нашево време бара од урбанистите и архитектите пред сé да станат квалификувани борци - авангарда на урбаната (на урбанистичката!) револуција, односно борци за освојување на една општествена област која сé уште стои периферно во нашата политичка и општествена активност.

На човекот од нашево општество, со така создадени перспективи му е неопходна само уште една стапка: да си го избори, како што вели Лефевр "правото на град". Во услови на повисоко ниво на производство во здружениот труд, тој може да се избори уште и за интеграција на неговото дневно и неделно слободно време со отфрлување на моментните тегоби од дополнителна заработка и "слатките отрови". Тогаш тој ќе се преобрази од пасивен конзумент на формули во активен програмер на неговиот животен антураж. Во таква изменета општествена и социјална средина за урбанистите и архитектите на иднината ќе биде лесно да дадат материјален одговор за хумано поставена програма. 

Модерната економија, поучена од биологијата, веќе почнува да се убедува дека системите имаат ограничена рамка на растење. Преку такви рамки, тие мораат да се делат ако сакат и понатаму да живеат. Зар не е таков случај и со градовите, Њујорк, веќе не е најголемиот град, а Лондон поодамна се раздели на повеќе градови. Зар мораме и ние да го минеме тој тегобен пат до степен на загушување, за да почнеме да се делиме? Во политичката и стопанската сфера, смело загазивме во такво "делење" на самостојни единици, како што е основна организација (на СК, на ССРН, на здружен труд и на интересна заедница и сл.). Зошто не формираме и основна организација на здружениот труд: Ако ја сметаме за таква месната заедница - тогаш очигледно, таа треба итно да се извлече од туторството на големиот град и да се избори за тоа да не биде исклучена од правото на централитет, особено во проблемите на урбаниот живот.

НОВА МАКЕДОНИЈА, 27.08.1977



# НЕНАСЕТЕНИ ПРОБЛЕМИ НА УРБАНИЗМОТ

**Хуманизацијата на урбанизмот и архитектурата - насушна потреба на современиот свет.**



Сведоци сме дека досегашните научни методи во планирањето на градовите водат кон безизлез.Треба јавно да му се заблагодариме на колегата Михајло Митровиќ на сеопфатните известувања за XIII Конгрес на Интернационалната унија на архитектите во Мексико. Тој ја исполни својата обврска и ги оправда трошоците на своето патување на најдобар начин, информирајќи ги не само архитектите, туку и пошироката јавност за едно случување кое, според мене, има значење за целиот свет, а и за нашата земја. Од вообичаените озборувачки извори, разбрав дека на овој конгрес во далечното Мексико од Југославија допатувале околу 300 архитекти, но морам да додадам, ниту еден од СР Македонија. Но, текстот на колегата Митровиќ заслужува внимание затоа што поттикнува на размислување.

Треба да се нагласи дека т.н. "Атинска повелба", е создадена во општествени и технолошки услови различни од денешните. По Првата светска војна проблемот на градовите е третиран, пред сé, како проблем на домување. Градовите од времето на развиениот капитализам, кон крајот на XIX век, го носеа тешкото време на тековните станбени услови базирани врз немилосрдното искористување на градскиот терен и со единствениот закон на профит по секоја цена. "Атинската повелба" беше апел, домувањето да се рационализира, пред сé, во смисла на масовна продукција и зголемување на подносливите станбени услови за што поголеми општествени категории, вклучувајќи ја

тука и работничката класа.

Времето по Втората светска војна донесе неочекувани промени во градовите. Миграционите притисоци врз градовите, а со тоа и нивното зголемување, сé уште траат. Другиот агресор кој сé повеќе ги загрозува градовите е моторизацијата. Иако знаеме дека уште во XIX век индустријата и железницата ја пореметија екологијата на градот и неговата околина, моторизацијата стана и додатен фактор во овој деструктивен процес - капка повеќе која ја прелива чашата на отровот.

Меѓутоа, науката го превзеде водечкото место во сите области на општественото и професионалното делување. Таа, потпомогната со извонредни технички помагала, како што е компјутерот, откри многу методи и техники за решавање на проблемите со што е зголемена нејзината оперативност.

Поврзувајќи ја "Атинската повелба" со современата научна методологија која, искрено зборувајќи, барем што се однесува до проблемите на градовите, ги совлада техницистичките аспекти со кои работниците од овој домен се обидоа да најдат решенија. Студената логика на компјутерот нахранувана само со бројки дава резултати и сугестии кои понекогаш изгледаат грозоморно без каква и да е врска со човекот. Тој урбанизам оставен сé уште да делува како посебна техничко-стручна и научна дисциплина, наспроти претензиите за интердисциплинарност, не допре до општествената свест. Дали е тоа понекогаш свесна акција на владејачката идеологија или неможност општествената волја да се наметне и во оваа значајна област како што е планирањето на градовите, треба допрва да се утврди. Што се однесува до нас, во системот на општественото самоуправување, потребен е само уште еден мал чекор. Урбанистичкото и просторното планирање не смеат да се третираат како нешто одделно од општественото планирање во кое големиот систем ќе одразува збир на заеднички интереси и мора хоризонтално да ги поврзува сите области од современиот и идниот живот.

Сведоци сме дека досегашните научни методи во планирањето (можеби е подобро да се рече во урбанизмот) на градовите во светот сé уште води кон безизлез. Има секакви прогнози - од благ оптимизам базиран врз подобрата страна на човековата природа, сé до потполно песимистички решенија за иднината. Морам да кажам, наспроти прилично површното познавање, дека многу футуристички проекти на т.н. водечки истражувачи од овој домен (Јона Фридман и сл.) изгледаат како простори во кои можат да бидат сместени фамозните визии од повеќе автори на научната фантастика со грозни и крајно дехуманизирани пораки (како што се "Добриот нов свет" од О. Хаксли или "Рекламографија" од Ф. Пол и С. М. Корнвуд).

Затоа што Југославија сé уште го нема достигнато тој фантастичен степен на дезинтеграција и разградба на градскиот живот, би било корисно да се апелира за

благовремено одбегнување на примерите од капиталистичкиот свет и да се направи обид за подлабоки продори во сопствената ситуација. Урбанистичкото планирање е област во која би имало смисла да се пледира за забрана на експлоатирање на човековата свест и за интегралност на дел од неговата личност.

Да му се даде предност на приватниот автомобил и да се дозволи неговото неконтролирано навлегување во секој градски простор или, уште полошо, да се бараат решенија кои го имаат за основа таквиот став кон автомобилот, е вистинска бесмислица.

Зборувам повеќе за градовите, а архитектурата е исто и град. Денес веќе никој не размислува за архитектурата како за изолиран објект, дури тој да е и монумент. И што претставува впрочем, хуманизацијата на архитектурата ако не усогласување на просторот и формите, без оглед на нивните димензии, со физичките, естетските и филозофските мерила на човекот?.

Конгресот во Мексико јасно покажа дека доста од тие работи треба да се ревидираат во досегашната ориентација на архитектурата и урбанистичкото планирање. Ревизијата на "Атинската повелба" претставува, пред сé, потреба да се хуманизираат просторите, односно комплетното човеково опкружување со воведување на нови, ирационални компоненти. Овој збор сé почесто се слуша во светот загрозен со еколошки деструкции, но очигледно му се придаваат различни толкувања. Дури и кај нас, за многу нови градски простори тврдевме дека се со хуманистички пораки, но животот и праксата ги демантираа таквите тврдења, а тие и понатаму стојат празни.

Дали е можно еднаш сериозно да се позборува за тоа што значи хуманизмот во архитектурата и урбанизмот? Одговорот е - секако дека треба да се разговара, но слаба ќе биде користа ако за тоа разговараат само архитектите и урбанистите и доколку, како своја важна обврска, таквиот разговор не го прифаќаат и општествено-политичките сили на нашево општество.



ПОЛИТИКА, 16 декември 1978
Рубрика: Одгласи

152



# СПОМЕНИЦИ И УРБАНИЗАЦИЈА



Слабата страна на вакви собири е што соопштенијата и дискусијата остануваат во тесните рамки на една специјалност, а науката и животот стануваат што повеќе интердисциплинарни.

Главниот реферат само периферно ја додирнува суштинската област на нашата тема: тој сеуште пледира зачувување и заштита на споменици, наведува аргументација за вредностите на старата градска и селска архитектура и бара можности и средства за нејзиното чување. На урбанизмот само срамежливо му препорачува такво историско и културно наследство да не го руши и да го уклопува во новите планови.

Всушност денес, со толку години опит, темата "Современата урбанизација и заштита на архитектонското наследство" делува премногу широко и остава место за разводнување. Тогаш и резултатите се недоволно дефинирани и без јасни последици. Тоа можеше да се случи во 1964 година, а денес не би смееле да констатираме дека не сме постигнале многу повеќе.

По мене, денес сме во состојба по диференцирано да ги одредиме проблемите од оваа широка тема и да предлагаме мерки за селективно решавање. Еден обид за таков пристап ќе биде и мојава дискусија.

Од опширната тема "урбанизација и заштита" можат да се издвојат следните подтеми:

1. Заштитата на културно-историските споменици.
2. Припрема и пристап во просторното и урбанистичкото планирање од аспекти на заштита на културно-историското наследство.
3. Урбанистичко проектирање во фаза на генерален и детален урбанистички план во контакти со заштитата.
4. Реализација на урбанистички планови.
5. Архитектонско проектирање во опкружување со старо; таканаречена тема "Старо и ново во исти град".
6. Најактуелен проблем: Специфичен лик, сопствена физиономија на градовите со подтеми:
   - Влијание на физичкото присуство на културно-историското наследство,
   - Влијание на други фактори како природа, климат, општествени односи, социјални односи и сл.,
   - Влијание на културната традиција во нејзиниот материјален и нематеријален вид.

Непотребно се разводнуваме и губиме ако денес во 1979 година сеуште расправаме по повеќето од наведените подтеми.



Заштитата на културно-историското наследство во смисол на научна оценка, техничка реализација, правна инструментација па дури и со финансиските аспекти денес веќе делува со доволно опит и отворено поле за работа. Мислам дека не може да стои како објективна оценката дека општеството, а уште помалку научни и стручни сектори на тоа општество се однесуваат негаторски. Такви оценки можат да се сметаат како рецидиви од минатото.

Планерите и урбанистите без исклучок веќе ги имаат усвоено аргументите за културно-историското наследство како "четврта димензија". Колку ми е познато сите планерски зафати, почнувајќи од просторниот план на Републиката, регионите и општините до урбанистичките проекти за населбите, се обезбедени со т.н. секторски студии од областа на културно-историското наследство. Ако тоа не е законска обврска најмалку е општо усвоена методологија.

И архитектонското проектирање во контакти со старата архитектура по мене е веќе надмината тема. Пред десеттина - дваесет години, на широко теоретизиравме за мерки, материјал, обликување, форми, архитектонски израз и сл. Денес сите зрели проектанти знаат: гради во своето време со средства техники, функции, мерила и архитектонски израз кои најмногу одговараат на своето време.

Третата и четвртата точка - подтема делумно се вклучуваат во "најважниот проблем". Велам делумно, затоа што навистина дел од проблематиката на заштита

урбанистите многу коректно ја вклучуваа во своите проекти, а тоа се прописи за зачувување, реставрација, ревитализација и воопшто зачување на физичкиот интегритет на културно историските споменици кои со секторските студии се одредени и прецизирани како такви. Крајно е време да се сложиме дека неодговорни рушења на историски споменици се надмината историјата и ретки исклучоци.

Чување, реставрација, ревитализација и активирање во современиот живот на културно-историското наследство во таква урбанистичка ситуација стануваат повратни задатоци на општеството и посебно на органите за заштита при што може да се каже дека урбанистот си ја одиграл својата роља.

Ако го акцентирам како "најважен проблем" на сегашниов момент специфичниот лик или сопствената физиономија на градовите мислам дека и заштитата и урбанизмот како стручни состојки на општеството, воспоставувајќи меѓусебен дијалог, треба да се свртат кон нови акценти на проблемот:

- Влијание на културната традиција во сите нејзини видови, а посебно во нејзиниот нематеријален аспект врз урбанистичкото проектирање, со подпрашања:
  . што можат стручњаците од заштитата да препорачаат на урбанистите,
  . што треба урбанистите да научат за својата пракса од пораките на сопствената културна традиција,
  . дали треба едните да нудат решенија, а другите да чекаат заштитата да им понуди "рецепти",
  . влијанието на другите фактори во формирањето на специфичниот лик како природа, клима, општествени односи и слично ќе бидат предмет на повеќе дијалози.

Останувајќи во границите на веќе воспоставениот дијалог од 1964 година и ограничувајќи се воглавно на "најважниот проблем" би можело овде накусо да го изнесам и моето досегашно искуство.

Во мојата книга "Македонските градови од XIX век и нивната урбана перспектива" се обидов да откријам и соопштам неколку битни констатации:

1. Современиот урбанизам плива во премногу техницистички методи кои, поголемо внимание и место во градот даваат на машините отколку на човекот. (Впрочем, тоа не е мое откритие: истото го тврдат повеќе современи светски капацитети како Гропиус, Мамфорд и др.). За добар урбанистички проект се прогласува оној што добро го решил моторниот промет без оглед на тоа каде е истеран пешакот.

2. Нашите урбанисти премногу и некритички ги користат опитот и методологијата на урбанизмот од Западниот (меѓу другото и капиталистички свет). Нивните и нашите (македонски) градови до вчера се развиваа во сосема различни историски и општествено-политички услови.

3. Ако веќе е многу тешко во сегашниов момент да дефинираме што ќе биде урбанизмот на социјалистичкото општество( А. Лефевр), можеме и мораме да ги изучиме и научиме опитот и пораките на урбанизмот од нашите градови, и таков да го примениме во методологијата на современото планирање. (Јасно е дека не мислам да правиме урбанизам како што бил во XIX век).

4. Сопствената физиономија на градовите денес може да извира меѓу другото и од такво творечко користење на културната традиција во нејзиниот нематеријален - нефизички облик.

Анализирајќи го урбанизмот на нашите градови од XIX век јас открив повеќе методолошки и организаторски постапки различни од денеска усвоената урбанистичка методологија, кои можат да имаат и пресудно влијание врз физиономијата на новите градови.

Нема ниту потреба ниту време опширно да го занимавам овој собир со содржината на овие студии. Само да Ви соопштам дека и со нивно користење покрај другото се изработени ревидирани урбанистички планови за Охрид и Струга, а се работат и нови за некои туристички населби. Притоа можам како крајна констатација да Ви соопштам дека урбанистите и јас сеуште зборуваме со различни јазици.

# МОНУМЕНТАЛНОСТ И СПОМЕНИЦИ



Поимот монументалност има своја историска генеза со својства кои денеска ја преплавуваат нашата свест, но секоја епоха е наклонета да се восхитува на оној период од историјата кој ја одразува нејзината сопствена слика.

Така, на самиот почеток на XIX век, империјалистичката идеја на Наполеон, преминувајќи преку цела Европа, го одбра класицизмот како најпогоден уметнички израз за глорификација на освојувачките потфати. На тој начин, во името на истите империјални идеи повторно се сретнаа античкиот Рим и Европа од XIX век.

Таа иста Европа го сруши Наполеон, но неговите империјалистички инспирации сега ги прошири врз другите континенти и ги пресоздаде во колонијален империјализам. Романтизмот само формално го замени класицизмот пренесувајќи го само просторно својот интерес врз цивилизациите на стариот Египет и Месопотамија.

Од ваква општествена ситуација не е тешко да се открие вистинското значење на поимот монументалност. Тоа е грандиозност и предимензионираност во просторен и формален вид. Затоа од истражувањата на старите цивилизации, кои се извршени, главно, во XIX век, многу подобро ги познаваме египетските храмови и пирамиди, римските вијадукти и триумфални порти, отколку станбената архитектура, но и неа, само како палата на фараонот или римскиот патриациј. Според содржината поимот монументалност буди, асоцијации на гробниците на тираните претворени во божества, на патиштата на освојувачите

и на куќите на фараоните и цезарите. Кон нив припаѓа и гробницата на малиот хеленистички тиранин во вид на мавзолејот од Халикарнас.

Споменици ги нарекуваме уште и монументалните згради од историјата. Што означуваат тие споменици на кои им се восхитуваме и лекомислено ги нарекуваме монументални? "Тие се седишта на институции како што се религија, држава и личности пресоздадени во натприродни илузии. Големите споменици се градени во слава на освојувачите и тираните. Ако околу себе и организираат некаков простор, тоа е за да го колонизираат и да го потчинат. Велелепноста на спомениците е формална". (А. Лефевр)

Генезата на монументалноста оди и понатаму од класицизмот. Во втората половина на XIX век и во почетокот на нашиот, се одиграа општествени промени предизвикани од пролетерските револуции, а со тоа се создадоа и нови правци во уметноста. Но, додека напредните движења се бореа за еден нов сензибилитет, официјалните кругови на буржоазијата ги презираа. И, кога модерната архитектура веќе создаде патишта кон ново поимање, во европските престолнини сé уште се градеа парламенти, банки и судски палати со гигантски размери како "грамади од камења".

Монументалност на некој друг начин беше незамисливо. А, кога на европската сцена се појави фашизмот веќе создадената модерна архитектура повторно беше заменета со неокласицистички израз и натприродни димензии, дури и за такви утилитарни згради какви што се железничките станици во Милано и Штутгард. "Грандиозните кипови на Аменофис III (Мемнонови колоси) можат да се споредуваат со големите иако помалутрајни, плакати на кои беа претставени предимензионираните фотографии на еден Хитлер и Сталин. Тоа се истите обиди со зголемување до божествени размери, за да се прикријат слабостите на човекот, неговата грешност и смртност". (Л. Мамфорд)



Во нашево време после рушењето на фашизмот, архитектурата на граѓанското општество понуди еден модернизиран и привидно демократизиран облик на монументалност во вид на стаклениот облакодер. Со помош на нови материјали кои, исто така, имаат заслепувачки сјај, изградена е архитектура која повторно предлага грандиозност. А во нив, наместо мистичното божество, на последните катови заседава некаков управен одбор кој, со помош на компјутерот, тоа современо кибернетско божество, повторно владее и потчинува.

Нашето поимање на монументалноста навистина е преоптоварено со таква традиција и токму затоа мораме да се запрашаме дали го употребуваме вистинскиот збор кога тоа се однесува на социјалистичката стварност изразена во спомениците на револуцијата и во архитектурата на социјалистичките институции. Социјалистичкото општество има цели различни од сите историски епохи и, пред сé, спротивни на сите содржински значења за монументалноста од наследената традиција.

За среќа, историјата предлага и примери на монументалност со други содржини. Во првата историја на старите цивилизации Херодот спомнува дека фараонот Сезострис ја испресекол земјата со канали и изградил вештачка акумулација - езерото Мерис, за унапредување на земјоделието и за општата благосостојба. По него, грандиозноста на езерото не може да се споредува со ништо друго и во таа смисла тоа ги надминува пирамидите.

На другата страна на планетата Земја "Во планините на стариот Перу изградени се земјоделските тераси кои со својата монументалност предизвикуваат восхитување во светот, благодарејќи на тоа што во својата суштина изразуваат признавање и разбирање на природните услови. Нивниот просторен и духовен израз претставува неуништив споменик на животот. Со оглед на нивната монументалност, повеќе пати се вршени споредувања со пирамидите во Египет. Физичката споредба се наметнува со оглед на гигантските размери на двете концепции, но пирамидите се градени како споменици на сврха, додека перуанските земјоделски тераси служеле на општеството и претставуваат споменици на животот". (Од повелбата Мачу Пикчу)

Социјализмот има нова содржина на животот, а, пред сé, тој е демократичен, хуман и крајно рационален. Тој нема потреба величественоста на своите потфати да ја искажува со архитектура од мегаломански димензии која, исто така, бара гигантски средства од националниот доход. Така постапуваа тираните затоа што не им беше тешко да ги завлечат рацете во џебовите на народот. Гигантските мерки ќе бидат соодветни на вистинските грандиозни потфати на социјализмот кои, како и во историските примери, се создаваат во името на животот и среќата на човекот.

И смртта во социјализмот е акт на величественост. Умирањето во Револуцијата беше за да се придонесе кон животот. Таквите споменици ги транспонираат несебичните жртви на хероите и масовните умирања на недолжните, и смртта како љубов спрема човекот и животот. Монументалноста на таквите гестови не може да се изразува со империјалистички аксонометрии на пирамидите, а не смее да се пресоздаде во саркофаг на цезарите. Монументалноста на таквото умирање е во чинот на несебичноста на која не ѝ одговараат натприродните мерила, а трајноста на таквите спомени лежи во срцата на генерациите, а не во количеството на вложениот материјал.

За такво ново поимање имаме одличен пример во нашата сопствена земја. Животот на Тито беше различен од животот на другите инспиратори на Револуцијата. Визионер и голем хуманист во создавањето на животот, тој остана доследен и во умирањето. Не дозволи да загазиме во замките од историските глорификации и ни ја препорача Куќата на цвеќето. Неговата последна хуманистичка порака стана изненадувачки преседан токму поради едно ново поимање на монументалноста и во приближно исто време кога социјалистичка Кина,

оптоварена со наследството, го овековечи Мао Це Тунг во грандиозен класицистички мавзолеј.

Тоа претставува импулс за размислување на нов начин. Титовата личност се изразува во доследноста на неговите пораки со кои не дозволи умирањето да се пресоздаде во гробница. Неговиот живот отвори многу нови вредности во современата историја на светот и го смени значењето на многу зборови од наследената терминологија. Така треба да се толкува и неговата порака за монументалноста.

Навистина, јазикот на естетиката е создаден врз основа на искуствата од традицијата. Сé она што се наоѓа во нашата свест за монументалноста, главно, се врзува за лажното величање на илузиите. Немајќи доволно искуство ние си дозволуваме користење на терминологијата од естетичкиот јазик во нејзиниот традиционален код. "Сите критериуми со кои се валоризира оваа терминологија се наследени - не се наши. Сознанијата ги примаме догматски". (А. Лефевр)

Се движиме кон нови и сé уште непробиени патишта, но да не ги заборавиме и отворените визури. Ако социјализмот означува преобразување на животот, новите појави ќе ги следат неминовно и нови материјализирани облици, а со тоа и нова терминологија.




Охрид Студенчишта. Фонтана, Биљана платно белеше

ПОЛИТИКА, 5 април 1983
Рубрика: Мислења

# СЕ ВЧЕПЧИЛ АВТОМОБИЛОТ ВО ТЕСНИТЕ УЛИЧКИ

**Охрид имаше девствена природа, чист воздух, бистра вода во езерото... Како да се изборка автомобилот за да се сочува древниот град**



А Човекот на модерната цивилизација е веќе сардисан од сите страни со автомобил. Се стреми кон големиот град каде има повеќе услови за заработувачка, но сѐ помалку место за живеење. Таму улиците со клоаки низ кои наместо фекалии сега течат автомобили и отровни гасови. Во таква модерна смрдеа пешакот едвам се движи, а уште помалку може да седне на клупа за одмор. Ако сака да оди надвор, ќе патува по автостради со повеќе ленти кон природа која не суштествува, низ монотонија која е правопропорционална на брзината и бројот на колите. Во упропастената животна средина човекот ја измени и сопствената природа. Наместо движење и чист воздух, принуден е да бара средства за вештачка стимулација. Наместо средби со други луѓе за размена на мислења го пречекува сервирано, од непознати луѓе обработено, мислење од телевизорот. Мислење со кое не се дискутира.

ОХРИД ИМАШЕ...

Охрид е простор за туристите. Тој имаше девствена природа, чист воздух, кристално-бистра вода во езерото и блага микстура од планинска и медитеранска клима. Неговите граѓани имаа култови: кон чиста улица, кон вегетација и цвеќе, кон гости. Охрид беше простор од загубениот рај со зачувана културна традиција, со восхитувачка археологија и

архитектура. Тој имаше урбани амбиенти каде што таа архитектура од сказни и езерската вода се сретнуваат во волшебни феномени.

Сето тоа е веќе опасно загрозено. Во градскиот воздух се меркаат честички од сулфур диоксид и оловни испарувања, по површината на езерото се мрешка нафта која влегува во устата на пливачите, огромните асфалтни површини ја изменија слатката микстура на микроклимата. Времето и напливот од луѓе незапирливо ги менуваат урбанистичко-архитектонските волшебства, а со нив и охридскиот домаќин. Тој веќе и не помислува сам да ја смете улицата пред својата куќа, а уште помалку на гостинот - минувач да му понуди слатко и вода. Тој навистина не е посиромав од некогашниот охриѓанец, но очигледно неговата културна свест некаде се прекрши преку современиот менталитет.

Извесни промени на кои е изложен Охрид како да се цивилизациски и неминовни. Можат да се забават и ублажуваат. Но, загрозеноста од автомобилот може едноставно да се реши со рез како Гордиевиот јазол. Автомобилот врши грозен притисок врз урбаниот живот на целиот град. Ќе беше непоправливо трагично ако на тој фатален љубимец му ја жртвуваме и уличната мрежа во стариот град. Но сепак, на тој опасен агресор му дозволивме да влезе внатре, да се вовре низ тесните улички, да се накачи по секакви угорнинки, да се паркира на секое слободно ќошенце и да ги истера дечињата од волшебните мегданчиња "Најано" и "Насараиште", да ја опколи од сите страни "Св. Софија", а човекот да го натера панично да се затскрива во портите кога неговата свирка ќе одекне во тесната уличка.



Се трудиме во новата архитектура да ја пресоздадеме традицијата, но заборавивме дека во XIX век немаше гаражи. И сега, наместо портите за луѓе, наместо ѕидови со цвеќе и зеленило, имаме диво студени железни врати за гаражите.

## ОХРИЃАНИ - ПРОТИВНИЦИ

Има два Охрида. Едниот им припаѓа на граѓаните жители во современоста. Вториот е наследство на целиот свет и на светската култура. Тоа е стариот град заедно со градскиот центар и со дел од езерото. Ако во првиот Охрид автомобилот е цивилизациски проблем со сите корисни или штетни својства, кој останува за решение во иднината, во вториот Охрид, автомобилот уште сега е опасен анахронизам.

Ваквиот чекор кон нешто прогресивно човекот го остварувал само тогаш, кога размислувал дијалектички - а тоа значи кога за секој проблем размислувал како за катастрофа и како за напредок - истовремено. Со автомобилот катастрофа му се заканува на првиот Охрид, онолку колку и на сите современи градови. Но, ако оној вториот Охрид сака да остане некаква светска туристичка категорија вистинскиот прогрес ќе го направи со истерување на автомобилот.

На туристичкиот Охрид, кој припаѓа на светската култура, без автомобилот ќе му се вратат загубените вредности. Од Канео и Лабино до хотелот "Палас" и од туристичката сообраќајница до езерото, ќе се создаде простор на толку посакуваниот носталгичен мир. Повторно ќе завладее биолошкиот човек - пешак, а не модерниот кентаур. Ќе се пречисти воздухот и микроклимата, ќе им се вратат на децата волшебните мегданчиња, ќе запрат да одекнуваат сирените навестувајќи осакатеност, а ќе здивне од опсадата и "Св. Софија". За урбанистите нема да суштествува повеќе нерешливата загатка: да направат сообраќајница за стариот град и во исто време плоштадот на пристаништето, да остане само за пешаци.

Најголеми противници очигледно, ќе бидат самите охриѓани. Тие можат да натрупаат многу спротивни аргументи: како ќе одат на работа без автомобил? Како ќе го донесат пазарот дома? А нарочно, како ќе го остават тоа љубено суштество далеку од домашната гаража? Туристите без автомобил ќе бегаат од стариот град? А најголемата оддалеченост во тој простор е 1500 метри што се минува пешки за 15 минути. Има постари охриѓани кои и денес пазарот си го носат на раце и пешки, и тие се уште живи, за разлика од помладите кои сега пазарот го носат со автомобил и се несвесни што им носи иднината.

Капиталистичката експлоатација на просторот беше толку безобѕирна а светот толку невнимателен што допушти животната средина да биде загрозена од многу фактори. Затоа е денес така модерно и потребно многу да се пишува, дискутира и предупредува. Животната средина денес е толку загадена што бара сега повеќе средства за чистење од оние кои се вложени во загадување. Тоа можат да си го дозволат богатите земји. Сиромасите едвам по нешто можат да сторат. Да се потсетиме само дека охридско-струшкиот колектор нé чини веќе два самопридонеса. Така стои работата со сите загрозености освен со автомобилот. Тој може да се истера од градот не со пари, туку само со одлука. Одлука на граѓани визионери и свесни за својата вистинска иднина.

НЕКОЈ ДРУГ ОХРИД, 19 април 1986



# СВЕЖИНА НА ИДЕИТЕ

**Трето биенале на македонската архитектура, Скопје, 1985:**
**Испуштена можност претседателот на една општина да ја споредува својата општина со друга.**
**Задоволство среде криза.**
**Архитектурата не може да се произведува како конфекција**



По трет пат македонските архитекти се претставуваат пред јавноста за двегодишната дејност. Не со пишани известувања и реферати, туку црно на бело: со цртежи, фотографии, а по малку и во колор. Имајќи ја предвид сегашната криза на инвестиции, изненадува големиот број прикажани остварувања: 140 проекти од кои половината се реализирани. Една нова појава, исто така, предизвикува задоволство: повеќе не преовладува изградбата на Скопје. Реализираните архитектонски објекти речиси рамномерно се присутни од сите помали населби во Македонија, а има проекти и реализации во странство.

Дали има нешто ново во однос на претходните изложби? Да се види овој чекор напред претставува вистинско задоволство. Во последните дваесетина години архитектурата во светот беше "воено поле" со бурни пресметки. Најистурените редови од третата генерација на архитекти ја прогласија модерната архитектура за мртва. Сакаа да се заборави сѐ и да се создаде сосема нов архитектонски поредок - парадоксално, со помош на враќање во историјата. Седно што таа историја е распарчена и повторно составена во неврзани парчиња на двосмислен начин. Имаше манифести и громогласни прокламации. Применети се и нови оружја: теорија на информациите, лингвистика и семиотика. Во борбата се воведени и нови сили - корисниците на архитектурата. Со нив стигнавме и до

партиципација. На контекстот, односно на околината која физички го опкружува човекот ѝ го додадоа и "комерцијалниот сленг".

**Корисен потрес**

Тој процес беше многу стимулативен, но и опасен. Во денешниот свет на развиените и богатите, каде што заразата со потрошувачка психологија ги достигна размерите на епидемија, тој процес можеше да ги загрози исклучително важните односи во архитектурата со изразени стремежи кон праштавање на општествените потреби и цели исклучиво кон естетиката.

Всушност, таквиот потрес ѝ беше потребен на современата архитектура. Тој осветли еден изненадувачки факт - дека развиеното граѓанско општество во најголема мерка го експроприра и го спрегнало во идеологијата на комерцијалното мислење и едно така прогресивено и морално стабилно движење каква што беше модерната архитектура.

Тој потрес откри дека и скромните напори на талентираните поединци се преплавени со банализирани и комерцијализирани успеси на рутинерите и имитаторите кои за себе избраа една привлечна варијанта на т.н. "интернационален стил". Така современата архитектура тргна напред, а во тој виор веќе се насетува богатство кое на секој архитект со отворени очи ќе му објасни што е прогресивно, како и она што е само егзалтација на богатите снобови.



Она што македонските архитекти го соопштуваат денес, може да се оценува од повеќе, дури и спротивни стојалишта. Во однос на она што го прикажуваа последните години водечките светски списанија, може да биде оценувано и како светска периферија. Но, сé може да се погледа и од другата страна. Најекстремните остварувања на т.н. постмодерна архитектура се примери од богатите земји кои се притоа и многу скапи. Тие премногу потсетуваат на скапи експерименти кои можат да си ги дозволат ликовните уметности, но не и архитектурата. Таа е погодна за играње само за богатите снобови. За останатите - таа е прескапа.

Додека четири петтини од денешното човештво страхува за исхраната, а некаде и се умира, архитектите тоа не можат да го надокнадат со симболични противречности. За нас е опасно ако се срамиме од нашето сиромаштво и ако се обидуваме да бидеме претставени со таквите егзибиции на богатите. Впрочем, зошто едно умно општество би се напрегнувало и преку границите на своите можности и зошто би се плашело да биде оценето како немодерна провинција. Такви грешки правевме досега, не само во архитектурата, и ги плаќавме прескапо. Можеби и поради специфичните прилики, македонските архитекти работеа скромно. Во најновите остварувања видливо е сознавањето дека архитектурата

не може да се произведува како конфекција. Тие, значи, исто така, го отфрлиле и оној банализиран интернационализам. Со исклучок на неколку индивидуални куќи каде што се изразени помодарските претензии на тазе збогатените (како негативно) и импресивните истражувања на цртеж од одделни групи невработени млади архитекти (како позитивно), со преостанатото можеме да изразиме задоволство. Има истражувања, проектантски напори и добри резултати.

Домот на културата во Србица (САП Косово), добитник на овогодинешната плакета на "Борба" (арх. Никољски и арх. Пулековски), делува сосема поинаку отколку Домот на културата во Виница (арх. Николиќ-Кочовска и арх. Поповиќ-Тофовска). Станбената населба Железара во Скопје (арх. Крстев), сообразена со наклонетиот терен, раскажува за нешто сосема различно од Охридатите во рамниот дел на Охрид (арх. Зарчев) за кој оригиналниот наслов и не е само празна лингвистичка фраза. Спортската сала во реонскиот центар на Скопје "Расадник" (арх. Волканов) се истакнува со конструктивна рационалност на монтажната изградба, а таква е и спортската сала во Неготино (арх. Иванова-Чаушева). Освежени се и индустриските објекти како "Пекарница" во Скопје (арх. Чоланчевска) или магацините за конфекциска стока "Отекс" во Охрид (арх. Мурговски).

Свежина на идеи донесува и таквиот банален објект како што е доградбата на Поштата во Гостивар (арх. Филиповска). Еден проект кој наскоро треба да биде реализиран (Градски центар во Дечани, арх. Поповски), произведен "од стравот дека замислената геометрија на архитектонската матрица ќе добие слика на негативна монотонија", зборува за нивото на размислувањето и делувањето на македонските архитекти. Тие ја прескокнаа пропаста која пред нив стоеше пред десетина години. Тоа посебно го потврдуваат и многуте нови имиња присатни на смотрата оваа година.



Конечно, на ова Биенале е присатно и нешто ново: освен организацијата на придружните манифестации (трибина, предавања, разговори), македонските архитекти предложија и еден многу интересен дијалог. Со кого?

### Кој ќе биде крив за промашувањата?

Архитектурата не е само културен настан како изложба на група сликари или концерт на филхармонијата. Во неа се вложува и голем дел од националниот доход. Граѓанинот со неразвиена општествена свест ќе каже дека тоа е работа на одговорните. Кој е одговорен за архитектурата? Архитектите со право ја отфрлаат таквата ексклузивност. Она што тие го создаваат во поголема мера е условено од силите, стандардите, желбите и ограничувањата кои се надвор од нивната контрола.

Некогаш тоа беа големите нарачатели кои зад себе оставаа споменици, денес е кај

нас социјалистичкото општество и неговите одговорни или неодговорни нарачатели на архитектурата. Разговорите на ова биенале беа понудена шанса и за нив.

За жал, на отворањето на биеналето беше присатен само претседателот на СИЗ-от за култура (задолжен да ја отвори манифестацијата), а овие денови Собранието на Македонија имаше специјално советување со претседателите на собранијата и извршните совети од сите општини, но не за архитектурата, туку за горливите проблеми на економската стабилизација.

Тие не ни помислија дека постои биенале на македонската архитектура и можност претседателот на една општина да се споредува со соседната. Ги оставија архитектите да водат и понатаму разговори кои им се и без тоа познати. Тие сметаат дека следните генерации за промашувањата ќе ги обвинуваат архитектите, а не одговорните раководители на општеството.

Штета. Можеби ќе се сретнат на следното биенале 1987 година.



ПОЛИТИКА, 9 март, 1985
Додаток за култура и уметност

# ИДНИНАТА НА АРХИТЕКТУРАТА ОД МИНАТОТО



До вчера зборувавме за кризата во архитектурата, а денешниот свет е сцена на општествени промени полни со неизвесност. Овој крах на болшевичкиот социјализам го следат еуфорични состојби на одрекнување од сѐ што тоа име имаше како позитивен предзнак. Бришењето на епитетот "социјалистички" од името на многу институции, дури и држави, како последица на поразот, е привремена состојба. Тоа е подмилкување на оној дел од граѓанското општество кое има водечка улога во политичката и стопанската сфера; токму на оној дел кој и денес е најмногу критикуван од страна на најдобрите умови на тоа исто општество.

Идеологијата е сега анатемисана со најпогрдни изрази од оние кои долго живееја со нејзината осрамотена пракса. Зошто да бегаме од идеологијата? Светот секогаш живееше со неа и се надеваше. Решението не е во бегањето од неа, туку во нејзината содржина. Историјата познава многу револуции и сите се пресоздадени во нешто друго, но секоја од нив, на свој начин, има придонес во напредокот. Идеалите на Француската револуција за правата на човекот го добија своето вистинско оправдување дури денес, две столетија покасно. До вчера светот беше фатално поделен на Исток и Запад. Што станува со Истокот, токму сега гледаме во нашето време. А што ќе биде со Западот каде, исто така, има идеологија на потчинување, треба допрва да се види, затоа што уште долго време ќе има експлоататори и идеологии кои ќе се борат против нив.

Колку годе денеска да живееме во уплав за голата егзистенција, уверен сум дека човештвото не може да има друга алтернатива освен социјализмот, односно таква општествена состојба во која социјалните разлики меѓу луѓето и народите ќе бидат сведени на подносливиот минимум, а човекот ќе биде ослободен од стравот за утрешницата.

Од аспект на таквата општествена состојба, сакам да ја оценам архитектурата на минатото, сегашницата и, евентуално, да ѕирнам во иднината.

Историјата на архитектурата ја започнаа мислителите на ренесансата, но вистинското време за неа е XIX век во кој владеат кунстисторичарите, почнувајќи од Винкелман, "таткото на класицизмот", како што го именува Н. Добровиќ. Тие исти кунстисторичари дадоа оценка за историската архитектура од аспекти на тогашна Европа која "безуспешно позајмувајќи стилови од поранешните епохи ги гради своите цркви и палати и сè што прави е грдо" (С. Мариќ). Од нивните оценки не можеме да се ослободиме ни денес, по една голема архитектонска револуција и по толку многу научни трудови од областа на теоријата на архитектурата.

Наследството од класицизмот нè следи сè уште во поимот монументалност кој е изведен токму од таквата оценка на историската архитектура. На самиот почеток на XIX век империјалистичката идеја на Наполеон, преплавувајќи ја цела Европа, го избра класицизмот како најповолен уметнички израз за глорификација на освојувачките потфати. Таа иста Европа го сруши Наполеон, но неговите освојувачки аспирации ги прошири на другите континенти и ги претвори во колонијализам. Романтизмот само го замени класицизмот пренесувајќи го само формално својот интерес на цивилизациите од стариот Египет и Месопотамија. Од ваква општествена ситуација не е тешко да се откријат вистинските синоними на поимот монументалност: тоа се грандиозност и предимензионираност во просторот и во формален вид. Со содржината тој поим асоцира на гробниците на тираните пресоздадени во божества, на патиштата на освојувачите и на куќите на фараоните.



Сите "големи" дела од историјата се врзани за тиранијата. И религијата беше тиранин. Ако денеска ја изоставиме "монументалната велелепност", т.е. формалната грандиозност, во нивната содржина ќе ги откриеме вистинските нешта: во храмовите и пирамидите на стариот Египет, во триумфалните порти и колосеумите на античкиот Рим, вградени се животите на милиони несреќни робови. Ренесансните палати ги градеа Медичи и Борџии, наречени мецени на уметноста. А тие својата власт и богатство ги создаваа со убиства и отрови. Во црквата "Св. Петар" вложен е трудот на големите мајстори на ренесансата, но зад нив како инструктор стоеше Католичката црква која во исто време безобѕирно ги уништуваше најнапредните умови.

Таквите згради од историјата ги нарекуваме споменици при што без многу размислување им го припишуваме атрибутот на монументалност. Генезата на нашите заблуди за монументалност можеме да ја следиме и понатаму. "Грандиозните кипови на Аменофис III можат да се споредуваат со големите, иако помалутрајни, плакати на кои беа предимензионираните фотографии на еден Хитлер или Сталин. Тоа се истите обиди со зголемување до божествени размери, за да се прикријат слабостите на човекот". (Л. Мамфорд). А, она што се случи со архитектурата по Втората светска војна треба да се оценува од повеќе аспекти, затоа што владееше уверување дека тоа е период на потполно одрекнување од историската архитектура, што е сосема точно, и период на потполна афирмација на Модерната, што, пак,не е сосема точно. Како да може архитектурата да ја одбегне својата судбина. Како да е општеството болно, а архитектурата здрава. Граѓанското општество ни понуди еден модернизиран и привидно демократичен лик на монументалност во вид на стаклен облакодер. Грамадата камења е заменета со стакло и алуминиум. Со помош на скапи материјали е изградена архитектура која повторно предлага грандиозност. По победата во Втората светска војна во која најмногу профитираше, на Америка ѝ беше потребен еден интернационален стил со кој на целиот свет ќе му ги презентира своите политички амбиции. Го најде во интернационализмот на Модерната, но оттаму го зеде само она што беше соодветно на нејзините цели. Стаклените облакодери го преобразија Менхетен и кога значително ги зголемија профитите на компаниите, ги преплавија и сите други земји во кои навлезе американскиот капитал. Дури и во "конзервативната" Франција во доцните 70-ти години е изграден деловниот комплекс "Дефанс", во Париз којшто е со изразито класицистичка традиција. Во еден момент ми се пристори дека тоа е вистинскиот израз на модерната архитектура. Во суштина, идеологијата на новиот империјализам повторно го откри стилот на својата идеализирана самосвест: архитектура за нова глорификација. Росели и Понти ги создадоа облакодерите во Милано укажувајќи на инвестирање во бесмртност по примерот на цезарите и папите, а додадоа и нешто ново: "Добрата архитектура треба да биде и средство за реклама". Од другата страна на големата вода, Филип Џонсон дофрлува: "Цивилизациите се паметат по зградите"!?



Така стигнуваме во денешниот свет, светот кој многу чесни умови го оценуваат како растргнат во неврозите на профитот, суперпроизводството и потрошувачката психологија. Ајнштајн тоа најдобро го има формулирано во една реченица: "Богатство на можности и сиромаштија на цели се карактеристиките на денешното човештво". Е. Фром по него додава: "Живееме во општество на изразито несреќни луѓе". Во 60-тите години Н. Добровиќ пишуваше: "Ако денес луѓето се невротични, тоа сѐ уште не покажува дека уметноста која тие ја создаваат треба да произведува невротична убавина". Дали Добровиќ

припаѓаше на последната група идеалисти кои веруваа во општествената мисија на архитектурата? Засега на преден план стои нешто друго. Уметноста, а со неа заедно и архитектурата, не мора да го одразува вистинскиот здрав свет кој е разбирлив, но фиктивен, туку самата животна реалност со нерешливите противречности.

Тоа се вика пост-модерна. Еден систем на мислење кој произлезе од циничната и профитерска опозиција кон модерната архитектура. Рафинирано инсцениран еклектицизам, ироничен и сатиричен. Историјата е повторно на сцена, а орнаментот повеќе не е злочин. Некаде таа историја се враќа со таква ароганција како да бара оправдување за фашизмот (Р. Криер: "Германската архитектура не ја уништи војната, туку денацификацијата"). На друго место се усмерува кон нова глорификација со цинично име "пролетерски класицизам од епохата на социјалистот Митеран" (Р. Бофиј). Но, тешко е да се поверува во тоа дека историјата може да се толкува како визија за иднината.

Денешната теорија за архитектурата повеќе не е историја и анализа на нешто што е веќе создадено "на масата за вивисекција" (Добровиќ), туку согледување на она што допрва треба да се создава. Првобитните и прилично арогантни изјаснувања на протагонистите на Модерната делуваа шокантно, но убедливо. Во својот младешки настап Ле Корбизје, со нему својствениот лаконизам, извикуваше: "Тоа не е архитектура, тоа се стилови", мислејќи притоа дека во поимот архитектура се содржи денешницата, а во поимот стилови, содржината е минатото. Неговиот повик "Куќи, господа, а не топови!" се однесува на состојбата на општеството пред Втората светска војна, а денеска би можело да се парафразира уште подраматично како "Куќи, господа, а не атомски бомби!". Со оваа парола Ле Корбизје премина од теренот на формална архитектура во областа на социологијата и општественото однесување. В. Гропиус нѐ воведува во областа на психологијата: "Египќаните градеа пирамиди и храмови со намера да предизвикаат страв и понизност пред божеството. Фараоните и цезарите, глумејќи божества со цел да ги потчинат народите, ја изразуваат својата сила со мегаломански димензии. Дури и во наше време, Хитлер и Мусолини (Сталин тоа го правеше поинаку) ги примаат своите поданици во грандиозни канцеларии седејќи на противната страна од влезот. Приближувајќи се, посетителот има чувство на неспокој и понизност".

Во наше време трудовите од теоријата на архитектурата претставуваат голем опус во којшто се вклучени филозофи, социолози, психолози, лингвисти, информатичари и, се разбира, архитекти. Се обидувам од сето тоа да издвојам по нешто што ми се чини битно за нашата тема.

Без оглед на големите разлики во нејзиниот развиток, филозофијата како целосен систем, настојува да го изрази гледањето на светот, животот и човековото битие. Таа е

секогаш одраз на епохата во која се создава. Погледот на светот од аспектот на одредена состојба на општествената свест е синоним за идеологија. Во таа смисла, историјата може да се оценува и како непрекинато, упорно освојување на слободата. Идеалите се наговестувања дека нешто може да се пресоздаде и во реалност. Додека марксистичките догматичари утопијата ја толкуваа како нешто што никогаш не може да се реализира, нивниот дисидент Е. Блох тврди дека тоа не е синоним за невозможното. "Тоа е престигнување, а не талкање одзади; таа означува СЕ УШТЕ-НЕ, а за нејзиното значење треба допрва да се договориме". Со ова филозофијата ни отвора прозорец во можната иднина и во општествени состојби кои на архитектурата ќе ѝ дадат нови содржини.

Како и во други области од животот, хуманизмот како социолошка категорија во архитектурата е често сведуван на изразот човекомерност во смисла на ренесансната формула "човекот е мерка за сите нешта". Архитектурата долго манипулираше само со физичките својства на човекот, односно дводимензионално и по површина. Оттаму се изведени оние правила на естетиката на кои Н. Добровиќ, со право, не им признава творечка сила. Во истражувањата денес се вклучени и многу други компоненти на човековата природа, а сосема накрај и социолошкото мерило, односно неговата положба во општеството. За оваа димензија на човековиот тоталитет можеме да зборуваме само во футур. Засега се истакнуваат само некои аспекти на човековата загрозеност во градот и во архитектурата. "Градскиот центар е резервиран за општествените сили кои доминираат. Тоа е архитектура на политичката и финансиската бирократија. Сѐ што се бори за престиж и доминација, се стреми кон потесниот центар и за што повисока и поскапа архитектура. Со ова градскиот центар е одземен од жителите на градот". (М. Живковиќ) Ќе додадеме дека денешниот човек е социјално загрозен во сите општествени згради пред кои стојат контроли, забрани и ограничувања, како и скапи влезници, и пак би морале да се запрашаме дали епитетот "народни" за парламентите, општините, театрите и слични згради, вистински или само формално одговара на тие згради. Денешниот човек е социјално загрозен и на улиците и на тротоарите од каде е истеран од автомобилот. Клупите за седење на булеварите, по кои денеска се движат возила кои испуштаат отровни гасови, станаа само рецидив на старите добри времиња.

Така, социјалната димензија на хуманизмот се проектира само како утопија. Заедно со економските, социјалните аспекти се фундаменти за човековата слобода. "А социјалната слобода и креативноста се два збора за истиот поим. Кризата на слободата е криза на креативноста". (К. Ѓ. Арган)

Психологијата придонесе да се открие уште една компонента на хуманизмот. Го споменавме В. Гропиус и неговите забелешки за мегаломанските симетрии. К. Н. Шулц

додава: "Физичките и математичките концепти за просторот кои го задоволуваат само малиот дел од човековите потреби за ориентација... треба да бидат дополнети и со други концепти кои се однесуваат на АФЕКТИВНИТЕ аспекти на однесување". Во делот од дискусијата за историјата изнесовме дека емоционалната манипулација во архитектурата, позната од најстарите епохи, секогаш се манифестирала на штета на човековата психолошка рамнотежа. Сите онир палати од далечната историја, со своите физички, но уште повеќе со психолошките димензии се далеку од мерилата на обичниот човек. Денеска никому не му паѓа на ум да ги повторува дури и кај домовите на најбогатите луѓе. Впрочем, тоа е историја на оние општества каде сегрегацијата во домувањето и општествените функции мож да се прочита како отворена книга. Но, ако денес сé уште сме опкружени со архитектура која го загрозува човекот, произведува емоции на страв и заслепува со сјајот на узурпираното богатство, психологијата барем ни сугерира дека сето тоа некогаш може да се превртi во корист на вистинските "афективни однесувања" на човекот.

Ч. Џенкс во 1976 година ја напиша книгата: "Јазикот на постмодерната архитектура". Како што лингвистиката откриваше значења на зборовите во јазикот, преведена на јазикот на архитектурата, тоа би можело да биде значење на формите или, поточно, нивната симболичност. По Хегел "Во египетскиот храм симболичноста е изразена во распоредот и во броевите на свинги, столбови и тремови кои се во врска со небеските појави. Во кругот на светилиштето обелискот има двојна функција. Тој е симбол на сончевиот зрак и ги средува просторните односи. Во египетскиот храм здружени се владетелот и народот". На ова Н. Добровиќ ќе додаде: "Се чини дека на Хегел не му биле познати информациите за првите и најголеми социјални превратi кои се создаваат токму затоа што владетелот и свештениците го малтретираат народот поради градењето на овие грандиозни симболи. Здружувањето било принудно!".

Спротивно на репресивната идеологија, филозофијата на средновековните религии одразува еден кохерентен систем на вредности: всушност, луѓето искрено веруваат. Со крстот, кругот и вертикалата христијанството и исламот создадоа архитектура со импресивна симболика. Концепцијата на готската катедрала ја одразува тајната на Христовото распетие на крстот, а високите кули усмереноста на душата кон небото. Византиската црква и исламската џамија го имаат кубето како симбол на небескиот свод под кој се случува духовното обединување на луѓето, а камбанаријата и минарето се прилагодена трансформација на обелискот со истата задача да ги средува просторните односи и да бидат репери за физичка и духовна ориентација. На панорамата на средновековните градови, дури и кај современите селски населби, тоа се доминантни симболи, а имаат и значајни пораки за пошироката околина.

До овде приближно досегнува кохерентноста на општествените состојби која беше разурната веќе во раниот капитализам. Нова религија сега станува профитот, а демократијата илузија за слободата. "Класицизмот со своите тешки и статични форми е архитектура на економскиот поредок познат под името империјализам. Тоа е архитектура на компензација и таа декламаторски му ги дава на народот скаменетите форми во замена за сé она што му е скусено". (Л. Мамфорд)

Во нашево време кохерентните системи на вредности се сосема испревртени. Општеството повеќе не може да ги разликува поимите што е вистина, а што лага. Современи симболи можат да бидат автопатиштата изградени во слава на новото божество, кое повторно бара жртви во човечка крв. Пост-модерниот систем во архитектурата може да функционира надвор од било каков теоретски алиби зошто вели: Не е битно што е мојата содржина, јас сум примамлив. Пред извесно време Р. Вентури направи вистинска акробација: "За нас беше вистински шок констатацијата дека во Лас Вегас стрипот има квалитети и виталност - едно значење (симбол!) кое многу недостасува на современиот урбан пејзаж. Длабоката анализа на оваа реакција покажа дека квалитетите на оваа типично работна зона се засновани на симболизмот". Со ова, Вентури дојде во судир со Хегел и Јунг, кои тврдат дека треба да се разликува еден знак од еден симбол, кој содржи психолошка компонента поради што предизвикува емоционални чувства. Зад ова последно толкување на симболичноста од страна на Вентури премногу јасно ѕирка рекламократијата на потрошувачкиот менталитет, кој секогаш дава предност на формата пред содржината. Тоа е симболика на општество на кое му недостасува моралност и етика.

Имам впечаток дека во современата теорија на архитектурата има многу стари и познати појави изнесени на нов начин. Тоа би можело да се однесува и на толкувањата изведени од информатиката. Во разговорот за романот "Името на розата" У. Еко вели: "Треба да се мине низ шумата на веќе кажаното за да се открие повторно задоволството да можат работите да бидат кажани по прв пат". Многу компоненти, како дел од тоталитетот на архитектурата, големите творци ги имаа во својата глава во вид на сокриени, интуитивно сознаени правила. Но, современата информатика им даде име и поопширни објаснувања, во суштина, во прашање е својството на архитектурата да пренесува пораки. Уште Витрувие зборува за трајноста како важна компонента на архитектурата и сите дела од историјата за кои зборуваме како за споменици го имаат тоа својство, изразено со современиот јазик, да пренесуваат пораки за иднината. В. Иго пишува дека архитектурата ги заменува книгите. Во наше време, Л. Кањ пишува за импресивната архитектура во Бангладеж, дека треба е "вредна за паметење" и посредник на пораките за иднината. Неговиот ученик Вентури, исто така, зборува за пораките, но тие не мора да бидат вредни за паметење. Сега

тоталитетот во архитектурата се раздробува на составни делови и независни слоеви, а пораките кои таа ги пренесува, треба да бидат само популарни и нагласени. Тоа е теорија која потполно одговара на општеството во кое ни едно чувство не трае подолго од радоста предизвикана од било кој потрошувачки производ. Во таква состојба на духот, и архитектурата, како уметничко дело, нема никого да го интересира подолго отколку што е битно за менаџерите од индустријата на свеста, тие вечни ловци на новитети.

Додека кунстисторичарите зборуваа за архитектурата, нивниот интерес се движеше по надворешноста и декоративноста. Тони од нивните истории на уметноста сега лежат во депоите на библиотеките. Модерната теорија на архитектурата влезе **во просторот** и ги објасни различните состојби на човекот во архитектурата. Откривме дека историјата може да ни презентира извонредни примери на хармоничност од епохите на стабилната состојба на духот. Египетските и грчките храмови и средновековните цркви и џамии се одрази на хармоничноста помеѓу содржината и формите. Но, тоа се содржини од веќе минатите епохи. Ренесансната палата со големи простори и многу декорација е амбиент за, исто така, декорираните дворјани; таа ја одразува помпезноста на приемите за избраните. Скромна граѓанска облека во нив делува анахроно. Тие имаат потреба од блескави униформи и дворски церемонијал.



Сепак суштествува и едно современо искуство кое може да биде различно толкувано. Во Европа и Америка многу архитектонски споменици се реставрирани и ревитализирани за современи функции. Запрашан за ефектите на овие интервенции, П. Блејк одговара: "Има нешто постимулативно во старите згради отколку во идеалните модерни структури", но не објаснува што. Треба да се постави и дополнително прашање: дали тоа значи дека денес треба да се градат "стари згради" и дали новите структури после стотина години, кога ќе ги покрие патината на времето и сентиментот на паметењето, нема да делуват, исто така, стимулативно?

Денес никој не помислува дека општествениот развиток напомнува на било која формација од историјата. Зошто тоа да си го дозволи современата архитектура? Ако, пак, би сакале да си играме, можеме тоа да им го дозволиме на оние кои за тоа имаат услови: на ликовните уметности, филмот, телевизијата. Во архитектурата треба да се живее. Таа не е погодна за играње освен за вонредно богатите снобови. За сите останати, таа е прескапа. Четири петтини на човештвото се бори за гола егзистенција поради недостаток на храна и навистина е иронично кога во замена за таа храна се нуди "сложена симболичност и контрадикторност". Во таква архитектура тешко се живее, а не може ниту да се јаде. Оружјата за борба се усмерени во погрешна насока.

Во дискусијата за архитектурата во градскиот контекст, современата теорија

извлече на дневно светлина многу поуки од историјата. Дури кога современиот урбанизам "тетеравејќи се од теорија до теорија како пијана скитница" (Џенкс) стигна до монотонијата и пустошењето на современите градови, кои, пак, се создадоа како последица на профитот, почнавме да ги истражуваме "градските репери" и "егзистенцијалниот простор". А. Лефер со право тврди: "Социјалните услови можат да го обезбедат собирањето на луѓето во секаков простор кој е без сегрегација и кој не разделува".

Големите градови сигурно нема да бидат така брзо демонтирани како што не можат да се очекуваат ненадејни промени во економскиот и општествениот свет. Зошто, заблуда е, исто така, дека архитектурата може да го менува општеството. Со години и со децении истражувањето на композиции на ансамбли во градот, правењето пешачки улици и плоштади кај новите населби, во надеж дека луѓето ќе ги развиваат меѓусебните контакти - изгледа залудно! Очигледно проблемот не е во архитектурата, туку во социјалните услови.

Старите градови нé занесуваат со шармот на своите шаренила и токму со смесата на архитектури од различни епохи. Зошто би било погрешно ако на тоа шаренило му се додаде и нешто здраво и од нашето време? Историското искуство упатува на тоа дека архитектурата постојано се трансформира во духот на техничките и сензуалните можности на секоја епоха. Дали ние се срамиме од сопственото време кога бараме помош од историјата? Кон шармот на старите градови придонесуваат денес веќе заборавените фактори во врска со геоморфологијата. Профитот и лесното стекнување на скапата градска рента го бараат празниот простор и здодевната рамнина, а тоа значи лесно употребливи простори. Современите урбанисти лесно подлегнаа на тој невротичен притисок од страна на градските управи. Со цел за поефикасно градење, ако се судрат со нерамен терен, тие со булдожерите ги срамнуваат ридовите, ги покриваат речните токови за да ги пресоздадат во канализација, а старата автохтона вегетација ја заменуваат со сурогатот од "модерна" хортикултура. Тие ги заборавија битните пораки од историјата на градоградителството. 

На крајот од оваа дискусија може да се постави одлучувачкото прашање: Какви односи можат да се воспостават со историјата како искуство и во светлината на вакви оценки за сегашните состојби на општеството и архитектонската теорија?

Дел од одговорот можеме веднаш да го откриеме во изворните принципи на Модерната, единствената револуција во историјата на архитектурата. Тоа што таа не успеа во потполност, како што не беа потполно успешни ни многуте социјални револуции, сé уште не го докажува нејзиното потполно промашување, ниту, пак, помалата вредност на нејзините основни постулати. Секоја од социјалните револуции беше трансформирана во нешто друго, но, сепак, го раздвижи општеството за еден чекор понапред. Тоа се случува и сега со оваа единствена архитектонска револуција. За нејзините, сé уште важечки пораки, можам да го

цитирам К. Ѓ. Арган (во слободна интерпретација): "Модерната архитектура е одраз на времето во кое беше создадена - едно време зрело за револуционерни промени. Во суштина, таа настојуваше, како и во сите прогресивни историски епохи, повторно да биде одраз на колективните чувства, пластична слика на идеолошките стремежи изразувани од напредните сили. Зашто таа не се изразуваше како споменик, палата и мавзолеј, не се стремеше кон формите осетливи на "вечните вредности" кои се засновани на големите илузии. Нејзиниот домен беше секојдневието и процесите кои во општеството и културата се пресоздаваат во стил на живеење. Архитектурата требаше да биде одраз на општествените функции, а не на авторитетите".

Она што подоцна се случи, како што беше во сите историски епохи, може да се објасни со преобразбите во општеството. На Исток беа премногу зафатени со социјални напнатости и со тиранија, па немаа време ниту да размислуваат за архитектурата. Овојпат таа тиранија не вложуваше во архитектурата, туку во книжни плакати и оружја. На Запад, американизмот го преплави преостанатиот свет. Архитектурата, со чесни исклучоци кои Џенкс ги вбројува во "интуитивна традиција", мораше, сосема разбирливо, да го одрази тој нов империјализам. Во морето од такви интернационализми се потопија вредните обиди за понатамошно развивање на модерната архитектура. Таквиот интернационализам младите, со право, го нарекоа стерилен. Бидејќи пропадна и следниот обид за општествена револуција (1968), филозофијата (Маркузе) ја упати младината кон индиферентност и бегање - било каде дури и назад во историјата, а, пред сé, надвор од современиот социјален контекст. Архитектурата повторно ја заборави содржината и повторно тргна дводимензионално и по надворешноста. За ова пишува Е. Хакстејбл: "Најголема опасност се крие во потполното изместување на архитектурата од нејзините најбитни задачи, пред сé од социјалните и моралните цели, кон позициите на исклучиво естетски, што значи формални. Сега, во името на прогресот и креативноста, тие слепо се извлекуваат од контекстот на општеството и животната средина во сферите на чиста уметност".



Овој неуспех на модерната архитектура и авангардата, исто така, се објаснува и кај теоретичарите на Истокот (Иконилов) како разочарување во граѓанското општество и промашениот идеал (утопија!) за промена на општеството со помош на архитектурата. Сегашниот идеал е независност и потполна автономија на архитектурата, што треба да значи одбивање на соработка апстиненција и бегање од бојното поле. Така може да се објасни и бегањето од фундаменталните проблеми на архитектурата и преод во формално - естетичарско мрморење, а така може да се разбере и бегањето во историјата, кога не може да сè опстојува во сегашноста. Тоа се пресоздаде во маниризам, а "стратегијата на маниризмот е идеологија на издајниците" вели А. Б. Олива. Бидејќи новите правци во

архитектурата се движат во рамките на прилично дефинираната потрошувачка (тие велат популарна) естетика, кон нив може да се пријде и од аспект на модата. Во средствата за информирање и на ТВ екраните видливо доминира Поп, што се пренесува и на улиците. Целата работа функционира врз едноставниот принцип кој е востоличен од поп-бизнисот како привилегија: она што добро се продава ќе го направиме да изгледа морално. Не е битно какви се (содржина), туку е битен нивниот изглед (форма) - и заработувачката, се разбира.

Сега би можел да ја завршам дискусијата со некои заклучоци.

Денешната архитектура е онаа која денешниот свет ја заслужува. Меѓутоа, за архитектите е битно да ја запознаат и другата страна од тој свет. Историјата е полна со изненадувања. Постарите од нас сѐ уште го паметат релативниот мир на предвоената Европа и времето кога Америка комуникациски и духовно беше поприлично далеку. По Војната, новиот американизам со психологијата на суперпроизводство и суперпотрошувачка, за кусо време ја освои таквата Европа. Тоа е заразна болест на која никој не е имун, затоа што делува како сладок отров. Борбата за човекови права засега се разбира како право на неограничено конзумирање на такви отрови спакувани во шарени обланди. А во Америка веќе се насетува нешто ново. Привлечени од неограничените можности, најдобрите умови и таленти денес се сконцентрира токму таму. Кој може да потврди дека таа иста Америка во следните 20-тина години, нема да не преплави со лекови против таквата болест?



Сегашната состојба во општеството, а со тоа и во архитектурата може да се оцени како премин во нешто друго. Свеста за општествената функција на архитектурата повторно го наметнува прашањето: дали она што денес се работи ги задоволува вистинските потреби на човекот? Борбата за човекови права има за крајна цел да се создаде човековата лична среќа и правото на избор помеѓу животот и уништувањето. Какви се пораките кои ги пренесува денешната архитектура, е последното прашање. Во зависност од тоа кому се упатува ова прашање, одговорите се различни, но никогаш категорични. Се наоѓаме во состојба на опасен експеримент кој во ликовните уметности може да мине и без потешки последици. Архитектурата мора да излезе одовде токму затоа што не е само уметност. Социјалниот контекст, засега само на ниво на формите, задоволува само еден дел од човековите потреби. Во состојба на современи општествени односи, архитектот не може едноставно да се изолира со нагласена индиферентност или со бегање во историјата.

Во својата револуционерна фаза, модерната архитектура со право се прогласи за интернационална, имајќи ги предвид епохалните промени во науката и техниката. Во сегашното ниво на комуникации и електронски чуда, таа ќе биде тоа уште повеќе. Светот стана многу мал за да се дели и понатака на изолирани архитектонски култури, бидејќи

тоа не го дозволуваат ниту економијата, ниту општествените односи кои се на повидок. Во таа смисла, може да се очекува еден нов интернационализам во архитектурата, што, пак, нé упатува на изворните принципи на Модерната. Вистинскиот квалитет на денешната архитектура во било кој вид, во суштина е нејзината оспособеност да ги користи сите достигања на современата наука и технологија. Колку годе да е денес овој совршен техницизам во служба на целите кои се прикриваат, еден ден тој ќе може да биде употребен за вистинската корист на човештвото. Природно е што ваквите перспективи некои сé уште ги нарекуваат утопија. Но, утопијата делува на долги патеки. Историјата не познава прогрес без видното учество на оние занесенковци кои, често со потсмев, ги нарекуваме утописти.

Кон ваквиот заклучок можам да го додадам и следното мое мислење. Историската архитектура им ја отстапувам на туристите за да побараат во неа егзалтација на сето она што им е ускратено во нивната животна средина и на работното место. Јас историјата ќе ја проучувам само како негативно искуство, односно како сознание што треба да се одбегнува во размислувањето за иднината. Сите чинители зборуваат против историјата како инструмент за сегашната, а уште помалку за идната употреба.



НАУЧЕН СОБИР: "АРХИТЕКТУРА И ИСТОРИЈА"
16.04.1990, Архитектонски факултет, Белград

# СРЕДБИ СО ИСТОРИСКАТА АРХИТЕКТУРА



Еден кус поглед во историјата може да го илустрира богатото градителско наследство во Македонија. Уште античкиот свет градеше архитектура во така развиени урбани центри како што биле Скупи, Стоби, Хераклеја и Лихнидус - антички Охрид, со монументални базилики, театар, палати и др. Во природни стихии и под налетот на варвари, античките градови се разорени и дури нашава генерација повторно ги открива.

Средниот век во Македонија е целосно во знакот на Византија. Архитектонските споменици од оваа епоха се расеани низ цела Македонија со поголеми концентрации околу Скопје и Охрид. Како симболи на феудалните господари средновековни тврдини има секој македонски град, а охридската се вбројува меѓу најголемите на Балканот. Но, ако тврдините, по својата функција, биле предодредени за воена деструкција, средновековните градови и манастирски центри ги одминала таквата судбина. Со исклучок на симболички рушења, османлискиот окупатор бил кон нив толерантен, а посебно во Охрид - центар на толку моќна црковна организација каква што била Охридската архиепископија. До наше време зачувани во оригинална состојба, останаа во Охрид: Св. Софија, Св. Климент, Св. Јован Канео и повеќе мали црквички; околу Скопје: Нерези, Св. Никита, Старо Нагодичане, а во другите македонски градови - исто така значајни споменици.

И османлискиот период е одбележан со вредна архитектура. Скопје и Битола се важни големи бази и админстативни центри. Материјалното богатство на Отоманската

империја, особено од XV и XVI век, е презентирано со монументални џамии, амами, анови и безистени, кои го одразуваат врвниот дострел на градителството од исламската култура.

Крајот на Отмонаската империја во XVIII и XIX век е означен со политичко и материјално сиромаштво и отсуство на монументални градби од општествен карактер. А токму тогаш во Македонија ќе се формира еснафска буржоазија од трговци и занаетчии, кои одразот на своето богатство ќе го побараат во индивидуалната станбена зграда, а сите македонски градови ќе формираат оригинален градски организам во кој станбената архитектура ги прекрива старите монументи на исламот. Тоа е време кога највисок израз достигнува словенската традиција на градење од дрво, а станбената култура останува се уште незасегната од фаталната диференцијација на капиталистичката палата и пролетерскиот станбен пекол во Западна Европа. Дури битолските "минипалати" од конзулската епоха во крајот на XIX и почетокот на XX век претставуваат некаков мост преку кој македонската архитектура се обединуваше да пречекори во развиената Европа.

## ИНСПИРАТОР

Оценката на ова градителско наследство мора денес да се преиспита во контекстот на дијалектичките разидувања. Средниот век, кој во наши меридијани историски траел се до XIX век, е време на уште неоформени нации! Во рамките на Византија и во Отоманската империја, народите биле само етнички посебности. Колку - годе диктирана од еден обединувачки, официјален политички и културен тутор, архитектурата градена во одделни провинции мора да се диференцира под влијание на етносот. Во Западна Европа таква е француската, англиската или германската готика. По таква аналогија, ние зборуваме за македонска Византија и за македонска исламска архитектура. Нашиот човек бил непрекинато присутен на овој простор и архитектурата не може туку така да се оддели од него. Тој бил корисник и градител, а во XIX век - главен инвеститор и доминантен инспиратор. На охридската тврдина се останати трагите на македонскиот феудалец Самоил со претензии за независна политика и култура, а во охридска Св. Софија се вградени амбициите на архиепископот Григорие, Охридската архиепископија да ја противстави на Цариградската патријаршија, како што и сите манастирски и градски цркви го одразуваат културниот сепаратизам на секакви локални феудалци. Иако спротивно од идеологијата на македонскиот христијанин, во исламската архитектура е вграден и неговиот труд.



Станбената архитектура од XIX век претставува кулминација. По територија таа го зафаќа источниот дел на Балканот и Мала Азија, се до Ориентот. Површно гледано, таа е истородна во Охрид, Костур и Бурса, затоа што се применува единствена градежна техника и материјал. Но, што е македонско во таа архитектура? Разликите најнапред ќе ги согледаме

во структурниот став. Муслиманот непрекинато е свртен кон ориентот, а христијанинот - македонец - кон западната култура. Затоа во куќата првиот лежи на миндери, а вториот седи на минсофи или столови импортирани од Европа. Првиот чучи покрај отвореното огниште, а вториот стои покрај кујнската батерија. Културниот став ја прави муслиманската куќа комплетно интровертна, затворена и незаинтересирана за животот на улицата. Христијанската куќа е целата отворена кон улицата и надворешниот живот.

Вториот елемент е климата. На топлиот Ориент куќата е широко отворена со чардаци и доксати. Поголем дел од живеењето се одвива на отворено. Во затворена соба се влегува само за спиење. Континенталната клима наложува македонската куќа да се затвори. Контактите со надворешниот свет се остварени со низа прозори. Климатскиот фактор во оваа архитектура е вграден со таква перфекција, што дури и охридската куќа е со видливи разлики од крушевската или кратовската.

Не на последно место е етничкиот фактор. По разликите во внатрешноста и надворешната декорација и колоритот, на куќата е забележливо дали во неа живее муслиман или христијанин.

Покрај сето тоа, куќата е создадена и да задоволи една скромна, но висока станбена култура. Со вградената, архитектонизирана опрема, како што се сергените и минсофите, се овозможува максимален конфор на минимален простор.



Интересна е, тешка за докажување и нејзината трансформација во модерна појава. Во почетокот на нашиов век развиениот капитализам во Западна Европа мораше веќе да му прави отстапки на пролетеријатот а во центарот на општествениот интерес се најде станбеното прашање. Што можеше за овој проблем да му каже на западниот архитект традицијата од ренесансната или класицистичката палата? Таа беше скаменета, предимензионирана и скапа, репрезентативна, но неудобна за живеење, нехумана и надвор од вистинските мерки на човекот. Во потрага по решението на проблемот "стан за секого", европските архитекти ја открија македонската куќа. Според нејзин пример, тие направија рационален стан со вградена опрема, а притоа ги премолчија изворите на својата испирација. А ние и денес ги применуваме т.н. плакари и кујнски батерии, како импортиран пронајдок на западната модерна архитектура, затоа што бевме слепи за примерите од нашава почва, остварени уште во XIX век. Како што е вообичаено во животот, еднаш занемарена сопственост допрва тешко се докажува.

## НАЦИОНАЛНА ШКОЛА

Културата и уметноста се горди од суптилни состојки на духот во кои се вградуваат најдобрите умови и чувства на творците. Тие се динамички ознаки на постоењето изразени

во суперпонирање и континуитет. Традицијата е битен дел од нашето постоење. Преку нејзиното единство со современото се стигнува до национална препознатливост, идентитет и афирмација. И кога светот би станал идеолошки и стопански единствен, што е крајната цел на некаква супероптимистичка визија етносот ќе мора да го зачува својот разнороден културен идентитет. Бертранд Расел вели: "Во утопијата на Томас Мор е се толку прецизно наредено и унифицирано, што станува здодевно. Разнородноста и менливоста се услови за човековата среќа".

Во почетната фаза модерната архитектура го прокламира интернационалниот стил базиран врз интернационалната техника на конструкцијата. Но, набргу забележа дека не постои интернационална уметност. Нациите, заедно со својата историја и традиција во уметноста, ги изразуваат и своите посебности. Дури по Втората светска војна, теоретичарите на модерната архитектура го открија терминот "национална школа". Бразилската, јапонската и скандинавската архитектура беа означени како национални или регионални појави токму затоа што ги одразија сопствените традиции. Но, по шеесеттите години, светот на архитектурата го преплави американизмот. Без читлива етничка традиција и под влијание на ординарниот индустриски продуктивизам, архитектонскиот израз заплива во водите на лажен блесок и потрошувачката реклама. Високиот материјален стандард уште еднаш ги заборави квалитетните состојби на духот.



Архитектурата е како огледало со немилосрдна објективност. Во мигот на создавање, таа може да биде диригирана во славата на идеологијата (Египет, Рим, фашизам, сталинизам) или материјално форсирана во привидна слобода (Америка). Премине ли во историјата, таа е неподмитлива и непристапна за фалсификати, објективен сведок на општествените состојби.

Без оглед на сегашниве осцилации во сферата на материјалното производство (потрошувачка психоза) и во производите на духот (шунд и кич), очигледно услов за натамошниот опстанок на човекот е нивната рамнотежа. За архитектурата тоа значи најнапредна интернационална техника и технологија пресоздадена во уметнички израз на современата уметност, која ги апсорбира и соковите на етничката традиција.

Сегашниов миг на македонската архитектура е специфичен по многу нешта. Почнувајќи од материјална и кадровска нула, само за триесеттина години се создадени силни проектантски и изведувачки капацитети, способни да проектираат и реализираат архитектура на ниво на современите можности и потреби. Имаме архитекти со зрели лични ставови, способни да ги согледаат сите архитектонски тенденции во вистински збрканиот современ свет и да ја изберат својата вистина. А пред се да ја распознаат и почитуваат сопствената традиција.

Во обидот за некаква систематизација, но без претензии за рангирање, да

погледнеме неколку примери од современата македонска архитектура и само од аспектот на нивниот однос кон македонската традиција.

Зградата на Телекомуникациониот центар (Пошта) во Скопје се уште предизвикува доста недоумици. Во својата наметлива волуменозност и експресивност на материјалот, таа недвосмислено асоцира на евклидовската ѕидна структура на средновековната тврдина и валчестите форми на кулите. Погледнете во поширок антураж, се наложува како акцент и, сакале или не, како еден од новите симболи на градот. Споредбата со архитектонската семантика на џамијата може да биде од полза или штета на авторот. По својата функција, џамијата е место за собирање на народот и со тоа се потврдува како акцентирана форма со идеолошка симболика. Како пример за неодминливите потреби на современиот човек за брза и ефикасна комуникација, современата пошта е далеку од тоа да го симболизира местото за идеолошко, физичко и духовно собирање на нацијата. Акцентот се наметнува само формално. Зградата на народната библиотека во Скопје е ослободена од монументална претенциозност. Надворешниот корпус ненаметливо ги одразува современите функции на една ефикасна организираност. Во надворешниот израз дискретно не поврзува со површинската ритмика на Григориевата припрата од охридската "Св. Софија", или со шарениликата декорација од фасадната структура на средновековните цркви.





Поголема група современи архитектонски реализации може да биде класифицирана во серија со романтичарски инспирации. Угостителскиот центар "Летница" во Охрид, дуќаните во старата охридска и битолска чашија, со богато разиграни форми и многу питорескни детали, даваат во светот на идеализирана романтичарска зборливост, а сепак во внатрешната организираност на просторот ги задоволуваат првенствено современите функции. Воопшто не е случајно што авторите на овие објекти се жени.

Истата изразеност во друга варијанта ќе ја видиме кај објектите на хотелот во Радовиш, мотелот во Кочани и др. Сите заедно, визуелно не сврзуваат со митолошките пораки на народното творештво од сказните или во романтичарските чувства кои ги доживуваме во тесните улици на стариот македонски град.

## СОВРЕМЕН ЕКВИВАЛЕНТ

Извесно чекорење во формалната инспирација е видливо на архитектурата од хотелот "Бисер" во Струга и стоковната куќа "Мост" во Скопје. Наоѓајќи се на извонредно експонирани позиции, и двата објекта ги решиле проблемите на внатрешната организација со конкретна и модерна функционална анализа. Во надворешниот израз и градењето на пластичната тектоника, тие се сврзуваат во факсимилите на станбената архитектура од XIX век. Богато и одделно одѕвонуваат ритмите на прозорците и контрастите на белиот малтер и темното дрво од старата македонска куќа.



Зградата на републичките општествени организации во Скопје (позната како зграда на ЦК СКМ), хотелите "Инекс-Горица" и "Десарет" во Охрид имаат својства со мисловни аналогии во композицијата со старата станбена архитектура. Еден сосема современ третман во форма и материјална обработка предизвикува само далечни реминисценции на соседството еднакви во стариот градски амбиент.

Зградата на МАНУ во Скопје. Како лично јас да го објаснам ова дело како автор? Залудно е да се бараат аналогии во содржини. Академијата е монумент на современата и идната македонска наука и уметност. Помислувам на тврдина и ми се чини премногу студено. Шареноликата декорација на византиската црква би била демагогија. Ги отфрлам сите конкретизирани аналогии и се препуштам на: нагонот, кој во себе има веќе наталожено многу средби со историската архитектура. И кога делото е завршено, откривам дека во манастирските конаци на "Св. Јован Бигорски" стариот македонски мајстор создал импресивна монументалност во костен - дрво. Согледувам "чардак ни на небо, ни на земја" од народните сказни, а во ентериерот, наместо студената празнина од феудалниот дворец, е создадена топлата интима на патријархалниот македонски дом.

Намерно го оставам за крај на приказот трговскиот центар во Скопје. Еве

архитектура што нема никаква формална аналогија со историско наследство. Познато ми е дека и согледувањата на авторите повеќе беа свртени кон современа Англија. Овде стигнувам до тешкотии во илустративната презентација, бидејќи комплексот нема фасади за фотографирање, и тој не може да се види туку само лично да се доживее. Неговите вредности се скриени во внатрешниот простор и во меѓусебната испреплетеност на многубројни и разнородни содржини. Колку-годе трговијата, угостителството, забавата и меѓусебните контакти во денешново животно пулсирање се остварува со тешка напнатост, во овој комплекс човекот се смирува и се чувствува поинаку од просторите на европската трговска улица, преполнета со автомобили и луѓе кои не можат ниту да запрат, ниту да се видат. Куси и концентрирани внатрешни движења, простор ослободен од присуството на автомобили - му го враќаат на човекот - пешак автентичниот животен ритам и му овозможуваат да се запре да размислува, да разгледува. Тоа е заборавената веќе животна пулсација на просторен амбиент во кој и современиот човек може да се сретне со други луѓе, а не е приморан да брза.

Зар не е тоа вистински современ еквивалент на атмосферата во една стара македонска чаршија, но без секаква формална аналогија со традицијата.

Има луѓе што ме прашуваат каков е архитектонскиот стил на нашево време, како да има човек што прецизно ќе ги издиктира правилото и рецептот за правење архитектура, слично на рецептот за вкусно јадење. Архитектурата - како и самиот живот - е во непрекинато движење и процес. Таа никогаш не постигнала високо ниво ако се одвојува од животните текови и ако подлегнува на правила и прописи. Најдобриот модел од денес за утре е застарен и преминува во имитација. Затоа и примерите од современата македонска архитектура само привидно дејствуваат во некаква дивергентност. Кога ќе преминат во историја една средна теориска анализа ќе ги прикаже како творечко богатство на идеи од иста тенденција. Тргнувајќи од различни врутоци на инспирација, сите течат кон матицата - река; архитектурата на нашево време.

Има и други потпрашања: Зашто во овој приказ нема ниту еден објект од странбена архитектура на нашево време? Какви се врските од традицијата во таа архитектура? Премногу е тешко на ова да се одговори. Ако се работи за индивидуална куќа, одговорот ќе биде едноставен. Но, во денешниов свет со многу милијарди луѓе и со нивната се поголема социјализација, станбениот проблем е врвната загатка. Засега обидот за одгатнување е ограничен на колективна станбена зграда во блок или кула. Но, сите сме сведоци на нивната критика. Затоа и не очекуваме од архитектите да се зафатат и со такви периферни размислувања како што се одгласи на традиционалното градителство. Нека оставиме најнапред тој проблем да го реши општеството во една нова стопанска и социјална солуција. Полесно е ако се вратиме на можни потпрашања, како што се имитација и кич. И во

изнесените примери има објекти на кои можат да бидат прилепени такви атрибути. Архитектите, загрижени за пречистеност во современиот архитектонски израз, се стремат кон таква квалификација на хотелот "Бисер" во Струга. Спротивно на тоа, познавам луѓе со зрела култура кои високо го ценат тоа архитектонско дело. Модерниот феномен што се вика туризам е уште неистражен сектор од битието на современиот човек. Преоптоварен со тешката сериозност на современиот живот, за време на одморот и најзагрижениот научник ќе побара релаксација во лесната забава што го враќа во привидите на безгрижната младост. Зошто тогаш, да не се чувствува пријатно во една архитектура што ќе му ги долови романтичарските илузии на едно одминато време?



НОВА МАКЕДОНИЈА, 4.10.1995

Градителството некогаш и денес

# СЀ ПОБЛИСКУ ДО ИСЧЕЗНУВАЊЕТО

## Историја на една стара охридска куќа



Мнозина ја познаваат како сликарски мотив: од познатиот предвоен српски графичар Љуба Ивановиќ до денешниот архтиект и акварaлист Јанко Константинов. Некои ја знаат како дел од драгоценото културно наследство на Охрид, а јас како највредна архитектонска творба на охридскиот XIX век. Граѓаните на Охрид и туристите ја чувствуваат како пријатна глетка. Од страна на Езерото и Сараишче, со тесната и висока фасада, се прикажува како вертикален завршеток на една питорескна панорамска композиција. Од северната страна, кон улицата Самоилова, ниското приземје и еден кат му оставаат отворен поглед кон Езерото на куќите од спротива. Приоѓајќи од "Св. Софија", најнапред ќе ја видиш камбанаријата на храмот "Св. Никола - Геракомија", високиот ограден ѕид и на него влезната порта со лачна рамка од делкан камен, а понатаму она ниско одајче, денес канцеларија на храмот.

Изградена од едно од многубројните длабококорени охридски семејства, кои кон средината на XIX век се збогатија на некоја фирма за преработка на кожи какви што во Охрид ги имало со над 3.000 работници. Тоа се оние еснафски семејства кои оставија елегантни материјални траги за своето дејствување и постоење, меѓу другото, и во архитектурата на македонските градови. Од Европа донесоа многу модерна покуќнина, но не се занесоа по европската класицистичка палата; останаа верни на локалната традиција и ја издигнаа до оригинално совршенство. Создадоа стил на ендогена регионална

архитектура и не се приклонија ниту пред влијанието од големите центри на Отоманската империја, Солун и Стамбол.

### СУДБИНАТА НА ИСЕЛУВАЊЕТО

Со крајот на XIX век започна трагичната историја на македонските градови и на нивните жители. Започна со невидено стопанско осиромашување, а кулминираше во задушеното Илинденско востание, двете балкански и двете светски војни.

Од Македонија заминаа сите подобро ситуирани семејства, барајќи помин на сите четири страни од светот. Надвор отиде и малубројната интелигенција. Во 20-тите години, разурнувачките последици од печалната судбина на македонските градови најреално беше видлива во архитектурата. Граѓаните живееја во прикрпени куќички, а низ целиот град ги оджИвуваа последните денови, огромните палати, некои сосема празни, а други со по еден осамен стар човек. По својот надворешен изглед палатата и човекот сосема си прилегаа, а еднакви беа и во доживувањето на внатрешните чувства. Подолга, но и полоша судбина имаа двете куќи на семејството Карчевци до Горна Порта: тие се урнаа дури во 60-тите години, во период кога веќе се насетуваше какви вредности има оваа архитектура за охридскиот туризам. На долниот дел од градот, по улицата Самоилова, во време на Втората светска војна се одигра вистинска драма со катастрофален крај: полусрушената палата зјаеше празна без својот последен станар - самотната старица Уранија. Од спротива, во двојната палата на семејството Робевци, избезумувачки хармонично со куќата живуркаше последниот охридски Робе Ефтим, доктор на филозофски науки од Сорбона, истеран од битолската фирма како непогоден за трговија.



Како архитект и директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, во 1950 година имав среќа повторно да се сретнам со стариот охридски град. Покрај конзервацијата на храмот "Св. Софија", имав можности да се зафатам и со реставрација на оној дел од старата архитектура кој успеал да ги пребroom дотогашните искушенија, а тоа беа одвај дваесеттина куќи. Реставрираните палати на Робевци и на Уранија се наменија за музејски изложби, а во куќата кај Геракомија се смести управата на Охридскиот музеј. Се чинеше дека со тоа е решен проблемот за нивното тековно одржување. Но, се замеша ѓаволот: веќе во 60-тите години некои од реставрираните куќи кои беа населени, повторно ги зафати судбината на иселување; охридските граѓани претпочитаа да живеат во "комфорни" станови во блоковите и кулите во новиот дел на градот.

Тогаш започна поновата жална историја на палатата до храмот "Св. Никола - Геракомија". Кон крајот на 70-тите години, немајќи средства за одржување, и Охридскиот музеј се пресели во некои помодерни простории, а куќата остана празна, односно препуштена





на форсирано пропаѓање. Потоа се направи обид за некакво решение: куќата се продаде на скопски Отпад (!!) кој можеби ветуваше да ја реставрира и да создаде работничко одморалиште. А што може да се очекува од отпад? Направи работничко одморалиште каде во летните месеци повеќе се рушеше отколку што се одмораше. По неколку години такво користење, куќата стана сосема неупотреблива и вистински тргна кон отпад.

Имаше уште една шанса за спасување. Во почетокот на 80-тите години Општината формира една комисија со цел да најде локација за нова зграда на Охридската архиепископија. Местата околу Климентовиот манастир и сегашната црква "Св. Климент" за она време беа премногу експонирани, а реконструкцијата на старата Митрополија над "Св. Софија" се чинеше непогодна бидејќи нема пристап со автомобил. Тогаш предложив реставрација и преадаптација на палатата кај Геракомија. Со современа реставрација во горните два ката можеше елегантно да се сместат резиденцијата и групата репрезентативни простории за собири и приеми. Приземјето, со отворени аркади, можеше да се соедини со прекрасниот двор на храмот "Св. Никола". И денес, по толку години, убеден сум: со таква реставрација не само што ќе ја спасевме куќата, туку ќе создадевме извонредно атрактивен ансамбл во најдобрите традиции на Охридската архиепископија. Тогаш изработив и проект за реставрација и преадаптација на целиот комплекс кој остана нереализиран. Од

Општината немаше никаква реакција, а луѓето од Архиепископијата веројатно не можеа да замислат сместување на таква резиденција во една стара куќа.

### ФРАПАНТНА ВЕСТ

И жалната историја продолжува. Најновата вест од Охрид е фрапантна. Третирајќи ја оваа палата - споменик на културата под заштита на Законот - како вистински отпад, таа е продадена на некој модерен бизнисмен од Охрид!? Како таква е запишана и во охридскиот катастар. Сега Градскиот завод се бори (залудно) со приватниот бизнисмен. Едните инсистираат на реставрација, а тој чека да се урне куќата и на тоа драгоцено место да изгради нова, по свој проект. Сегашнава ситуација е: status-quo непосредно пред егзекуција. Реална перспектива е местото да остане грда празнина.

Во конкретниов случај, како најреалистичко решение се наметнува еден рационален компромис, бидејќи не верувам во можноста куќата да биде повторно откупена од приватникот. Сите препродажби се веројатно минати низ судска процедура, а доказ за тоа е запишаното во Катастарот. Останува да се преговара со бизнисменот. Наши услови: обврска да се реставрира оригиналниот надворешен изглед; конструкција од трајни, современи материјали - челик или армиран бетон. Внатрешниот распоред по желба на сопственикот.



Да заклучам со апелот за спасување пред егзекуција. Жалната историја на овој извонреден архитектонски споменик зборува за немоќ на градските власти. А во денешнава политичка и стопанска тешкотија се чини дека е маргинално да се мисли на една куќа од стариот Охрид. Тоа сепак не била пречка да се проектираат фантастичните кејови по брегот и подземни сообраќајници и паркинзи на Пристаништето каде подземната вода е на еден метар под сегашното ниво на плочникот, затоа што реализацијата останува на друг, во друго време. Се обидов да ја аргументирам акутноста на критичниот момент со оваа куќа, значајна за комплексот околу "Св. Софија - Геракомија". Сепак, се плашам: се убиваат не само луѓето, туку и архитектурата. Ако тој волшебен ансамбл се загуби, не ќе биде само грешка како со куќите на семејствата Карчевци до Горна порта, туку непростлива грешка. Градските татковци, кои се менуваат секои четири години, можат таквите непростливи лапсуси да ги префрлат на своите претходници и - никому ништо. Моето 50-годишно стручно и научно ангажирање со урбанизмот и архитектурата на Охрид не ми дозволува овој случај да го доживеам како залудност и дефинитивен пораз.

НОВА МАКЕДОНИЈА, 5 јули 1995



# Другите за Борис Чипан

Цртеж на претходната страна, Димитрие Голубовски

# БОРИС ЧИПАН
## ПОРТРЕТ


ПОРТРЕТ

БОРИС ЧИПАН



Тој нема ни многу години, роден е 1918 во Охрид, се школувал во Белград, ниту, пак, зад себе има многу објавени трудови, неколку книги и брошури и педесетина поголеми и помали статии во дневните и стручните списанија, редовни предавања на Универзитетот во Скопје, и тоа е сé.

Но, затоа има десет години богата пракса и драгоцени резултати кои му изградија вонредно убаво име и углед во нашата земја на полето на реставрацијата на културните споменици.

Да се следи развојниот пат на овој млад културен трудбеник од младата македонска република, Борис Чипан, на полето на заштитата и проучувањето на нашата стара архитектура, значи да се следи животот на една од најважните културни установи во нашата земја создадени по Револуцијата - Заводот за заштита на спомениците на културата на НР Македонија во Скопје. Поодамна е речено дека нашата земја, особено делот кој го сочинуваат Србија и НР Македонија, претставува една од најголемите ризници на средновековната наша и светска култура на што укажува и сé поголемото интересирање за тие богатства на целиот научен свет.

Го знаевме тоа и ние, го знаеше и НР Македонија, а го знаеше тоа и младиот инженер по архитектура Борис Чипан, одвај нешто повеќе познат во својот роден крај, кој по демобилизацијата од НОБ, неколку години работеше како инженер архитект на разни

градилишта и во разни претпријатија кои немаа, речиси, никаква врска со она што еден ден ќе стане негова животна опсесија и, со право може да се каже - научничка страст: спасување и проучување на нашата стара архитектура. Но, малкумина беа свесни дека на тоа наше културно богатство му отчукува последниот час: дека е безмилосно уништувано од човечката рака и од времето и дека му треба што побргу помош за да се спаси и проучи она што сé уште може. Меѓу тие малубројни, за среќа, беше и младиот научник Чипан со својот најблизок соработник сликарот Здравко Блажиќ. Штом почна да се зборува за потребата од донесување закон за заштита на спомениците на културата, тие се заинтересираа за спомениците во својата потесна татковина и тие проблеми не ги напуштија.

Законот е донесен во 1948 и веќе следната година го гледаме Борис Чипан на чело на Заводот за заштита на спомениците на културата на Македонија. Стана директор на Заводот пред кој стоеше огромна одговорност и тешко, непрегледно поле на работа. А тој од сето тоа имаше само голема љубов, диплома и неколку години искуство на сосема друго поле на градежната и архитектонската дејност и три службеници со празни канцеларии.

Прва задача му беше евиденцијата во областа на археологијата и архитектурата. Иако теренот беше, речиси, непрегледен, со мали сили и со уште помали средства, тоа беше, сепак, доста брзо направено. Не помина многу време и, главно, се знаеше каде што стои.



Најголема работа и најтешка задача беше спасувањето на црквата "Св. Софија" во Охрид - споменик кој одамна е вбројан во уметничкото богатство од светско значење. Зафакајќи се со една така голема задача се собра и големо искуство во проучувањето на архитектонските проблеми и во конзервацијата на ѕидниот живопис, кој во најголем број случаи го изведуваше сликарот Блажиќ. Така, може да се каже овој голем споменик на средновековната наша и светска култура, кој се наоѓаше на границата на дефинитивното пропаѓање, беше и најголема школа не само за архитектот Борис Чипан, туку и за директорот на Заводот, па и за нашата млада наука воопшто - на тоа поле.

Но, вистинската научна работа на Борис Чипан се одвиваше и се одвива во изучувањето на градската архитектура на Македонија од XIX век. Тој проблем кај нас пред војната беше само начнат. Дури по Револуцијата почнаа повеќе научници со него да се занимаваат, а меѓу првите и Борис Чипан. Според него, македонската градска куќа од минатиот век ги има сите удобности за живот на обичниот човек и како таква може да служи и денес, така што тоа не претставува мала инспирација и углед на современата архитектура кај нас. Кај старата македонска куќа особено убаво се користени внатрешните простори на начин кон кој се стреми и модерната архитектура: вградени ормани - плакари; неподвижни седишта - минсофи; организација на кујната на мал простор. Модерната архитектура денес ги форсира искрените форми коишто, пак, ги има самата фасада на

куќите од XIX век во Македонија и тоа со истиот квалитет.

Имајќи ги предвид вредностите на таа архитектура, под раководство на Борис Чипан веќе од 1949 година заштитата на културните споменици е проширена и на приватните згради и од тогаш, само во Охрид се реставрирани преку 20 згради, општествени и приватни. Со текот на времето заштитата е проширена и на цела Македонија.

Врз основа на проучувањето и раководењето со заштитата и реставрацијата на македонските старини, Борис Чипан има напишано една значајна книга под наслов: "Старата градска архитектура во Охрид", а во исто време има објавено и низа посебни статии за истиот проблем. Негови најзапазени статии се: "Проблемите на современата урбанизација на старите градови", "Архитектурата и живописот на "Св. Софија", "Културно-историски преглед на охриско-преспанската област" и други.

Од 1949 Борис Чипан е доцент на Катедрата за историја на уметноста на Универзитетот во Скопје.

Своите идеи за инспирација на новата архитектура од старата, Борис Чипан ги спроведе делумно и во пракса. Неколку значајни згради во новиот Охрид се изградени по неговите проекти.



ПОЛИТИКА, 14 септември 1958
Рубрика: Портрети
Синиша Пауновиќ



# БОРИС ЧИПАН: РЕСТАВРАЦИЈАТА НА 20-ВЕКОВНАТА ОХРИДСКА ТВРДИНА ЌЕ БИДЕ АФИРМАЦИЈА ЗА НАШАТА ГЕНЕРАЦИЈА



Уште како студент по архитектура Борис Чипан, денес професор на Техничкиот факултет во Скопје, автор на многу трудови за старата македонска архитектура и проектант на познати објекти, ја изучуваше старата градска архитектура на Охрид, градот во кој се родил во 1918 година. Тоа го работеше од љубов кон старините на древниот Охрид, оној ист град во кој историчарот Кантакузе, во книгата "За војните на Византија", го забележал и охридското семејство Чипан, како болјарско.

Во повоените години Борис Чипан активно учествува и во конзервацијата на многу споменици на старата архитектура во Охрид, работејќи ја оваа работа со голем ентузијазам и љубов. Неговата последна преокупација е старата охридска тврдина. Токму овде го сретнавме како работи на конзервацијата на најубавиот дел од тврдината, Горни Сарај. Тука го водевме и овој наш разговор.

■ Уште во Скопје чувме дека најпосле сте добиле средства за конзервација на делови од тврдината. Какво е нејзиното значење и дали ќе има некаква корист од тоа ваше настојување?

■ Охрид не може да се замисли без тврдината. Важните историски споменици како што се "Св. Климент" и "Св. Софија" означуваат само еден историски момент во споредба со Охридската тврдина во која се запишани цели дваесет столетија. Овде се

преплетуваат Римјани, Византијци, Словени, Турци и нивните култури. Во неа се огледуваат антиката, средниот и новиот век. Делумните археолошки истражувања покажаа дека таа се споменува уште во IV век пред н.е. Но, таа историја треба допрва да биде напишана. Конзервацијата на тврдината може да биде за нашата генерација афирмација во подалечната иднина поради тоа што никој пред нас не направил такви големи интервенции на историските споменици. По 50 или 100 години, луѓето кои овде ќе живеат, ќе ни бидат благодарни што сме го спасиле од пропаѓање овој значаен споменик.

Дали само во тоа се изразува значењето на овој стар град?

Посебно прашање е какво е значењето на самиот град и на тврдината во урбанистичкото решение на градот Охрид. Пред сé, познато е дека градот без историски корени станува празен. За да ги осмислат некако своите градови, Американците вештачки ја прават нивната историја. Всушност, градот треба да претставува континуитет на своето постоење; минатото и сегашницата.

Посебно тврдината создава можности за збогатување на градот и со современи функции. Модерната архитектура заедно со тврдината може да донесе раскошни решенија. За Охрид тоа е од посебно значење, бидејќи тој станува домаќин на светскиот туризам и на туристите однадвор мора да им создаде целосна претстава.



Тука се и другите современи функции: рестраврацијата на Горни Сарај покажува какви се можностите за современо користење на тврдината. Тука е и "Охридското лето", летен фестивал од областа на културата. На реставрираниот дел од тврдината се предлага изградба на аудиториум, кој би бил единствен на светот во кој публиката ќе влегува од страната на самата сцена. Но, не е само тоа. Да се застане под ѕидините на самата тврдина, значи да се почувствува историјата на овој град. Кон ова треба да се додадат угостителските и забавните функции со што ќе добиеме поголеми можности за користење на тврдината.

Реставрацијата и конзервацијата на тврдината, секако, е голема и долгорочна инвестиција. Каде би го сместиле овој потфат според неговото значење?

За конзервација на тврдината потребни се околу 500 милиони динари. По Солунската, Охридската тврдина е најголема на Балканот. Кога би ја изведувале конзервацијата на оваа тврдина само со средствата на Комуната, би требало повеќе од 20 години, па и тогаш оваа работа не би била завршена. Меѓутоа, тврдината ги преживува своите последни години. Минатата година се сруши еден дел и тоа оној за кој верувавме дека е добро зачуван. Горни Сарај го спасивме во последниот момент. Вистина е дека Заедницата не може одеднаш да оддели толку големи средства, но неопходно е секоја година да се обезбедуваат по неколку милиони динари со кои би се интервенирало на најзагрозените места на тврдината, такашто, парче по парче, еден ден ќе биде конзервирана целата тврдина која е многу голем објект. Должината на нејзините ѕидови изнесува повеќе

од 2 км, а дебелината повеќе од 2,60 м. Фасадните делови на ѕидовите претставуваат 15.600 квадратни метри. Волуменот на ѕидовите изнесува 26.303 кубни метри. За нејзина конзервација треба да се употребат: 350 кубни метри камен, 830 кубни метри песок и 1.400.000 килограми вар. Работата е голема но, сето тоа ќе се исплати. Во составот на оваа конзерваторска работа припаѓа и откривањето и ревитализацијата на античкиот театар со околу 4.000 места, кој по својата акустичност не заостанува зад познатите театри во Грција. Конзервацијата на тврдината не претставува само обично спасување на ѕидините, туку и создавање на нови можности за Охрид и за македонскиот и југословенскиот туризам и - за културата воопшто.

ПОЛИТИКА, 6 февруари, 1966
Рубрика: Разговор на неделата
Јован Поповски

202



# ЗБОР - ДВА И ЗА АРХИТЕКТОТ БОРИС ЧИПАН



Нешто во мене заигра, срцето посилно зачука кога во "Нова Македонија" и "Политика" прочитав информации за доделувањето на прешернова награда во СР Словенија.

Да, тоа ме возбуди. Читам во "Нова Македонија" од 8 февруари 1972 година: "Архитектот Марјан Мушич, покрај својата обемна работа во областа на архитектурата со реставрацијата на црквата "Св. Софија" во Охрид ги постави темелите на современото реставрирање и чување на спомениците воопшто". "Политика" од истиот ден за ова награда на архитектот Мушич пишува: "Покрај успешниот и современиот начин на реставрирањето на црквата и амбиентот на "Св. Софија" во Охрид (подвлекол З. Б.) и редица други, пред сè споменичко-заштитни работи, дејноста на професорот Мушич ја карактеризира и огромна публицистичка активност".

На професорот Мушич сум му добар пријател, се радувам на неговата награда и од срце му честитам. Но, се прашувам: зошто другарите од СР Словенија први се сетиле некого да го вклучат во толку висока награда за работата на "Св. Софија"? Зарем не требаше тоа одамна да се стори во СР Македонија?

Меѓународната комисија во која влегоа прочуени светски стручњаци како архитектот Фернандо Форлати, др Чезаре Бранди (Италија), арх. Фроа Де Во (Франција), проф. Франце Стеле, проф. Марјан Мушич, проф. Димче Коцо, проф. Ѓурѓе Бошковиќ, арх. Иван

Здравковиќ, арх. Борис Чипан, проф. А. Дероко, проф. Светозар Радојчиќ, научните соработници Мирјана и Радивое Љубенковиќ и др. беше советодавно и помагачко тело во решавањето на црквата "Св.Софија" - овој толку значаен споменик на културата на СР Македонија.

Меѓутоа по долготрајна работа врз изработката на елаборатот при што се уважувани препораките на Комисијата и дефинитивно примените преднацрти за сите работи, како на архитектурата така и на фреските, истата Комисија и Сојузниот институт за заштита на спомениците на културата во 1952 година изведбата на сите работи односно раководењето со тие работи им ја доверија на стручњаците од СР Македонија. Сите работи околу изработката на елаборатот, преднацртите и конечните нацрти се работени во Централниот завод за заштита на спомениците на културата (тогаш) во НР Македонија.

Арх. Борис Чипан тогашен директор на овој Завод, ја прифати тешката и одговорна работа. Со своите млади соработници ги разработува елаборатите, врши подготвителни работи, работи врз изработката на разни компликувани инструменти за враќање на наведениот јужен ѕид во својата вертикала. Врши откопување на од времето затрупаната западна фасада и создава нов амбиент околу целата црква "Св. Софија" при што ги користи старите траги на некогашната положба и амбиентот на оваа црква.



Користејки ги искуствата на вонредните конзерватори од Италија, Борис Чипан порачува специјални пумпи за торкветирање (инјектирање) на пукнатини и празнини во опаднатите ѕидови на старата црква и на тој начин им го продолжува животот.

Си спомнуван за една целодневна жолчна дискусија кога еден член од Комисијата упорно тврдеше дека ѕидот, при повлекувањето во вертикала ќе испука. Не се имаше впечаток дека целата Комисија е единствена. Со таква констатација доцна во ноќта се појде на спиење. Да, сите спиеа, освен Борис Чипан и неговите верни стари соработници. Чекаше полноќ за да заспие Охрид. Се врати во "Св. Софија" и без присуство на Комисијата го повлече делот на ѕидот во вертикала и повторно го врати во претходната положба контролирајќи притоа дали не се случува нешто непредвидено и дали ѕидот пука. (Каква одговорност во желбата за самопотврдување и за докажување на исправноста на предвиденото?!)

Утредента дискусууте продолжија и кога пак почна да се повторува претходниот ден, Чипан ја призна својата ноќна проба на општо вчуденевидување на членовите на Комисијата. Потем без дискусија се мина на работа, молчејќи и со целосна доверба. Истиот ден, ѕидот во должина од 11,5 метри беше вратен во својата првобитна вертикала, а неговите порано поставени контрафорни столбови останаа празни и ненужни.

Чипан не се улулка само со овој успех. Тој работеше и понатаму: ја конзервира старата охридска архитектура, "Св. Климент", "Св. Ѓорги" во Курбиново, "Св. Пантелејмон"

во Нерези итн.

Ете тоа е она што ме возбуди, читајќи ја веста за наградата, па се прашувам: зарем Борис Чипан не заслужува можеби и поголема?



НОВА МАКЕДОНИЈА, 20.02.1972
Пишува: Здравко Блажиќ



МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА

НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Борис ЧИПАН

МАКЕДОНСКИТЕ ГРАДОВИ ВО XIX ВЕК

И НИВНАТА УРБАНА ПЕРСПЕКТИВА

Скопје, 1978

# УРБАНИСТИЧКИОТ И АРХИТЕКТОНСКИОТ РАСТЕЖ НА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАДОВИ

**Кон книгата "Македонските градови во XIX век и нивната урбана перспектива" чиј автор е арх. Борис Чипан**



Деновиве излезе од печат, во издание на Македонската Академија на науките и уметностите, книгата на арх. Борис Чипан, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, која го свртува вниманието кон историските аспекти на македонските градови од XIX век, за да го актуелизира прашањето на регионалното диференцирање на денешните градови, континуитетот во нивниот развој, како и проблемот на дехуманизација на животната средина во градот.

Презентираниот труд од проф.Б.Чипан, на преку 100 стр.текст, на еден исцрпен и заокружен начин, дава преглед на состојбата на македонските градови од XIX век следејќи го нивниот историски континуитет во промените на нивната структура, како и движењето во процесот на урбанизацијата на поширокиот македонски простор.

Како повод за акцентирање на историските аспекти на македонските градови, авторот ја наведува желбата овој труд да биде придонес за современиот став према прашањата на современиот урбанизам. Тој го следи континуираниот развиток на градовите од XIX век, преку анализа на најзначајни македонски градови и јасно го илустрира влијанието на економските и општествените промени врз просторната структура на истите.

Одредени разлики во начинот како се третирани станбените, работно-производните зони, сообраќајот и сл. во повеќето македонски градови, говорат за отсутност на било каков шематизам и механичко копирање и за еден здрав изворен однос на секое градско

општество кон реѓефот, климатот, традицијата и сите останати кои чинат да од таков здрав, органски став извира сопствената физиономија на градот. Освртот умешно ги анализира тие разлики од град до град, а исто така ги воочува и високо изградениот и селективен архитектонски израз, како една од компонентите на личната физиономија на градот.

Оттука следи, во извесна смисла, и пораката на авторот кон денешните генерации - растењето и трансформирањето на градовите, како живи организми, да го сфатат како акт на волја и јасно поставени цели на едно општество, каде што современиот урбанизам, служејќи се со методологија премногу опфатена со согледување на рационални компоненти, ги запоставува често, ирационалните вредности кои ја чинат душата на градот.

Фрлајќи поглед назад, преку комплетна урбанистичка слика на градот уште од византијската епоха и градовите во Отоманската империја, посебно на Балканот, авторот ги следи новите форми на урбанизацијата, а сообразно со ова, и урбанистичката и архитектонска слика на македонскиот град.

Освртот го разгледува македонскиот град од времето на највисокиот домет, во историска смисла, и со неколку карактеристични примери на одделни градови. Тој ги бара пораките кои ги носи традицијата од нашата почва, за урбанизацијата на нашите градови во иднина. Во тој смисол, преку историска анализа, се изнесени некои законитости во развојот на македонските градови, високиот домет на урбанистичките вредности, извонредните амбиентни вредности, како пример на една логична и искрена, органска, урбанистичка постапка, која своите корени ги базира врз регионалните простори и нивните карактеристики, природата и климатот. Истакнувајќи дека за задоволување на примарните човечки потреби за квалитетен и хуман простор е нужно и перманентното надоврзување на традицијата, авторот ја дефинира и улогата и значењето на старите амбиенти и историски ансамбли,.за денешните градови, како елемент на еден животен континуитет во кој тие треба да се вклучени преку активно функционирање.

Во книгатасе изнесени многу интересни и смели заклучоци по однос на диспозицијата на некои општествени функции во македонските градови како една дисперзна мрежа на јавни објекти, која прилагодувајќи се на теренските услови и карактеристики на релјефот, има свои ирационални вредности, преку идејата и симболиката на такви објекти, да обележи маркантнни точки во структурата и силуетата на градот, и да ја збогати сликата на еден град. Ова отсуство на концентрација на општествени објекти во централното подрачје, како израз на акумулација на функции е надвор од утилитарното приогање кон градскиот простор. Авторот со право смета дека таа специфична логика во развојот на специфичните градски простори би требало да остави траг и врз денешниот современ урбанизам и креирањето на нашите градови.

Интересни се забележувањата на авторот по однос на комуналното уредување и комуналната регулатива на македонските градови.

Сумирајќи ги пораките што ни ги дава македонскиот град од XIX век преку оваа успешна анализа на неговиот развој, може да се заклучи, дека тие се опомена против студениот рационализам во светот на бројки во урбанизамот, против пренагласениот научен пристап, со отсуство на традиционални вредности, како емоционални потреби на човекот, против шематизмот и сувата логика на денешните градски простори, против болестите на современиот град кои треба да се сузбиваат, а не да се третираат како нормални манифестации на современото растење.

Овој труд е опоменаи за оние урбанисти кои потребите на нашиот човек не ги решаваат во дух на еден континуиран развој на градските простори и искрено потпирање на нивните специфичности. Покрај заокружувањето на проблематиката на историскиот развој и карактеристиките на спецификата на урбанизацијата на македонските градови од XIX век, преку анализа на нивната материјална структура, негов посебен квалитет претставуваат повеќето значајни и смели заклучоци, кои, конфронтирани со денешната современа урбанистичка теорија, претставуваат освежување и се надвор од секаков професионално рутинерски третман. Тие претставуваат појдовни позиции за нови истражувања и преломни точки во еден наш, специфичен, третман на сопствениот урбан простор, што претставува елемент на идејно збогатување на урбанистичката теорија воопшто.

Вниманието и напорот кој го сторил авторот да фрли светло врз развитокот на македонските градови претставуваат солидна база и придонос за понатамошни истражувања на спецификата на нашите градови и нашиот урбанизам, што овој труд го прави да биде од посебен интерес, како за стручните кругови, така и за пошироката јавност, која е заинтересирана за хуманата димензија на нашиот урбан простор и неговите специфични обележувања.



НОВА МАКЕДОНИЈА, 25 март 1979
КУЛТУРЕН ЖИВОТ, ИЗДАВАЧКИ
ПОТФАТИ НА МАНУ
Пишува: проф.инж.арх.
Драганка Томова - Серафимова


1946

# ЗА МОНУМЕНТАЛНОСТА И ОКОЛУ НЕА

**Кон книгата "111 тези за архитектурата" од Борис Чипан "Македонска книга", Скопје, 1986 година**



Во редот на судбинските настани во македонската архитектура (што всушност е само метафора за случајноста) спаѓа и книгата на проф.Борис Чипан "111 тези за архитектурата" која претставува прва печатена теориска расправа за современите движења во архитектурата кај нас. За оние што ќе се занимаваат со веројатноста на овој настан, нека бидат одбележани следните релевантни податоци: 1949 - формиран Технички факултет во Скопје со отсек Архитектура; 1952 - формирано Друштвото на архитектите на Македонија; 1981 - одржано првото Биенале на македонската архитектура; 1983 - излегува од печат првиот број на списанието на културата на просторот "А". Колку време ќе биде неопходно за да се одгледа интересот за објавување книги за архитектурата?

**ПРЕПОРАКА**

Книгата предизвика несомнено задоволство меѓу архитектите со оглед на отсуството од пишан збор и со оглед на впечатливата порака што професорот ја пренесуваше и ја пренесува на повеќе генерации архитекти промовирани на Архитектонскиот факултет во Скопје. Делувајќи на полето на архитектурата тој ги минува искуствата на еден општествено-политички работник (прв директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците), "кунстисторичар" (како што вели за одреден период од својата работа),

реставратор - ревитализатор (работи за заштитата на повеќе значајни споменици на културата), проектант (ја носи првата Борбина награда за архитектура во Македонија) и како воспитувач (доскорешен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје). Ова кратко расветлување на личноста на авторот е неопходно поради несекојдневната забелешка што ќе ја прочитаме во воведот на книгата. Имено, проф.Чипан, делото им го препорачува во прв ред на "оние нарачатели што раководат со општеството"! Тавкиот напор е редок во областа што ја нарекуваме "стручна литература" (посебно кога се во прашање таканаречените "технички науки"), а кога ќе се земе предвид дека препораката не содржи иронија, тогаш заклучокот може да се прошири и на полето што го нарекуваме "белетристика".

Потешкотиите при реализацијата на вака замислениот проект се тешко совладливи и авторот веднаш на почетокот ги прави неопходните оградувања. Треба да се преведе еден јазик што само метафорично постои околу нас, а неговите први артикулации се запретани во муграта на човештвото (а можеби и пред тоа). Така книгата почнува со седум дефиниции за архитектурата што е исто како бескрајно многу или како ниедна (како што би забележал Борхес). Затоа тој, без да се обидува да расчистува понатаму, предлага и се залага за еден избор, за еден манифест, чија еуфорија го заплиснува белградскиот Архитектонски факултет за периодот на неговото студирање, кога предавањата на професорите (Злоковиќ, Којиќ) вршат моќен уплив врз генерациите следбеници на модерната: антиисторицизам, доверба во техниката, технологијата и науката.



### ПОЕНТА

Неговата одбрана на движењето на модерната може да одолее на многу напади на растечкиот револт што се распали со манифестот на постмодерната. На претераните обвинувања проф.Чипан одговара исто така и бездруго се залага за прочуениот принцип на Модерната: "формата ја следи функцијата" - и покрај тоа што многу архитекти (набрзина сместени по фиоките на критичарските "изми" во сѐ уште важечкиот Музеј на Винкелман) проектирале поинаку или не секогаш така (Алто, Рајт, Ван дер Рое, дури и Корбизје). Поради обидот да се биде поблизок до претпоставените читатели авторот намерно ја одбегнува клучната расправа содржана во препораката "формата ја следи функцијата": што значи "функција" во архитектурата? Затоа тој дискурсот го доведува до прагот на првата денотација за да ја долови поентата на својата замисла: - ако робовладетелското општество е робовладетелско (палата); - ако феудалното општество е феудално (црква, дворец); - ако капитализмот е капитализам (банка, мултинационална компанија); - тогаш социјалистичкото општество е социјалистичко (тука авторот не посочува симбол - објект

туку само го цитира Херодот и повелбата Мачу Пикчу).

Севкупниот напор на проф.Чипан секогаш бил поттикнувач на генерациите архитекти, а книгата "111 тези за архитектурата" прецизно погодува еден миг во кој проектантските организации не добиваат повеќе "големи работи" ("ситните" се разбира не го исполнуваат капацитетот на "големиот архитект"). Неговите тези укажуваат на начинот по кој би можеле да се вклучиме во современоста, зашто (тоа е денес појасно од било кога во историјата на архитектурата) архитектонското творештво не е "цртање" или "прецртување", туку филозофија чии цели треба да се бранат до нивната дијалектичка метаморфоза. Тоа (сепак) не значи "фабрики за архитектура" (што е невозможна синтагма), туку создавање клима за одгледување на просторот во кој постоиме, преку размена на мисли - проекти, истражување на сопствените корени и создавање на колективна свест за одговорност во времето.



НОВА МАКЕДОНИЈА, 8 март 1986
Пишува: Ванѓел Божиновски



# ЧУДЕСИЕТО НА СВЕТИТЕ МЕСТА

*"Што се однесува до другите луѓе толку малку се свесни за она што го  ч и н а т додека се будни, колку што не се сеќаваат на она што го чинат додека спијат"*
*Хераклит*



Во времињата што се зад него, беше млад архитект, а потем и професор, постојано ангажиран и длабоко загледан во "модерната архитектура". Тоа беа времиња кога имаше "решителни" мислења и "соодветни" решенија.

... Кога го поканив да зборува за својата книга, ме потсети на ренесансните мајстори; белокосиот пензиониран професор, градител и творец според писанието на третата вечер, сега сосема сам наполно свртен кон милениумите што се "зад нас" и во нас, зборуваше како да сонува; одмерени, прецизни и кратки реченици што прилегаа на исповед; признание натопено со длабока сета за "модерните времиња" што ги живееме денес и нивната архитектура. Сонот што ги беше обземал неговите години веројатно му помогнал уште еднаш, само сега поживо од времињата на неговата младост, да ги види делата на старите мајстори. Нивните чуда во архитектурата за него беа единствената вистина... се сетив на Хераклит: додека сме будни (млади) како да не сме свесни за тоа што го чиниме и создаваме, наспроти делата што ги препознаваме и потем и оживуваме во сонот (во самотијата на годините што ни преостанале).

На 17 декември, во просторот на Народната и универзитетска библиотека Св.Климент Охридски, беше промовирана книгата на професорот инженер и архитект Борис Чипан: "Св.Софија, Катедрален храм на Охридската архиепископија". Како е создадена или низ сонот откриена оваа жива книга? Која е основната нејзина мисла? Каква "порака"

таа нам ни предава? Во што се состои нејзината возбудлива структура? И конечно, што е тоа катедрален храм и кои се нашите обврски кон него?

Оваа книга - портрет со мошне драматична внатрешна слика за Логосот како универзален принцип и единствен фундаментален знак на карактерот на внатрешниот портрет, е пред сé одблесок на творечката осаменост. Тоа е онаа осаменост кога творецот, по некои непишани правила и само нему препознатливи чувства ќе го испише својот духовен тестамент. Ќе го запише аманетот на сопственото живеење и создавање што прилега на последната причест... и во тој миг неговата душа чувствува олеснување, мир и спокојство. ("На почетокот беше зборот и тој постана тело").

Со исклучителна прецизност во севкупната композиција, оваа чудесна книга го започнува својот говор токму низ исповедувањето. (Зарем секое вистинско дело на духот не е и истовремено длабоко исповедување?)

"Растев во еден град каде на секој чекор се сопнував од остатоци на историјата. Во дворот на мојата куќа стоеше камен со натпис со непознато писмо пред кој баба ми палеше свеќи". Така ја почнува својата исповест Борис Чипан. Историјата што го сопнувала во неговиот град, таа жива наука, што не се учи од "професионалните историчари" го упатила на бабите и дедовците негови и наши; од нивните поклоненија пред светите камења со непознато писмо, од нивните верувања во чудесата на светите места и од убавината на езерските самовили што ноќе го прелетувале градот, тој ја учел историјата. А тоа не е ништо друго туку единствениот пат на личноста кон космичките пространства на тајната наречена творештво. Тоа е мошне специфично чувство за слободата на својата мисла.



"Света Софија беше мистерија на моето детство, а сега е тага по годините што одминаа" - вели некогашниот професор. Мистеријата на детството на овој наш познат архитект, НЕГОВАТА СВЕТА СОФИЈА, прераснала во тага по годините што изминале и токму таа тага е основниот драмски заплет во севкупноста на внатрешната загледаност во сопственото битие на авторот! Низ таквата тага се препознаваат и сенките на судбината на еден творец. Тагата и мистеријата кај творецот зарем не се дел од оној чудесен фрагмент на темниот Хераклит: "Јас се запрашав самиот себеси: што е тоа што го чини основниот принцип на Универзумот, принципот на Бога и човекот, или со други зборови, јас одговорот на тоа прашање не го побарав од пророчиштето, ниту од човековата мудрост, туку само од сопствениот интелектуален напор". И ете тука, според мое длабоко верување, е и сета тага по изминатите години и по нивната мистерија препознаена во некоја слика, книга или храм. И токму ова прашање и ова негово значење упатуваат кон една единствена цел, што го измачувала и сеуште го измачува човекот со неговите внатрешни милениуми; а тоа е ВИСТИНАТА! Еве што вели Борис Чипан за неа: "Во незнаењето столетијата се нешто

бесконечно долго, а со познавањето, тие се чинат кратки епизоди на постоењето. Ако во паметењето се вратам само во моето детство, сум нурнал во времето само за едно, а со расказите од родителите, и цели две столетија на реално постоење. Дали со такво нуркање во времето, потпомогнат од забележителни траги на тогашните луѓе ќе ја пренесам и сопствената личност толку длабоко во милениумите за да ја видат вистината".

Книгата на Борис Чипан "Света Софија, Катедрален храм на Охридската архиепископија" е потрага по вистината на творечкото човеково битие и сите негови искушенија низ кои тоа минало. И ете ја драмата со почеток, кулминација, но и со неизвесна катарза. Неизвесна, зошто прашање е доволен еден човеков животен век исполнет на почетокот со разноразни определби, афирмации и заклучоци што однеле премногу време; а за вистината одеднаш останале само годините од трошната старост. Но, можеби токму тогаш е возможно ТАА ДА СЕ ВИДИ!

Книгата е компонирана низ шеснаесет поглавја. И низ мошне едноставни реченици и крајно возбудливи цртежи со користена соодветна литература, се трага не само по надворешните архитектонски значења на храмот, туку и по оние внатрешните.

Мошне прецизно и со соодветна јасна методологија се истражуваат хоризонтите на изградбата на храмот.

Сето тоа е поткрепено со соодветни археолошки наоди од оној првиот, до четвртиот хоризонт. Мислата е јасна, имагинацијата е присутна и темелно го осветлува секој археолошки податок. Градежниот опус на храмот и неговите карактеристики водат мошне возбудлив дијалог со силни и моќни владетели. Тој дијалог е жива слика, меѓу другото и за значењата на хелинистичкиот полис и неговата семантичка композиција. И токму на овој план архитектот Борис Чипан извонредно го користи цртежот и неговите значења. И така, од страна до страна, од цртеж до цртеж се раѓа духовниот портрет на храмот - зграда. А низ него и портретот на авторот на оваа книга. Така во нашата свест се населува и проблеснува основната мисла на оваа книга: ДА СЕ СПОЗНАЕМЕ КОЛКУ Е МОЖНО ПОДЛАБОКО СЕБЕСИ, И СОПСТВЕНАТА КУЛТУРА.

"Мнозина од нас не си ги познаваат своите дедовци и баби. Време е да се пресоздадеме во чинари што траат со милениуми, да ги разгрануваме корените, подземните гранки на историјата" - подвлекува авторот. Да, историјата, онаа над земјата ја пишуваат луѓе, во онаа под земјата одамна е испишана од небесниот бескрај. И благодарејќи токму на таквиот однос кон историјата, Борис Чипан само уште посилно ќе ги подвлече своите морални, етички и естетски основи на градител и творец. А во тоа ќе му помогне педесетгодишното дружење со прекрасната "Св. Софија". Кога делото се создава врз такви основи, тоа само уште еднаш ќе ни ги покаже значењата на сите непреспиени ноќи, живата

мисла патува со невидена брзина наназад и нанапред, претворајќи го јавето во сон, а сонот во дело. Пред нас низ оваа книга искрснуваат часовите на мошне внимателната опсервација врз ликот на секој камен, врз секоја вградена тула; низ нивните ликови ќе ги насетиме и ќе ги видиме разните несреќи низ кои ќе минат народите на овие пространства; земјотреси и војни; и потем доаѓањето на Словените. Низ архитектонските цртежи ќе ја доживееме основната организација во архитектонска и урбанистичка смисла на Лихнид, а потем и Охрид. Геоморфолошката слика низ нејзиниот вонреден опис ќе ни ги открие сите прифатливи тези низ кои авторот ќе ја оправда сопствената мудрост, ќе го покаже огромното свое познавање на архитектурата и ќе ја заклучи со факти својата анализа.

Македонската архитектура, со ова дело на Борис Чипан, се збогати со уште едно неодминливо здание, овој пат изградено со збор и цртеж. Неговата порака е недвосмислена: само вистинскиот творец е во состојба да ги открие сопствените корени и да ја подвлече и афирмира нивната универзалност. Катедралниот храм "Св. Софија" што ни го открива оваа книга е олтар пред кој ќе мораме да ја продолжиме нашата најдлабока и најискрена исповед. И токму таквата исповед е аманет што ќе мораме да го пренесеме на идните поколенија. А тој не се заслужува без макотрпен и длабок творечки напор.

И пак се сеќавам на темниот Ефежанин и на еден негов фрагмент: "Тешко му е на човекот да се бори против своето срце. Зошто сето она што тоа ќе го посака, ќе го купи и по цената на својата душа". Оваа книга нејзиниот автор ја купил токму по таа цена. И затоа е таа жива!



.... Им зборуваше на студентите од сопствената духовна книга; не од онаа што е со закон препорачана и усвоена од разноразни рецензенти и уредници. А да се говори од духовната книга на сопствената личност е можност барем малку меѓу другото и да се исправат заблудите од младоста; тоа значи дека постојано треба да се учи и проучува. На студентите им рече: "Историјата да ја учите од Стефан Цвајг, од Достоевски. Музиката, литературата и поезијата се подрачја што секој студент на архитектура ќе мора добро и темелно да ги познава". И уште им препорача во секој нивни џеб постојано да се наоѓа блокче и молив. Зошто, продолжи тој, архитектот само цртајќи го осознава светот и човекот во тој свет. Цртајќи ја учи историјата, литературата, театарот, музиката и просторот во нив. Тишината што се беше населила во ателјето додека зборуваше професорот само уште еднаш ме сети дека и учителот ќе мора постојано да учи ако сака да подучува и да го шири знаението. И, ВЕЛИЧЕСТВЕНАТА МАКА ШТО ПРОИЗЛЕГУВА ОД НЕГО.

НОВА МАКЕДОНИЈА, 8 јануари 1997
Пишува: Владимир Георгиевски

■ Печатењето на ова издание е финансиски помогнато од Министерството за култура на Р. Македонија.

■ Цртежи и избор на фотографии: Борис Чипан

■ Превод од француски и српски: Борис Чипан

■ Статиите печатени во македонските изданија на периодиката и дневниот печат не се лекторирани. Лектура е направена само на текстовите кои се преведени од француски и српски јазик.

■ Лектор: Сузана Стојковска

■ Тираж: 600 примероци



CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

72-05 Чипан, Б. (082)
72(082)

ЧИПАН, Борис
Текстови за архитектурата / [текст, цртежи и избор на фотографии] Борис Чипан, - Скопје : Архитектонски факултет, 1998. - 220 стр. : илустр. : 25 сн

ISBN 9989-9906-2-X

а) Чипан, Борис (1918-) - Зборници б) Архитектура - Зборници

■ Според мислењето на Министерството за култура бр. 07-6832/2 од 18. 11.1998 год. за книгата "Текстови за архитектурата " се плаќа повластена даночна стапка.



Роден 1918 во Охрид. Матура и диплома во Белград 1941. 1945-1949 градежна оператива. 1949-1959 Основач и прв директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата. 1949-1983 хонорарен и редовен професор на Архитектонскиот факултет, Скопје. Архитектонски проекти, научни публикации.

Награди: „7 Ноември“ Охрид
„11 Октомври“ за животно дело
„Борба“ награда за архитектура
„Андреја Дамјанов“ САМ